**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Четириесет и втората седница**
**на Собранието на Република Македонија**
**одржана на 7 ноември 2003 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на РМ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со работа по 42-та седница на Собранието на РМ.

Пратениците Ангелка Пеева - Лауренчич, Зоран Крстевски, Есад Рахиќ, Слободан Чашуле, Петар Наумовски, Марјан Ѓорчев, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Фазли Фелиу, Али Ахмети и Замир Дика ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Пред да продолжиме со расправа по точката на дневниот ред, би ве молила да се договориме за текот на денешната седница.

Се извинувам затоа што почнувам со задоцнување, меѓутоа, имавме консултации со повеќе пратенички групи, со координаторите на пратеничките групи за тоа како денеска да ја завршиме седницата и да ги усклaдиме интресите. Така што вчера ве замолив да размислите сите за тоа како да го интензивираме работењето, затоа што во понделник Владата на Република Мора да ја има веќе својата прва работна седница во новиот состав. Така што ние до тогаш треба да ја избереме новата Влада и до тогаш значи треба да се завршат дискусиите.

Мојот предлог би бил, кој што мислам дека го ускладивме со најголем дел од координаторите на пратеничките групи е следниот: денеска ќе работиме до подоцна. Имено, имаме пауза од 13,00 до 14,00 часот и од 16,15 до 17,15 часот и ќе работиме додека има нормални услови за работа. За тоа може, евентуално за времето да се договориме дополнително, по можност што е можно подолго, по можност да се обидеме денеска да ја завршиме седницата. Доколку тоа не биде возможно, продолжуваме со седница утре од 10,00 часот исто така до завршување на седницата.

Денеска е Митровден, од вечерва започнува и утре е Митровден. Така што постои можност, доколку некој планира да оди вечерва на визита да оди, а утре да се пријави за дискусија. Значи постои спремност од претставниците и на муслиманската вероисповест, колегите кои што беа консултирани, денеска иако е месец на Рамазан да продолжат да работат се додека е возможно.

Значи, мислам треба да бидеме, тоа е толеранцијата,, впрочем сите да ги ускладиме нашите потреби, нашите интереси за општо добро. Значи, треба да се заврши работата, а да се почитуваат потребите на поединците и на заедниците.

Ова би бил мојот предлог, денеска да работиме додека можеме, да видиме како ќе оди дневниот ред, ако не успееме вечерва, продолжуваме утре. Инаку, со оглед на тоа дека се пријавени поголем број на дискутанти од позицијата, имаме договор да се повлечат најголем дел од нив. Така што, да се остави што е можно повеќе време за опозицијата да се изјасни во однос на точката што е на дневен ред.

Дали со ова се согласуваме.

Господинот Макрадули бара збор процедурално.

Повелете.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитувана потпретседателке, министри, колешки и колеги пратеници,

Во интерес на предлогот што го дадовте, на листата има пријавено 15 пратеници од Социјалдемократскиот сојуз. Социјалдемократскиот сојуз ќе остане на три дискутанти се во интерес да се заврши расправата денеска.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Значи, со ова се договараме, дека одиме вака и да продолжиме со дискусиите.

Процедурално за збор се јави г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодрам потпретседателке.

Прво би сакал да истакнам жалење што предлагачот на точките на дневниот ред, г-динот премиер или потпретседателката на Влада не се тука, значи, би требало да се присутни на почетокот на седницата.

Инаку, би сакал на сите православн верници да им го честитам празникот Св.Димитрија, значи вечерва е заслуг, знаеме дека е утре празникот, значи бараме оваа седница денеска да заврши во еден разумен рок како би можеле правозлавните верници

да го чествуваат овој празник исто и соодветно како што беше за муслиманскиот празник Бајрам.

Според тоа, ние како пратеничка група бараме да не се работи до доцните часови, се со цел да се изврши и оваа обврска. Инаку, ние, како пратеничка група, пак ќе го искажеме овој револт, со оглед на тоа што немаше посебна точка на дневен ред за Извештајот за работење на Владата, за Едногодишниот извештај од работата на Владата и затоа се создадоа овие, да не речам цејт-нот времиња, за да мораме ние во овој термин да ја избееме Владата. Значи, имаме разбирање дека Владата треба да се избере, да нема вакум во функционирањето на Владата на Република Македонија бидејќи тоа не е добро за самата држава, меѓутоа сметам дека предлагачите на овој дневен ред самите го направија тоа. Доколку имаше посебна точка, посебно ќе се изmethod министрите, посебно ова ќе беше така што ќе можевме за извештајот на Владата да работиме и 10 и 15 дена, парламентот, а Владата во меѓувреме да си функционира.

Влагодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ако добро Ве разбрав г-дине Трјановски, значи пак се усогласивме според договорот. Тоа значи дека не мора да се работи до 12 на полнок, туку до некое пристројно време, доколку ќе може да има нормални услови за работа.

Во ред, значи продолжуваме тогаш.

Прв дискутант. . .

(Реакции во салата)

Требали да гласаме за ова или?

Колеги, дали се договоривме за ова?

(Реакции во салата)

Да гласаме.

Ајде да гласаме тогаш за предлогот.

Кој е за?

Предлогот е да работиме . . .

(Реакции во салата)

Да се слушнеме.

Јас мислам дека се разбравме со координаторите, поради тоа го повторив, но еве уште еднаш.

Значи, денеска ќе се обидеме да ја завршиме седницата. Ако не успееме денеска ќе продолжиме и утре од 10 часот.

Со тоа што денеска би работеле со паузи од 13,00 до 14,00 часот и од 16,15 до 17,15 часот и доколку побарате некоја кратка пауза од 10-15 минути, подоцна во текот на вечерта и да видиме, додека изразите спремност да може да се работи.

Процедурално г-динот Трајановски бара збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Потпртседателке, ние не се согласуваме да утре се продолжи со седницата, доколку не заврши денеска со оглед на тоа што е утре Митровден, Св. Димитрија. Тоа му е ударниот ден.

(Реакции во салата)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, тогаш значи, г-дине Трјанов, тогаш ако добро ве разбирам, на ваше барање да ја завршиме седницата денеска.

Го преформулирам предлогот да работиме денеска до завршување на седницата.

Предлогот го ставам на гласање.

Присутни има, има кворум.

Гласале 59 пратеници, 53 гласале за, 1 воздржан и 5 против.

Констатирам дека се договоривме за начинот како денеска ќе работиме.

Му давам збор на г-динот Љубисав Иванов Ѕинго како прв дискутант денеска.

Повелете.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Госпоѓо потпретседателке, другарки и другари, г-дине министер и г-да идни министри,

Јас еве, што ретко го правам тоа, денеска сакам да кажам дека двата дена додека се расправаше по овие две точки бев упорен, седев во пратеничката клупа и ги пратев сите дискусии тука што се водеа во парламентот. Упорно ги следев очекувајќи од вас драги пратеници дека ќе го напуштиме стариот шаблон и дека ше пристапиме кон оперативна работа и корисна работа. Дека ќе се обратевме према досегашните пратеници кои остануваат во Владата и до новите пратеници и ќе им сугерираме што да направат во своите министерства, за излегување од овие тешки состојби во ки што се наоѓа македонската држава.

За жал, како и многупати досега, непрекинато за овие 13 години целокупната дискусија се претвори во тоа кој, коку, кога, на кое место, најмногу им наштетил на македонскта држава, која Влада, која партија, која личност итн. Ова веќе е пракса 13 години. Се менуваат само актерите, веројатно и пишувачите на говорите, меѓутоа, стилот, методот, начинот на работа не се менува.

Според тоа, онаа мисла потврдена и во праксата “панта реи” се тече, се се менува, промените остануваат константни, овде не важи. Таа некаде е зауставена на зидините на овој парламент. И, како резултат на сето тоа ние имаме денешните состојби. Затоа што не се занимаваме со практични работи и не предлагаме решавање на проблемите, туку непрекинати меѓупартиски пресметки, навреди, омаловажувња и се што не е добро за овој парламент и за овој народ.

Затоа, почитувани пратеници, јас ќе ве потсетам на она што го имавме а денеска како тоа излгледа.

Ние имавме мир во државата, слобода и демократија. Можевме слободно да се движиме низ државата насекаде. Беше заштитена имовината, домовите на луѓето, приватноста. А, доживеавме војна, сместена во овие наши 13 години, војна која и ден денеска нема права оценка, зошто дојде до неа. Војна која однесе многу животи и ден денеска се незнае колку се тие многу ранети, многу инвалиди, војна што предизвика егзодус на луѓето и Албанци и Македонци и Турци, и Влади, од сите народности. Војна која ни донесе огромни материјални загуби, војна за чии последици не сме свесни и понатаму.

Имавме едноумије, но во тоа едно умије имавме дисциплина, ред, поредок, почитување. Дојде до повеќе умије, но, повеќетоумије внесе хаос и без умије.

Имавме социјалистичко самоуправно демократско општество во кое што граѓаните беа згрижени и живееја добро. добивме капиталистичко општество, општество со корупција и лоповлук од сите врсти, сите бои.

Имавме здравство пристапно за секој човек, модерно здравство, со највисок степен на развој. Нашите лекари стекнува обуки во најсовремените медицински центри во светот. Денеска имаме здравство руинирано во кое нема пристап обичниот човек, работникот, селанецот. Имавме висок степен на образование, по европски теркови, од каде што и ние произлеговме, почитувани пратеници, признаено од светот. Денеска тоа образование е во хаотична состојба, до крај исполитизирано, па и децата веќе влегоа во политика од основното образование па натаму, со многу афери, со многу неизвесности.

Имавме пасош со кој можевме да патуваме низ целиот свет. Имавме отворен прозорец кон светот. Денеска “Берлинскиот ѕид” практижно е померен према македонските граници. Денеска полека Македонија се претвора во затворена енклава, со тенденција на потполна изолација.

Имавме држава самостојна, суверена држава што одлучуваше за својата судбина. Денеска тоа го одлучуваат други за нас.

Имавме држава со морал, со етика, со интегритет, со авторитет, а денеска имаме држава во кое владее лицемерие, нечесност, непоштење итн.

Имавме силна економија, со висока продуктивност и економичност која не само да се редуцираше себе, туку оствруваше и фондови за својот рзвој. Имавме економија што беше пред сите земји соседни, па пред сите земји источни.Таа економија ни обезбедуваше и стандард и живот и егзистенција и функционалност итн. Денеска имаме руинирана економија. Денеска таа економија е фрлена на колена.

И нема крај, ако продолжам што имавме, а што имаме сега затоа ќе продолжам да кажам дека имаме сили, имаме луѓе кои можат да ја извлечат оваа земја од оваа состојба. Ама тие прави луѓе треба да дојдат и на прави места.

Јас лично очекував дека господинот премиер ќе изврши позначајни промени во Владата и ќе пристапи кон формирање на влада експертска од луѓе кои немора да припаѓаат на партиите кои што владеат, кои немора да припаѓаат и на партии кои што се во опозиција, од луѓе кои се стручњаци, способни со огромни знаења, капацитети, кретивности и така натаму, за да направат пресврт во сите сфери на нашето живеење.

Меѓутоа, има одредени настојувања во одредени сектори состојбите на некој начин да се поправат со нови луѓе. Најкатастрофалните последици и најкаратасрофалните состојби беа во сферата на економијата, во економскиот сектор. Гледам човек тука кој е предложен на тоа место, за кого што велат граѓаните во Карпош дека направил многу за таа општина. Велат човек булдожер. Да не ми се налути. Затоа ќе зборувам за тоа што треба да се направи во таа сфера и во тој домен за да излеземе од овие состојби. За нас најголем проблем е проблемот на вработувањето. Врзано со тој проблем е проблемот на големата сиромаштија. А пак недоврзано на сето тоа, како резултат на неразвиената економија е проблемот со големиот дефицит, надворешен дефицит на Македонија. А уште понатаму, тој проблем е усложнет со тоа што ние практично немаме инвестиции веќе 13 години.

Според тоа, ако тој проблем сега е најголем во вработувањето и ако имаме армии невработени, не армија, армии, јас не сакам тука да оперирам со бројки, затоа што тие се најразлични. Дали е тоа 385.000 невработени или 400.000, или 450.000, не е тоа толку битно, затоа што и таа бројка која што фигурираше тука е страшна. Тогаш се поставува прашањето зошто не се пристапува кон разрешување на овој голем проблем кој ја оптоварува нашата држава. А тој проблем не е толку наметнат овде во Парламентот, колку на пример веќе за него сериозно се разговара во Брисел, како страшен проблем кој ја зафати оваа држава. Тоа имате прилика да го прочитате во печатот. Ако е тоа таков проблем, а таков е, неможе никој да го порекне, бројките се неминовни, тогаш има ли

Владата проект за разрешување на тој проблем. Морам да кажам дека нема. Затоа му предлагам на новиот министер кога ќе го избереме и на Владата во тој поглед да му даде целосна поддршка да изработи една студија и проект за разрешувањето на тој проблем. И тоа за брз развој на оние делови на економијата и стопанството, кои акумулираат работна сила, а тоа значи трудоинтензивните гранки. Трудоинтензивните гранки ќе живеат во Македонија уште наредните 15 години. Ние ќе живееме со нив. Тоа се гранки во кои што се најмали инвестициите, за кои што чие производство има пазар и кој набрзо можат да се ефектуираат, затоа што веќе и постои огромна инфраструктура, изградена, поставена, затоа што располагаме со таква работна сила. Да ве потестам дека преку 60-70% од невработените се полуквалификувани или неквалификувани. Према тоа, тука треба да биде ударната точка со ефикасни и практични мерки.

Друга голема област, често пати знам да го кажам, огромната фабрика без покрив, тоа е земјоделието. Земјоделието во кое што се ангажира огромен дел од населението и кое се појавува и на јаслите на Заводот за вработување и кое што практично е најсиромашниот дел на народот. Ние имавме богато, големо развиено земјоделие и богат селанец. Имавме села чии што денеска ги гледаме изградени модерни куќи. Испред тие куќи се наоѓаа трактори, комбајни, приклучни уреди, имавме огромно производство во тој дел и во таа гранка во земјоделието. Ги имавме во претходниот период развиени сите дејности и сите дејности беа поврзани по вертикала. А тоа значи примарно производство, тоа значи преработка, тоа значи реализација, пазар. Тоа не беше изум на социјализмот и на тој систем во кој што живеевме. Тоа е изум и денеска се применува во капиталистичкиот систем. Јас сум посетил голем број такви системи. Ќе ви кажам само за еден во Данска каде што неделно се колат 50.000 свињи. Произведувачите на свињите се фармери илјада и илјада. Преработувачите на свињите се фабрики кои се трудат и за реализација на производството. Договорени се цени во кои се откупуваат свињите и им се плаќаат на производителите. Меѓутоа, откако ќе се заврши годината и циклусот, доколку има во сферата на преработката и и реализацијата акомулација, профит, тогаш се дели на сите поддеднакво. Ние не треба сега во таа област да измислиме нешто ново. Светот тоа го измислил и ние тоа треба да го примениме во сите сфери, во сите домени, во целата структура, не само во производството на месо, туку и во производството на тутунот, во производството на шеќерната репка, во производството на пченицата, пченката и така натаму.

Понатаму, треба да го проучиме системот на кредитирањето на земјоделието. Тој систем е пристапачен да се проучи. Тој не е затворен, тој не е непознат. Таму се кредитира од почетокот до крајот. И како се кредитира? Не се кредитира со средства,

туку со материјали. Ако се работи за производство во кое што е потребно нафта, се дава нафта точно пресметано према хектарите на земјата со кое располага домаќинството. Семенски материјал, заштитни средства, ѓубрива и така натаму. Кредитот го враќа производителот во моментот кога стоката ќе ја продаде на државата, на државни резерви или на преработувачите, кои сега му исплаќаат на производителот, а тој преработувач понатаму го превзема кредитот. Според тоа, ние мораме да влеземе во таа битка, затоа што ние ја отворивме нашата држава, ние воведовме пазарна економија, ги укинавме царините, ги укинавме режимите на увоз и мораме на нашиот човек, на нашиот земјоделец да му обезбедиме исти услови, како што тоа го обезбедува конкуренцијата. И премии и други бенефиции и форми и начини на заштита на домашното производство и да ориентираме голем број луѓе да се занимаваат со оваа гранка. Не е ова долгорочна правилна политика, таму да се ангажира голем дел од населението, затоа што со високата механизираност, која денеска се воведува во светот, се помалку луѓето работат во земјоделието, а се повеќе во индустријата и во услужните дејности. Меѓутоа, тоа во Македонија треба да се достигне прво со високиот развој на оваа гранка и второ, со големиот развој на индустријата и на другите дејности. Према тоа мораме ние брзо во тој поглед да ги направиме големите чекори и таа област може во голема мера и да ја намали сиромаштијата и да го намали бројот на невработените, а исто така и да оствари производство кое ќе го спречи увозот, огромниот увоз на земјоделски производи. Погледнете вие во супермаркетите 80 до 90% се производи од увоз. Зголемувајќи го извозот и смалувајќи го увозот низ разни форми, пред се, до домашно производство, квалитетно производство, еколошки чисто производство и така натаму, ние го решаваме проблемот на големиот дефицит. Го смалуваме, го ублажуваме тој проблем преку оваа гранка. Јас во тој поглед го молам премиерот, затоа што не го гледам министерот тука да ангажира луѓе, експерти и од практиката и од теоријата. Повеќе од практиката кои ќе ги направат овие решенија.

Во својот реферат господинот премиер предложи правци во кој би се развивала Македонија во идната година. Јас не сакам ништо да оспорувам од тоа. Јас не оспорив ниеден закон кој имаше квалитети на решавање на економските проблеми. Кои имаат дури и многу недостатоци за кои што јас зборував дека треба да се отстранат. Поддржувам секоја мерка во правец на развој на економијата. Меѓутоа, тоа не е доволно. Не е доволно во правец на разрешување на овие проблеми. Јас немам ништо против да се формираат и безцарински зони. Немам ништо против да се прават и индустриски зони. Меѓутоа, ние имаме во секој град индустриска зона. Во најмал град низ цела Македонија ние мораме да ги активираме тие индустриски зони. Мораме да видиме секоја фабрика

зошто е доведена во таква состојба. Мора да ја видиме судбината на секоја таква фабрика има ли излез. На какво производство треба да се преоентира. Има многу прозиводни капацитети за чии што производи има голем интерес. Но тие, во овој временски период западнаа во тешка економска состојба. И од објективни и до необјективни причини каде што мислам дека главниот фактор беше човекот,човечкиот фактор. Сега тука Министерството за економија сметам дека треба да направи тим од луѓе занаетчии, не од овие шпекуланти кои се збогатија на овој или оној начин, туку луѓе што изградиле, направиле, создале, креативни луѓе, паметни луѓе, чесни и така натаму. И да видиме може ли оваа фабрика која е изградена и во која се вложени огромни пари да се активира или не може. Ако неможе со тоа производство, со кое може. Да не стојат тие фабрики во кои што чавките носат јајца и пропаѓаат, а изградени се, вложени се огромни пари. Понатаму, ние мораме да видиме кој град е доведен веќе до тотално пропаѓање и како можеме да го спасиме тој град.

Типичен случај е Пробиштип. Еден најразвиените градови во Југославија, не во Македонија, на четврто, петто место, денеска е во тотална агонија. Рудникот затворен, фабриките не работат, земјоделието пропаднато, а образование луѓе, окфалификувани луѓе итн. Па, можеме ли ние да дозволиме како држава, како општество да го доживее Пробиштип, или многу градови во Македонија како Пробиштип, судбината на Галичник. Не смееме да дозволиме.

Ние треба да им пријдеме на проблемите практично. Не повеќе теоритизирање, не повеќе на глобален план, туку на еден навистина паметен, умен, реализаторски план кој ќе даде ефекти. Сега ќе ми кажете вие мене и некој ќе ми забележи, па овој Ѕинго се враќа на некое планско време. Време кое ние го откачивме. Па, не е точно тоа господо.

Светот е комбинација измеѓу планско производство и пазарна економија. Секаде во светот се планираат процесите и во сите области, и во индустријата и во земјоделието. Вие имате во светот, во развиениот свет комплетно каде што е точно испланирано, на пример во земјоделието што ќе се произведува, на кои места, каде ќе се произведува и кои делови од земјоделието оваа година нема ништо да произведуваат, за да одмори земјата.

Друго, секоја држава, поедини гранки кои се и од значај, како што зборував сега за трудоинтензивните гранки, таа со разни методи и средства ги форсира тие гранки. Според тоа комбинацијата измеѓу планската и пазарната економија е присутна во најразвиените земји. Или пак обратно. Дестимулирање на одредени производни капацитети, гранки итн, поради еколошки или други причини. Според тоа ние сега треба,

од утре мислам дека за прв пат, а Бранко го познавам веќе 13 години да прозбори за реалните состојби. Тој на својот Централен комитет, тоа го прочитав во печатот, кажа дека Владата оваа година не беше решителна, не беше подготвена и упорна за разрешување на проблемите. Завчера во својот реферат кажа “ако ме прашате дали грешевме одговорот е да. Ако ме прашате дали ги дадовме посакуваните резултати одговорот е не”. За прв пат, што е многу битно не се осврна на објективните фактори, туку на субјективните фактори, а тоа значи на човекот како чинител и како субјект на решавање на тие проблеми. На тој начин ако ние започнеме со еден огромен развој, или во земјоделието, посебно во примарното производство, а потоа во агро индустрискиот комплекс каде што постојат големи можности за изградба на т.н. мали и средни капацитети, кои уште и ако може да имаат двојна улога тогаш ние ќе создадеме можност да се развива и градежништвото, да се развива и сообраќајот, да се развиваат и сите други дејности, затоа што сето тоа е поврзано едно со друго. Ако Македонија се претвори во големо градилиште тогаш се развиваат и оние гранки кои што ја пратат градежната индустрија. Меѓутоа, ние треба да ја развиваме високата технологија. Паралелно, но за тоа треба и многу пари, за тоа треба и многу квалитетни луѓе. Мене ме чудеше, во печатот читам некој Микросан се пуштил во висока технологија во Прилеп, а не може да извезува затоа што произведува индустриски компјутери кои можат да се употребуваат и за воени цели.

Ако тргнеме од таа логика и гравот се употребува за воени потреби. Војската најмногу троши грав. Па, затоа ќе бидеме ли ние робови и ќе се занимаваме само со робовска работа. Можеме ли ние да му кажеме на секој откупи го производството ако мислиш дека некој ќе го употреби во други цели. Ние мора да се ослободиме од притисоци и влијаниеја. Кај нас завладееја многу мулти националните компании, кои што своите влијанија ги реализираат преку разни дипломатски канали итн. Ние треба да бидеме имуни и во тој поглед и да кажеме на секого јасно и отворено. Сега вие ќе поставите прашање, добро зборуваш ти да се развие ова, да се изгради ова, да се направи ваму така, онаму така, од каде пари? Вечитата дилема која што се поставува.

Прво, веднаш да Ви кажам дека јас не сум против странски вложувања и внесување на странски капитал, ама јас малку разликувам од некои затоа што сум повеќе реалиста. Затоа што знам дека странски капитал не доаѓа во подрачје во кое не се вложува домашниот капитал и во кое што постои одредена несигурност, посебно на безбедносен план. Според тоа ние сега мораме да размислиме како и на кој начин ќе обезбедиме средства. Многу не можеме да очекуваме од постојните фирми затоа што тие се доведени во оваа ситуација за која што зборував, меѓутоа промената на валутата од

марка во евро, покажа а тоа и така се проценуваше дека кај нашето население се наоѓа огромен капитал. Тогаш беа променети околу една милијарда евра. Веројатно тој износ е далеку поголем. Меѓутоа, тој капитал за да може да се користи треба да биде обезбеден низ разни форми. Една форма веќе постои со осигурувањето. Меѓутоа, Владата треба да размисли како уште повеќе тој капитал и тие средства кои банките би ги реализирале во стопанството за продуктивни производни капацитети уште поголема сигурност да внесе. Дали со својот капитал што го има во државата, во јавните претпријатија, како што е Електростопанство, како што се другите јавни претпријатија и затоа не би препорачувал тие претпријатија да се приватизираат, или на некој друг начин за кој што нашите експерти ќе дадат решенија. Тоа не е мал капитал, тоа е огромен.

Премиерот зборуваше за 200 милиони кои треба да се реализираат идната година, меѓутоа значаен дел од нив не е во функција на стварање на ново производство. Треба да биде во функција на стварање на производство. Нека се вложи, не треба да се бега од тој предлог. Но, ние сега треба да ги вложиме парите во производни капацитети, да имаме производство, производство за домашен пазар, производство за пласман надвор. Мораме ние први да почнеме со инвестициониот циклус во земјата, во државата, за да тоа биде поттик да доаѓа капиталот однадвор.

Понатаму, во обезбедувањето на средства мислам дека треба да се размисли девизните резерви кои се држат во разни банки, можеби во неколку банки во Европа и во светот да бидат како гаранција за добивање на кредит. Јас ова го пласирам само како идеа, а мислам дека е идеално остварливо.

Трета работа за која јас инсистирав во Парламентот е да се види колку одобрени кредитни линии или грантови постојат во државата, а не се користат. Тука е новиот министер и ми се чини дека прво тоа треба да го направи. Јас поставував и неколку прашања, а господинот министер ми одговори да го следам печатот и ќе прочитам таму. Се отепав читајќи по весниците и никаде не најдов, а знам голем дел од средствата стојат блокирани и не се користат. Не само да не се користат, туку и кога се одобруваат за користење се одобруваат под такви услови кои што практично уште во стартот онака одобрени нема шанса да се вратат како за временскиот период на враќање, така и каматните стапки. Денеска каматата на Запад која се вложува во производството не е изнад 4%, а во земјоделието тие се или без камати или со минимални камати. Ние и средствата што ги добивме од Светската банка ИФАТ аранжман кои ги добивме на 25 години, со 10 години грејс период, со камата 2-3% итн, прво не се пласираа со години и второ сега читам дека се пласираат со 7% камата на 5 години итн. Тоа во земјоделието не иде. Тоа земјоделие ние го правиме неконкурентно,

во стартот со инвестициите го правиме неконкурентно према земјоделието во развиените земји. Мора да се напушти таквата пракса.

Има грантови, на пример јапонски средства има грант. Луѓето ги дале без да ги враќаш, условите во инвестиции 3 години камата 7%. Што да произведуваш за 3 години да можеш да вратиш кредит? Кое произвдство? Мене не ми е познато такво производство кое ќе ствара таква акумулација.

Според тоа ние мораме да се сведеме на нормалата. Да проработи кај нас логиката. И јас еден од кандидатите да користам од тие средства, предложив 7 години со 5-6% камата, јапонците велат ние немаме ништо против, нашите министри велат ние не можеме да отстапуваме од принцип. Кој ѓавол принцип? Средствата стојат неискористени, или некој ќе ги земе и нема намера да ги врати, или не ги враќа.

Исто така постојат кредитни линии кај т.н. големи банки, Комерцијална, Стопанска, кои воопшто не се користат. Земени се под многу поволни услови, а ги нуди под услови кои што не можат да обезбедат производство, производство, рентабилно, економски оправдано и средствата стојат.

Петтата работа, за што Владата мора да најде форми, начини и методи, затоа ја има и Народната банка, иако е таа независна, каматите да се смалат. Значително да се смалат. Не може Владата да нема влијание на банкарскиот систем, иако е тој акционерски. Владата има канали, начини и методи како тоа да го остварува. Со такви камати кои што ги пласираат банките и самите немаат шанса да ги повратат парите, па затоа после се полни со хипотеки, и со производствени капацитети, со кои не знаат што да прават.

Според тоа, ние во државата мораме да имаме еден план, една стратегија, еден метод на решавање итн.

Знам дека некој ќе ми каже - чекај, ти знаеш ли што значи договор со ММФ. Многу добро знам. Еве сега имаме нов министер таму кој произлегува од нашиот Парламент. Од пратеник, па водач на пратеничка група, па претседател на Собрание итн, за кој мислам дека е доста умен, интелигентен итн, сега ако е малку недела дена, нека си земе 3-4 месеци период да се подготви за преговорите со ММФ. Тој сака виза ви себе да има јаки личности, не климачи со глава и тој ги прифаќа сите аргументи кои се здрави, кои се логични и кои значат нешто во правец на излезот на оваа држава од овие состојби.

Според тоа сега Владата, а ние како Парламент во тој правец треба да расправаме, а не да се клукаме, караме и делиме, да направи напори да оформи еден нов однос. Не ни е нас да немаме ние програми.

Имаат програми сите партии. Морам да кажам дека програмите не се лоши. Можеби е најдобра програмата на Социјалистичката партија, ама ние немаме и авторско право на неа, таа може да се земе, да се послужите. Меѓутоа, и другите програми се добри. Според тоа, нам ни недостасува ваква праткична реализација на тие програми. И сега, да ви кажам, тука беше спомнуван многу очајот, безизлезноста, бесперспективноста. Ве молам, таквите изрази да ги исфрлиме од нашиот вокабулар. Има голема надеж. Ова не е моја мисла па да кажам “надежта последна умира”. Значи, и таа не е бесмртна. И ако има таква надеж, ако има мажи да се зафатат за таа надеж, тогаш ние ќе излеземе од овие тешки состојби во кои се наоѓаме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму.

Сега на ред беа господинот Слободан Чашуле и Љубе Бошковски, меѓутоа, тие се отсутни и во договор со координаторот, со оглед на тоа дека господата од ВМРО-ДПМНЕ не се присутни и во согласност со договорот со координаторот на таа пратеничка група, да се даде максимална можност на опозицијата да се искаже, се заменети со други говорници.

Сега има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници,

Премиерот пред два дена, со неговото трагикомично експозе, настапи како психотерапевт кој им нуди на граѓаните доза на оптимизам и надеж дека ќе им биде подобро. Остави впечаток дека не треба да ја вреднуваме неговата работа и реалните состојби во државата, како што се најголемата невработеност забележана досега во Македонија, која и понатаму постојано расте, огромната сиромаштија, несигурноста и бесперспективноста, туку да го вреднуваме неговото лично чувство на најголем оптимизам што тој го има во последниве пет години, за да ни изгледаат и нам работите дека се подобри. Но работите не одат така. Пациент со болки да биде задоволен од докторот што се чувствува добро не е возможно. Работата на докторот се вреднува дури тогаш кога пациентот се чувствува подобро како резултат на неговиот ангажман. А за тоа колку е задоволен народот во Македонија односно мнозинството од народот од ангажманот на оваа власт зборува зголемувањето на сиромаштијата во државата,

зголемениот број на невработени, иако на многу предизборни митинзи ветуваа сосема подруга состојба.

Еве за пример ќе го посочам говорот на господинот Никола Поповски на митингот во Крушево, кој што кажа: “И она што е најважно, имаме програма за борба против невработеноста. Имаме програма која ветува дека можеме 30 илјади нови работни места да отвораме годишно”. Која е таа програма не видовме и не почувствувавме никакви резултати од неа. Само знаеме дека излажавте бидејќи, наместо 30 илјади нови вработувања, добивме 10 илјади нови невработени, од 374 илјади на 384 илјади невработени се покачи ројот во државата.

Наспроти укажувањата на опозицијата, го донесовте Бранковиот закон, за да ги поттикнете новите вработувања, но тој само после 10 месеци и 3 дена доживеа фијаско, не ја постигна целта за која беше донесен. Ги зголемивте давачките во државата, кои се прекршија на грбот на и така осиромашениот народ, иако им ветувавте намалување на истите.

Од земјоделците направивте социјални случаи, ги покачивте цените на репроматеријалите, значи се зголемија давачките, направивте односно придонесовте да се направат многу ниски откупни цени, иако им ветувавте помош на земјоделците. Меѓутоа, каква е таа помош која може оваа власт да им ја даде видовме пред неколку дена, кога се донесуваше Законот за тутун во кој што државата односно власта предлага да се откаже од грижата и за тутунарите.

Ги замревте активностите во градежништвото, а од макеоднските бранители и нивните семејства направивте социјални случаи. Не функционира правната држава, не се контролира територијата на Република Македонија. Да не зборуваме за раселените кои не се вратени и кои и годинава, оваа грејна сезона во прифатните центри ја пречекаа без греење, а да не зборуваме за хигиенските пакети и друга помош што порано им беше давана. Се палат новоизградените куќи и тн.

Наместо оваа власт да работи на зголемување на новосоздадените вредности и поттикнување на развој, се занимаваше само со распределба на создадените вредности, а континуитет на нивното претходно владеење е и стилот “живот на вересија”, бидејќи повторно ја задолжија државата, за да некоја идна влада се занимава со враќањето на нивните долгови. И да не ги набројувам сите вакви големи успеси на власта, зашто ќе стигнеме и до реформите кои ги спроведуваат во државата. А реформите, на пример, во администрацијата се сведуваат само на политичка пресметка со неистомислениците. Ако Владата, почитувани дами и господа беше заинтересирана да изгради модерна и ефикасна администрација, со структура, човечки ресурси и менаџмент во согласност со

европските стандарди, тогаш немаше да се занимава само со откуштања, туку ќе рализираше барем еден проект од твилинг програмата од Европската Унија, со која се предвидува експертска помош од Европската Унија за подобрување на ефикасноста на администрацијата преку пренесување на искуствата од земјите на Европската Унија или пак од земјите аспиранти за членство, кои веќе се наоѓаат пред вратите на Европската Унија. Не ми е јасно зошто досега оваа власт не го има направено тоа, кога постојано декларативно зборува за реформите. Единствено јасно ни е дека овде имаме расчекор меѓу декларираната цел за спроведувањето на реформи за влез во Европската Унија и ангажманот и капацитетот на оваа власт за тоа. Единствено јасно ни е на сите дека власта се ослободува таму каде што може од секој вработен кој што мисли дека политички не е подобен.

Како резултат на ваквото однесување луѓето живеат под постојана тензија од губење на работните места. Тоа е најстрашното оружје кое власта го применува против сопствената администрација, бидејќи таа така исплашена за своите работни места е под постојана уцена, ако не ги прават работите кои што и одговараат на оваа власт, ќе бидат отпуштени. Тогаш како државната администрација да се спротивстави на појавата на корумпираноста во власта, кога власта прави се да го оневозможи тоа.

Владата ја укина и Агенцијата за спречување на перењето на пари, која ја формира претходната власт. И ги префрли нејзините задачи на Финансиската полиција која е во зародиш и нема ниту можности ниту потенцијал, кадар да го следи тоа и да го открива перењето на пари, бидејќи за тоа е потребна посебна добро обучена стручна екипа. Со укинувањето на Агенцијата Македонија ја губи можноста и останува надвор од мрежата на вакви агенции кои ефикасно се борат против перењето на пари и кои што многу ефикасно разменуваат информации за сомнителните банкарски трансакции.

Ваквата одлука на Владата е во спротивност со препораките што ги има дадено Советот на Европа за спречување на финансискиот криминал, а нели, декларативно се залагаме за вредностите на Европската Унија. За да го сврти вниманието на јавноста од постојните криминални и корупциски дејанија во своите редови и криминалот пред 1998 година, сосема логично е што оваа Влада една година прави монтирани судски случаи, организира спектакуларни апсења и стана рекордер во утврдување на должината на притворот, односно на држењето на луѓето во притвор и тоа само на членови на ВМРО-ДПМНЕ. Ќе потсетам на говорот на господинот Црвенковски, при конституирањето на власта, кога кажа: “Ниедна постапка, ниеден процес нема да биде политички мотивиран и нема да има селективен пристап. Законот мора да важи и ќе важи за сите подеднакво, без разлика на политичка или етничка припадност”. За да бидат вистина неговите

зборови, нека посочи барем еден пример во кој е отпочната постапка за направен криминал и корупција пред 1998 година. И со каков образ сега повторно се зборува за истото, повторно се повторуваат истите зборови од неговото минатогодишно експозе.

Со тоа однесување власта создаде таква атмосфера во државата во која воопшто не се почитува едно од најсветите права во секоја демократска држава, а тоа е правото на пресункција на невиност, односно дека никој не може да се прогласи за виновен пред да се докаже неговата вина во регуларна судска постапка .Направи јавен линч врз луѓе само затоа што полицијата покренала постапка и обвинителот поднел обвинение.

Зошто и беше тоа потребно на оваа власт? Да го одвлече влијанието на народот од тоа што ништо не прави за негов подобар живот, туку постојано го замајува со спектакуларни вести што ќе му покажат на народот дека нешто работи, но истовремено и за да ги понижи луѓето, да им влее страв, посебно на оние што се притворени, но и да му покаже на народот дека извор на сето зло во државата е ВМРО-ДПМНЕ.

Меѓутоа, господинот  Црвенковски заборави дека оваа атмосфера на правна несигурност кај граѓаните, на која што предупредија и Хелсиншкиот комитет и мнозина експерти и адвокати, и невладини организации се рефлектира врз странците, кои што гледаат дека македонската држава е држава во која не можат да им бидат гарантирани основните човечки права и слободи. Зарем тоа оди во прилог, почитувани дами и господа, на правењето една добра приказна за Македонија што треба ние да им ја продадеме на европјаните, а за која што само пред месец дена зборуваше госпоѓицата Шеќеринска. Зарем во прилог на таа добра приказна за Македонија оди и партизацијата на судството и непочитувањето на приватната сопственост како светост, што го спроведува оваа власт. Насилното упаѓање во приватизираните фирми во името на ревизија на приватизацијата, во фирми каде што вработените редовно земаа плата, каде што успешно работеа, а сега ги втурнаа во стечај и ги однесоа пред Заводот за вработување. Бројни се примерите кога во легално купените претпријатија сопствениците не можеа ни физички да влезат внатре, а камо ли за работа.

Го прочитавме во “Дневник” и коментарот на еден странски дипломат за сите овие настани во Македонија кој што кажа само неколку зборови: “Нова црвена револуција”.

Неслучајно беше изнесена и оценката од човек важен за меѓународниот фактор дека “Македонија претставува мочуриште на кое што никој паметен не сака да гради”. За жал, почитувани дами и господа, такви се оценките. И Институтот Евро Балкан на последната седница на Советодавниот одбор констатираше дека во Македонија постои дезинвестициона клима, за што најдобар показател е бројката од само 16 милиони евра странски инвестиции остварени во првите шест месеци од годината, што е на ниво

некаде пред 1998 година. Нема ниту домашни инвестиции што пак е показател за несигурноста за странските вложувања.

Покрај објективните, тие ги наведуваат и субјективните причини за тоа, а тоа се: огромната корупција, недостигот на знаење да се пристапи кон големите инвеститори, недоволно разивениот банкарски систем, нејасната законска регулатива, неефикасното и оптоварено судство, недостигот на менаџерски способности и знаења, неприспособен образовен систем и да не редам понатаму. Значи, укажано е дека треба да се преземат мерки, да се поттикне инвестиционата клима.

Понатаму, зарем во прилог на добрата приказна може да се стави и хаваријата на јаловиштето на Рудникот Саса, која што настана како резултат на презирачкиот, неодговорен и несериозен однос на власта, со кој што таа приоѓа кон се што работеше претходната власт, па во рамките на тоа и проектот за санација на јаловиштето на овој рудник, кој што беше почнал да се реализира, но се до денот на хаваријата, иако беше запознат со состојбите, ниту премиерот, ниту ресорниот министер не реагираше воопшто да продолжи со санацијата и дозволија да се направи непроценлива штета врз највредното нешто, а тоа е земјата и водата што ни ги оставија во наследство претходните генерации за исто така и ние да имаме што да им оставиме на идните генерации. Сега затруена е земјата, затруена е водата, тука е опасноста и од труење на луѓето, а премиерот за овој огромен проблем смета дека не заслужува место ниту во неговото експозе, ниту пак во извештајот, па не го ни спомнува, иако во извештајот наведува дека со ФЕСАЛ-2 договорот меѓу Светската банка и Македонската Влада заради потребата од приватизација на рудникот Саса, ќе треба да се изработи и подетална студија, Ревизија за животната средина. па како, почитувани пратеници мисли Владата дека ќе ја заврши продажбата на овој рудник и што ќе стои во тој извештај за ревизија на животната околина после оваа хаварија? Зарем за вакво нешто што е од суштествено животно значење за огромен број граѓани од Источна Македонија, Владата се прави и глува и слепа. За жал, и во делот на приоритетните пректи за периодот од 2004 до 2006 година нема ниту збор за решавање на овој суштествен проблем. По ова искуство, како да веруваме дека оваа Влада ќе направи нешто за заштита на животната средина и за заштита на животот на луѓето во Македонија.

Понатаму, зарем во прилог на добрата приказна за Македонија влегува и хаосот во образованието. Суштествените реформи во образованието ни се до никаде, зашто за оваа Влада приоритетно беше прашањето: само бројот на албанските паралелки, само високото образование на албанците, само бројот на вработени албански наставници и целосно политизирање на образованието, со што ги втурна младите во меѓусебен

конфликт. Еве како се реализираа ветувањата на премиерот искажани во Експозето од минатата година, кој што велеше:

“За разлика од до сега, оваа коалиција нема да функционира по принципот на поделба на сфери на влијанија и одговорност, туку по принципот на поделба на одговорност во сите сфери на одлучување. ДУИ нема да биде гарант за мирот или за спроведување на законот во Тетово, а пак СДСМ или ЛДП во Скопје или Делчево. За мирот, почитувањето на Уставот, спроведувањето на законот и во Тетово и во Делчево одговорност ќе носат задолжените институции на државата”.

Само после една година , ова ветување за функционирање на институциите на системот и владеењето на правото е чиста демагогија, бидејки еве министерот за образование се грижи само за остварување на правата на сопствената етничка заедница, заборавајки дека е министер за образование на сите граѓани во државата.

Зарем во прилог на добрата приказна, почитувани дами и господа, за Македонија, која ќе ја пласираме во ЕУ може да се стави и не транспарентниот увоз на гориво без тендер пред Ирачката криза, како резулат на кој што македонските граѓани два месеци возеа коли со поскап бензин. Зарем оваа приказна се вклопува и катастрофалната безбедносна ситуација, подметнатите бомби, убиствата, киданпирањата, за кои што сеуште не се знаат извршителите, или пак ако се знаат, многу од нив се сеуште на слобода. Зарем во прилог на оваа приказна одат и повеќето од 420 иљади сиромашни граѓани, кои се борат буквално за гола егзистенција. Зарем така ќе влеземе во ЕУ и зарем така, почитувани дами и господо, ќе станеме примамливи за странските инвеститори.

Почитувани дами и господа, премиерот пред два дена се обиде да ни спакува една добра приказна со помош на бројките кои ни ги кажа, дека нам ни се чини само дека економски тонеме. Премиерот, така на скоро 90% од вкупното население сиромашни граѓани во државата, наместо леб, греење и други основни нешта за преживување, да им ги чита трипати на ден овие добри показатели, со кои што се обидува да им направи колективна психо терапија, за да можат граѓаните да ја сватат оваа розова реалност, оваа розова состојба во која што тие живеат и повеќе да не бидат депримирани, да не бидат повеќе безнадежни, да не бидат несреќни од оваа сиромаштија што ги снајде.

На крајот, почитувани дами и господа, премиерот со својот оптимизам и оценката дека досега направиле многу, но отсега па натаму ќе работат добро и ќе направат многу, повторно е во демагошки поход, од кој што последиците ќе ги носат мнозинството граѓани на Република Македонија .

Единствената реална можност да биде сопрен овој демагошки поход за доброто на граѓаните на Република Македонија не е реконструкција, туку оставка на Владата, на г-динот Црвенковски. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Продолжуваме понатаму.

Збор има г-дин Жарко Караџоски:

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван потпретседателке, почитуван премиере, господа министри, колеги пратеници,

Дозволете ми да почнам од онаму каде што премиерот заврши. И, тоа ќе почнам со следните зборови: “Ако ме прашате дали во изминатава година оваа Влада грешеше, одговорот е да. Ако ме прашате дали јас лично сум задоволен од тоа што оваа Влада сработи, исто така одговорот е да. Но, исто така, ако ме прашате дали оваа Влада има јасен концепт и визија за тоа што работи, зошто го работи и кои цели ќе ги постигне, одговорот е не”. Значи, во нешто сме идентични, ама во нешто и различни со г-динот премиер. Разликата е во тоа што за премиерот е јасно дека оваа Влада има јасен концепт во кој и тој верува и од кој нема да отстапи, без разлика на непопуларноста и т.н. Разликата е во тоа што ние не веруваме во тоа и не случајно повикавме г-динот премиер, наместо реконстукцијата , да поднесе оставка.

Сега, почитувани пратеници, бидејќи самата расправа тргна по експозето на г-динот премиер, сите дискусии одеа во тој правец, многу малку се опфати за реконстукцијата, дозволете ми , нема многу да одземам време, да се осврнеме на она што г-динот премиер го кажа. Јас ќе потенцирам некои работи со кои што со г-динот премиер идентично мислиме. Еве една. Значи, според последните анкети денес 80% од нашите граѓани се преокупирани , пред се, со економски социјални проблеми. Ова е цитат. Политичките аналитичари би рекле . Тоа е лош знак за Владата, меѓутоа , добар за државата. Тоа е доказ дека Македонија е повторно нормана држава. Е, пак, почитуван премиер како може некоја држава нормална кога 80% од граѓаните се оптоварени со , како што и самите велите, економски и социјални проблеми. Тоа апсолутно не може да биде нормална држава. Зошто пак сега 80 од граѓаните се оптоварени токму со тоа, тоа е показател на она што го сработивте. Најмногу од се што сработивте е токму тоа што во тој дел буквално ништо не сработивте. Апсолутно и социјалата и економијата е далеку, далеку под она што го наследивте.

Уште со нешто ќе се сложиме, од сето експозе слушнавме само две критики односно две сугестии каде што упативте дека оваа Влада во тој дел заслужува да биде критикувана. Тоа е политиката на вработувањето и делот на странските инвестиции. И тоа е така. Тука имате апсолутно промашување, спротивно на она што се ветивте и она што на крајот на краиштата народот го очекуваше. Не случајно добивте огромно мнозинство, заради тоа што народот очекуваше дека навистина после ВМРО-ДПМНЕ со доаѓањето на СДСМ, а особено со враќањето на г-динот Црвенковски на валст, сонцето повторно ќе огрее во Макеоднија. За жал, времето е континуирано облачно и секој ден врне, дали е тоа некој предзнак, веројатно, е така. Е, сега, г-динот премиер очигледно не сака да слуша, не е битно , а јас само да го потсетам на оние делови каде што се обраќаше на народот, добро, тука е Шекеринска, таа не мора да слуша она што се однесува за Бранко Црвенковски. (Меѓувреме премиерот излезе од салата, а влезе госпоѓицата Радмила Шекеринска). Значи, што ветуваше пред народот, затоа што на крајот на краиштата треба да се потсетува барем за она за кое што и овде сам призна дека ја утнал работата. Еве на 19 август 2002 година митинг за Македонија заедно коалицијата во Гостивар што искажа г-динот Бранко Црвенковски. Цитирам: “Наша обврска е и ние ќе ја исполниме да изградиме една голема по среќна Македонија, во која ќе има во секое семејство барем по еден редовно вработен, во која ќе нема ни еден човек кој ќе се плаши со што и од што ќе ги школува своите деца. Кога ќе се плаши дали може да го плати своето леквуање и во која ќе се знае кои се чесните и вредните, а кои се криминалците и неморалните”. Коментар мислам дека не е потребен.

Одиме понатаму: “Оваа коалиција е формирана да се ослободиме од големата сиромаштија во Македонија. Од тие 500 илјади луѓе што само за еден долар чекаат да го поминат денот, оваа коалиција е формирана да ги снема сите оние списоци, големи, долги на невработени за Заводот за вработување. Да почнат да се отвораат нови работни места. Најмалку 30 илјади годишно мора да се отвораат годишно работни места”. И, да не читам понатаму, затоа што навистина е премногу оптимистички и некој ќе помисли дека ова не е седница на Парламентот, можеби е некоја реприза од митинзите. Реаноста е сосема друга, наместо 30 илјади нови вработувања, имаме 10 илјади нови невработени. Тоа е она каде што самиот премиер посочи дека оваа Влада не сработила , меѓутоа, не треба да се губи надеж.

Еве, да го потсетам г-динот премиер на една од неговите изјави дадена на МТВ и на другите ТВ станици, каде што кажа дека оваа Влада добро работи. Значи, се добро работиме, меѓутоа, граѓаните тоа не го чувствуваат, ама ќе го почувствуваат многу подоцна. Според тоа , значи, надежта не треба да се губи, ако сега оваа година имаме 10

илјади нови невработени, в година, веројатно, како што е тргнато, таа бројка ќе се дуплира. Според тоа тука е надежта. Не сакам со бројки да зборувам сето она што го искажа премиерот, бидејки тој очигледно ја правеше споредбата со она што правела Владата. Претходно заборави да ја прави споредбата со она што тој вети. Меѓутоа, тоа е тоа, лесно е да се прави споредба со некој пред себе, но кога се дав аотчет пред граѓаните, отчетот треба да биде во правец што ветивме, а и што сработивме.

Јас немам намера премногу да се задржувам на експозето, затоа што многу работи беа искажани, многу и ќе се искажат и понатаму, би сакал само накратко да се осврнам на она што е и навистина точка на дневен ред, реконстукција. Не би сакал случајно , бидејки следиме и читаме , ми допадна еден текст во една колумна, во која што еден сега колумнист, претходно министер во Владата на г-динот Црвенковски и тоа министер за внатрешни работи, па министер за надворешни работи напиша една колумна , во која што дирекно или индирекно посочи кои ресори ќе бидарт реконструктуирани. Е, не би сакал да поверувам дека г-динот Црвенковски токму го послушал неговиот претходен соработник, меѓутоа испадна дека е така. Само згреши за една работа, а тоа е Министерството за внатрешни работи, поточно за г-динот Хари Костов, тука има логика. Особено, не г-динот Хари Костов не треба да биде реконструиран, меѓутоа, човекот вети дека Чакала и Бреза ќе ги фати и мора да му дадеме простор тоа да го стори, па макар  и после 4 години, па макар и во Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Затоа што , е многу тешко некое наследство и багаж да му оставите на некој иден министер, а уште потешко е да излезете пред граѓаните  дека вие кажувавте нереални и не очекувани ветувања.

Затоа, еве, ако ВМРО-ДПМНЕ случајно , не намерно, ама случајно дојде по некоја случајност на власт во некое време пред 2006 година, еве јас ви ветувам дека ќе го ставиме министер, се додека не ги фати г-динот Чакала и Бреза. Значи, не треба да се плашиме.

Да се вратам сега на она што го започнав. Во таа колумна, повторно да се вратам на тој текст, дотичната особа спомна , додуша не наговести дека реконстукцијата е лек , тој упати еден друг лек. А случајно или намерно повика на едни двајца мои сограѓани, каде во Прилеп е познато дека човек има име, ама има  и прекар, нема презиме и тие така крстени како Диме-пердувот и Ѓуро-ковачот, ако сте ја читале колумната, мислам дека ви е јасно. Вистина дека човекот не се залагаше за реконстукција, туку се залагаше за некој иљач, так аго крсти, со којшто на оваа Влада треба да и се помогне. Иљачот беше наменет за министерот за финансии, за министерот за економија, за министерот за правда , но и за министерот за внатрешни работи. Косподине Костов, не сум Ве видел

одамна во Прилеп и не верувам дека сте поминале покрај овој иљач, меѓутоа, има некоја вистина што горе-долу сте останале во Владата.

Која беше формулата? Формулата беше кај Диме -пердувот се оди на една програма, таму ја опишува со дување ит.н.и кајнего беа прпорачани минситерот за финансии и министерот за економија, значи како полесна фаза. Министерот за правда беше како потешка фаза дирекно кај Ѓуро-ковачот. Е, сега, додека со г-динот Хари Костов можело и поблаги методи. Што е сега интересно од сето ова? Г-динот премиер го послуша овој советник, ама не на овој рецепт , туку директно ги реконстуира. За нас како опозиција е прифатливо. Меѓутоа, за вас како позиција е насватливо, особено слушајки го премиерот во експозето во кое што изнесе бројки дека оваа Влада толку работела успешно, што навистина после два или три пати читање и самиот премиер не верува дека тоа лично го сработил. Еве, нека го прочита уште еднаш или двапати, ќе помисли како да се наоѓаме во некоја држава Финска и т.н. Знаете што се случи деновиве додека траеше расправата? Ми приоѓа г-динот Љубе Бошковски претходен министер за внатрешни работи и вели, што е ова што се случува во Макеоднија, јас бев пет месеци отсутен , верувајте како во Швајцарија да се наоѓаме. Се тргнало напред, народот е страшно задоволен, ама нема никакво незадоволство. Значи алал да му на г-динот Црвенковски.

Да продолжам понатаму. Констатацијата , јас пак се повикувам на некои теоритичари, оти јас сигурно немам толкаво искуство, констатација дека главен реформски мотор во една Влада се Министерството за финансии, Министерството за економиј аи премиерот како додаток на тие два, со кои што горе-долу сите реформи врват преку тие два ресори. Прашањето се поставува, кога овие два министри не помогнаа, значи не помогна иљачот, остана премиерот. Морам да потенцирам дека, ако Прилеп моментално економски стои на една незавидна позиција, значи висока социјала, огромна невработеност и т.н. , барем со нешто сме број еден во Македонија, а тоа е имаме бајачи и ден денеска, иако овие двајца одамна се починати. Значи, можеме да помогнеме во тој дел, до колку некој побара помош. Значи, ако ги немаме овие два и ако на нив ја префрливме вината, од каде тогаш одеднаш сега премиерот да се ослободи и од делот на сопствената одговорност. Ког аја креира политиката, а пак целата политика на Владата токму се одразува преку тие два ресори, во најголем дел, значи, испадна утка затоа и ги менуваме, а од друга страна премиерот, се е океј.

Овој познат колумнист се осврнува и на премиерот. Па, не мора да се каже, човекот не е присутен, вие може да насетите кој е. Дозволете ми само да цитирам и вели: “премиерот ни е позната балерина. Никој никогаш нема да дознае која одлука ја донел и што реформски одлучил во животот. Така ќе си ја помине политичката кариера кога ќе

згусти, ќе крене два прста, случајот Гостивар, ќе го нападнат октоподот, случајот ТАТ или ќе ја добие борбата со албанските криминални банди Брест  и Чакала “. Добро, тука ќе му помогне г-динот Хари Костов. Во сите три случаи резултатите ги знаеме. Да не се задржувам повеќе на цитати, мене ми е жал што навистина некој предвидел претходно пред г-динот премиер ја направи оваа реконстукција , а од друга страна пак не ми се верува дека го послушал овој  колумнист.

Сега, се поставува прашањето, дали има потреба воопшто да се дискутира што сработила оваа Влада и има ли потреба воопшто да се осврнуваме на експозето, а пак дали има воопшто потреба да се зборува за реконстукцијата, поточно за разрешените министри.

Ме среќаваат луѓе кои не бирале и не гласале на улица и ме прашуваат дали Владата не е свесна или воопшто дали таа се прошетала меѓу граѓаните да види каква е реалната состојба, дали во Република Македонија денеска се живее подобро или полошо. Факт е дека се живее полошо. Не би сакал да ги коментирам ситеое податоци што ги искажаа пратениците, да се осврнеме на тоа дека 30.000 вработени според Програмата требаше да бидат вработени со "Бранковиот закон", па да кажеме дека тој закон е утка, дека ништо од него не излезе освен 5.000 - 6.000 до денеска, далеку од предвидената бројка. Дали да кажеме дека заради "Бранковиот закон" се одделија средства во Буџетот поради што мораше да се зголеми данокот од 5% на 18%, дека и тоа е утка, дека заради зголемување на данокот струјата едно време со гаранција од Владата немаше да поскапи, па потоа поскапе, но и сите други животни трошоци, односно артикли. Дали тоа не се одразува на животниот стандард на граѓаните. Што уште да кажеме?

Во глобала, дали да кажеме дека се отпуштија 10.000 работници и дека се денеска под Заводот за вработување или ќе бидат. Дали да кажеме дека ниту еден загубар не е рестартиран, напротив како тргна оваа Влада ќе продуцираме нови загубари.

За тутунот нема да зборувам денеска, меѓутоа, каква беше откупната цена и како помина оваа година за разлика од минатата е далеку пониска.

Каква ни е состојбата во 90% од оние стопански субјекти кои работат, колку земаат плата, каква плата земаат, дали воопшто некој е свесен дека во трговијата прометот е сведен на нула. Во Прилеп едно време важеше кога ќе се одеше да се купува обично се купува на вересија, тоа не е тајна, меѓутоа, муштеријата кога ќе купуваше ќе му кажеше на продавачот, слушај, немам сега, ќе платам, но почекајме од тутунот. Тоа беше редовна пракса и секој ќе ви дадеше роба, затоа што се знаеше дека кога ќе се продаде тутунот, ќе се земат пари и ќе се плати. Денеска тоа да го кажете во Прилеп пред некој продавач, најмалку што ќе добиете е да ви ја скршат главата. Секој ќе ве праша од кој тутун, од кои пари, која цена и т.н.

Исто така денеска во Прилеп не е повеќе новост или радост кога некј муштерија ќе купи од некој дуќан, туку претставува радост некој да влезе во дуќан, да се интересира за купување. Ако мислите дека ова го измислувам, еве јас ве поканувам дојдете во Прилеп заедно со мене да прошетаме низ чаршијата, еве со господинот Костов можеме без полиција и да ги прашаме каков промет прават, колку муштерии имаат и т.н.

Значи, состојбата не ни е таква каква што премиерот сакаше да ни ја прикаже. Ако тој смета дека е ова успешна работа, нека ги праша граѓаните, не мора нас

пратениците, или можеби е добро отчетот да го даде пред граѓаните, па нека го слушне нивниот коментар. Многу од граѓаните не разбираат кога ќе им се кажат проценти, за многу од министрите не разбирав и јас, меѓутоа, секој граѓанин знае да направи споредба кога живеел подобро, а кога полошо. Факт е господа министри, господине премиер дека граѓаните денеска живеат полошо. Токму за економскиот дел за кој зборувавте, токму за социјалниот аспект за кој зборувавте. Ако навреме не се свестите и ако на време не преземете мерки и чекори со кои ќе ја подобрите состојбата на граѓаните, односно ќе ја активирате таа борба за која зборувавте против сиромаштијата, далеку не одиме, не ни вредат ни 100 апликации за во Европската унија, затоа што Европската унија не прима сиромашни земји особено земји каде стапката на раст оди надолу наместо нагоре.

Значи, треба сериозно да го разгледате, а не со ароганција да излегувате од салата дека не можете да слушате одредени критики, од нас од опозицијата не очекувајте господине премиер дека ќе ве фалиме, туку напротив, секогаш ќе ве критикуваме кога за тоа има место. Меѓутоа, ако сакате да живеете во илузија и ако ова денеска го сметате за сон, а не јаве, треба културно, цивилизирано да ги ислушате сите пратеници, не само фалопојки, туку и критики.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитувана потпретседателке, би сакал само процедурално да интервенирам или да замолам уште еднаш. Утринава тргнавме од една ситуација кога од 15 дискутанти кои беа на ред останавме на три со замолница денеска да завршиме. Доколку повторно дискусиите ни траат по саат време, навистина нема да имате теоретска шанса денеска да завршиме.

Согласно Деловникот, на место на пријавени дискутанти дискутираат други, не замераме, сакаме денеска да се заврши расправата, само би апелирал да бидеме поконцизни во дискусиите, ништо друго.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Никола Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Дами и господа министри, почитувани колеги пратеници,

Веднаш да кажам дека го подржувам експозето на премиерот и се согласувам со оценките за едногодишното работење на Владата на Република Македонија, вклучувајќи ги тука и аргументите кои упатуваат на позитивна оценка и критиките за ненаправеното или недоволните резултати.

Оттука, јас ќе го подржам и предлогот за реконструкција на Владата на Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници, реконструкцијата во принцип сама по себе секогаш јавно го отвора прашањето дали работењето на Владата е успешно или не, при тоа дебатите, полемиките, оценките, критиките со полно право станувaат топ тема, превенствено од причина што се работи за државна институција од чие работење на многу директен начин зависи секојдневието на нашите граѓани.

Во вакви моменти нормално е да се прават споредби на сегашната со претходната, на постигнатото со изборните резултати, на програмски планираното со реално реализираното и т.н. Во принцип кога ќе се сумираат сите досегашни дискусии, базирајќи се на еден објективен и аргументиран принцип по таа основа, оценките можат да се групираат на две страни. Во конкретниот случај на една реална и умерено позитивна страна и друга крајно негаторска, критизерска и до максимум негативна и обоена со политиканство.

Лично го делам мислењето со сите што даваат позитивна оцека за едногодишното работење на Владата на Република Македонија, вклучитено и критиките, односо забелешките. Но, во интерес на времето имајќи предвид дека Извештајот на Владата ни беше достапен на сите, а сите го исслушавме и експозето на премиерот, не би повторувал веќе кажани работи.

Ќе ми дозволит накратко да се задржам на онаа втората негаторска страна која протежира критики и негативно ја оценува работата на Владата. Тука пред се мислам на опозицијата.

Првото прашање што во тој контекст се наметнува е следното: со кое лице, со кој образ опозицијата која до неодамна да не речам до вчера, до пред година дена беше власт, говори за сиромаштија, за невработеност, за криминал, за терористички групи, за бомби, за социјала, за здравство, за лоша економија, за непотизам, за отпуштање од работа и т.н.

Едноставно, кои се мотивите и кон која цел се стреми опозицијата кога вака упорно и интензивно повторува празни фрази. Јас искрено сакам да верувам во нивните искрени чувства, длабока загриженост и добронамерност кога говорат дека Република

Македонија станала без песперспективна држава, станала држава - пациент. Незнам зошто медицинските изрази стануваат се попопуларни во една партија.

Да, почитувани дами и господа од опозицијата, апсолутно сте во право кога би се шегувале. Република Македонија е навистина пациент, но тоа стана откако ја шокиравте со вашето владеење. Меѓутоа, има и нов момент, пациентот што вие го оставивте во кома, во меѓувреме беше подложен на реанимација и за ваша информација која гледам дека ви е тешко да ја прифатите, успешно е опоравен и не само што ќе се одржи, туку и ќе напредува. Впрочем, што очекувавте, на што се надевавте или што воопшто мислевте дека ќе биде Република Македонија освен пациент по вашето пирување, по вашето бескруполозно и невидено искористување на позицијата на власт за ваша лична материјална корист, привилегии и бенефиции.

Вие дами и господа од опозицијата може да мислите и да верувате и да говорите што сакате. Сепак бидете убедени не постои човек што се сомнева дека вам или за вас периодот од 1998 - 2002 година навистина не беше златно време. Ама само за вас, а не и за граѓаните на Република Македонија. Апсолутно ве разбирам што сакате да кажете кога велите денес во Република Македонија се живее со заштедите, со сработеноto, со спечаленото токму во вашето знатно дома или златно време.Ниој не се сомнева дека не денес, дека не само вие, туку и вашите поколенија би можеле комотно да живееете со тие печалби. Апсолутно јасни се и квалификациите што ги дадовте во смисла дека изминатата година е изгубена година. Имајќи го во предвид искуството што Република Македонија го имаше со вас, лесно може а се претпостави колкав товар и кои благодети би можеле дас си приуштите и доспечалите за една година доколку народот не ви ја ускратеше таа шанса и не ви ја покажеше вратата. Вие навистина внатре во вашите партии можете да правите персонални рокади колку што сакате и цените дека е потребно. Колку што ви е драго може да ги менувате сопствените ставови или политичкиот вокабулар.

Меѓутоа, дефинитивно колку и да сакате, колку и да се трудите, не можете да измените две работи.

Прво, дефинитивно што и да правите, што и да кажете, не можете сите граѓани што ви покажаа црвен картон, само за една година потоа да ги убедите дека од 1998 - 2002 година на сите им било убаво како што ви беше вам. Тука, бидете убедени, нема да помогнат никакви статистики, никакви графикони, бројки во децимали и што не друго.

Второ, ваш проблем е што не можете да сфатите дека власта освен што вие подразбирате под тоа, значи првенствено одговорност од која дефинитивно не може да побегнете.

Почитувани дами и господа пратеници,

Главата причина заради која бев со намера да не дискутирам по оваа точка е токму личната желба да ја избегнам ситуацијата и да прават спроедби помеѓу оваа и претходната Влада. Не од некакви лични предрасуди, туку единствено од причина што споредбата е неможна. Меѓутоа, не во правец како што не убедува опозицијата дека оваа Влада на господинот Црвенковски не чини, затоа што на Македонија и требало влада и владеење, какви што знае да скалапи само денешната опозиција, односно ВМРО-ДПМНЕ. Напротив, спроедбата не само што е невозможна, туку за ваква состојба е недопустлива. Владите и начинот на владеење што ан Република Македонија и ги приреди ВМРО-ДПМНЕ се разбира со своите коалициони партнери, ниту смеат да се повторат, ниту смеат да бидат репер како за денешната, така и за сите идни влади во Република Македонија. Се разбира, доколку ја говориме вистината и велиме дека сакаме подобра иднина на Република Македонија.

Дами и господа претеници, има вистина во тоа дека граѓаните се незадоволни иразочарани. Исто така, вистина е и во тоа дека граѓаните ниту веруваат во чуда, ниту очекуваат чудо преку ноќ. Меѓутоа, секој граѓанин со право очекува секој што дошол на власт благодарение на неговиот глас да биде чесен, способен и максимално да се посвети на проблемот што му е во надлежност. Исто така очекува да види способност за изнаоѓање на долгорочни и функционални решенија и максимален напор за нивна реализација.

Граѓаните после се особено по овој четиригодишен период, со полно право сакаат да имаат контрола и очекуваат отчет.

Да не должам, сумирајќи ги работите во првиот кваратал на овој мандат, убеден сум дека новиот реконструиран владин кабинет свесен за тежината и важноста на задачите што го очекуваат ќе ја манифестира преку подинамична и похрабра работа која би ги ефектуирала поставените и од граѓаните очекувани цели.

Воопшто не претпоставувам и не очекувам дека ќе биде лесно, посебно од причина што во Република Македонија сеуште не е платен цехот за донеодамнешната анархија која ја имавме од претходната власт и од многуте готови нешта што станаа везресија.

Исто така и од причина што некои работи не се завршија во првата година и остануваат како обврска за наредната. Ако до неодамна имавме тренд на галопирачки од

назад, ако ја прифатиме оценката на медиумите дека оваа година била од или лет во место, што значи назадувачкиот галоп е запрен, а многу нешта во државата кои беа изместени од својата осовина слободно можеме да констатираме дека се враќаат на вистинското место и првиот крупен позитивен чекор навистина сме го направиле.

Оттаму, обврските и задачите на владиниот кабинет на сите се познати, намалување на сиромаштијата и зголемување на бројот на невработените или како што обожава да каже опозицијата значи намалување на тој број, меѓутоа, не во нивниот стил само со декларации и одомување на државна сметка, туку со отворање на нови работни места со конечно и ефикасно искористување на сите домашни ресурси за поттикнување на домашните инвестиции многу повеќе се директни странски инвестиции кои нема да бидат ни налик на “Окта”, “Телеком” и слични дубари кои имавме прилика и да ги слушаме и да ги дискутираме и т.н.

Притоа, во напорите на овој план за Владиниот кабинет и понатаму императив остануваат токму принципите промовирани и од граѓаните верифицирани на изборите минатата година. И, понатаму консеквентна економска политика, реформи и максимална финансиска дисциплина, правна држава и владеење на правото, а следствено на тоа и регуларна безкромпомисна и без никакви исклучоци престметка со криминалот и корупицијата и мир и сигурност како резултат на постепено, но сигурно надминување на сите пречки кои го оневозможуваат меѓуетничкото разбирање, толеранцијата и довербата. Останатото, односно она што е поврзано со нашите аспирации за приклучување кон развиениот свет и Европа, условно речено, дали месец, или два порано, или подоцна е работа на вистинска проценка.

Почитувани колеги пратеници, состојбата не ни е воопшто розова, меѓутоа, не е и така патетично, судбински неизвесна како што сака да ја прикаже опозицијата. Едноставно СДСМ како носечки столб во коалицијата нема намера да ги прикрива, или заташкува работите. Подготвени сме за отворена дебата и прифаќање на критики за грешките, или пропустите во работењето, отвараме расправа за следниот чекор, вршиме кадровско приспособување на екипата задолжена за извршување на политиката за која што сме одговорни пред граѓаните и како што веќе реков СДСМ од одговорност не бега. А оваа реконструкција е само потврда на решеноста што поефикасно да се соочиме со неа и да одговориме со многу поконкретни резултати на ветеното и на очекувањата. Тоа сум убеден ќе го направиме до следниот наш отчет без разлика дали опозицијата ќе не поддржува или ќе не критикува.

На крајот сакам да повторам и со тоа ќе завршам, за СДСМ интересите на државата и интересите на граѓаните се клучен приоритет во остварувањето на нашата и политиката на оваа коалициона Влада.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Внимателно го слушав претходниот дискутант и можеме да го искористиме денешниот празник, г-динот Ќуркчиев да дојде со мене во Велес да одбереме едно од 290-те семејства на вработените чии членови работат во фабриката за шински возила Колска и да им објасните ако тие ви поверуваат и јас ќе ви верувам, зошто додека беше ВМРО ДПМНЕ на власт тие земаа редовно плата, редовно им беа плаќани придонесите, а откога дојде СДСМ на власт, овие денови примија дел од мајската плата во кеш без никакви придонеси. Дали имате намера и овие 291 семејство да ги вклучите во оние 3000 луѓе кои останаа без работа во град како што е Велес. Ако тие ви поверуваат и јас ќе ви поверувам во она што го зборувате. Во едно сте во право. Народот можеби не очекуваше чудо, но за жал чудото го снајде.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Господине Трендафилов, досега сите ваши дискусии почнуваа и завршуваа со бранителите и навистина денеска ме затекнавте, со железничарите и нивните семејства и навистина незнам што да ви одговорам. Долго време размислував, инаку веднаш да одговорам дека благодарам на поканата и радо би се согласил со вас да ги посетиме тие семејства и да поразговараме од кога ги имаат тие проблеми и какви се. Долго размислував што е тоа што ве тера токму секоја дискусија да ја почнете со бранителите и со сето она што се случуваше по критичната година, секогаш зборувавте дека тоа се луѓе кои што дале се за оваа држава, а денеска се на улица, денеска се социјални случаи, или налик на тоа дека може би во иднина оваа Влада на г-динот Црвенковски ќе им подели можеби некој социјален стан итн. Сето тоа до пред некој ден да слушнам дека всушност вашата Влада, односно Владата на г-динот Ѓеорѓиевски, становите наменети за социјални лица и брачни парови всушност ги поделила на високите функционери токму во Владата на Георгиевски. Можеби вашиот стан од 108 метри квадратни е можеби поудобен од овие на железничарите, меѓутоа не значи дека тие се нечесни луѓе, дека не ја одработиле работата и дека не треба тие проблеми да ги решаваме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сметам дека одговорот на репликата требаше да укажете дека не одговараше на репликата, испадна надвор од контекстот. Инаку би сакал да го потсетам г-динот Ќуркжиев дека неговата дискусија повеќе од 50% беше за минатата Влада, а на дневен ред на оваа седница е работата на Владата на г-динот Црвенковски. Г-динот Ќуркчиев искажа многу напади спрема претходната влада, ние ниту еднаш громогласно ниту со тропање не се јавивме да го деконцентрираме, туку напротив гледавме на дигнитетот на Собранието и чекавме за реплика. Затоа г-дине Макрадули како координатор би ве замолил друг пат  ако реагирате, говорницата мислам дека е дозволена за секого нормално да се комуницира. Мислам дека на дневен ред е едногодишната работа на актуелната влада на г-динот Црвенковски и тука треба да го задржиме терминот. Инаку, не замоливте на почетокот на седницата за конструктивни говори за смалување на терминот. Овој говор беше и долг и беше надвор од темата во повеќе од 50%. Ако сметате така, сметам дека во понеделник новата Влада нема да го одржи тој состанок. Инаку, не барајте од опозицијата она што вие не се придржувате. А што сработила оваа Влада оваа година, јас не сакам во реплика да го кажам тоа, ќе го кажеме во нашите говори и го кажуваме. Тоа е нашето право какво е нашето размислување, сметам дека позади нас има 300 илјади гласачи кои што на 15 септември 2002 година ни дадоа право да бидеме во ова Собрание  и да го кажуваме нивното мислење. Според тоа, ние врз основа на тоа тргаме, ние нема од што да се срамиме да не дискутираме тука. Инаку, знаеме ние, за потсетување и каква држава наследивме после 1998 година во која што и вие катастрофално изгубивте. Мислам дека треба да се свртиме што треба да направиме за оваа држава во следните четири години со оваа актуелна Влада. И нашите дискусии сфатете ги само како критика која што треба да помогне оваа Влада да почне да работи во некој смер кој што сметаме ние дека е подобар.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Ние се договоривме во нашата пратеничка група нашите говори да не траат подолго од 15 минути. Ако проверат, ќе видат дека мојот говор беше 16 минути.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас би го прашал претходниот дискутант, имајќи го предвид дека она што беше цело време дискутирано се однесуваше дека одиме напред. Дали се точни овие податоци? Бројот на невработени дали е зголемен од 376 на 384 илјади и 400 лица, дали

бројот на вработени е намален од 561 илјада на 545 илјади лица, дали е зголемена стапката на невработеност од 31,9% во 2002 година на 36,7% во 2003 година. Дали странските директни инвестиции кои што во 2000-та година изнесуваа 176 милиони долари, 2001 година 442 милиони долари, 2002 година 78 милиони долари, изнесуваат во оваа година само 22 милиони американски долари. Дали греењето поскапе за 20,5%, дали железничкиот превоз поскапе за 12,5%, Дали автобускиот превоз поскапе за 11,2%, дали струјата поскапе за 7,2% дали лековите поскапеа за 6,8%, дали средствата за лична хигиена поскапеа за 3,8% и едноставно дали цените на земјоделските производители поефтинија за цели 8%?.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Репликите не се инспиративни за сериозен коментар. Единствено ме мотивира да повторам она што веќе го реков. Ако некој направи реплика, или сака да дискутира околу некакви бројки и ги чита само од една табела, тогаш треба да го сврти листот и да види дека постои нешто друго. Вие читате само некои бројки кои што можеби во децимали се помали од 2002 година. Зошто не набројавте што се е направено или нешто повеќе смета што РМ се исправи и појде напред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Потпретседателке, има една народна поговорка која вели: фали ме усто, ќе те раскинам. Така денеска г-динот Ќуркчиев не убеди дека се што е работено од минатата Влада не чини, а се што го има правено новата влада едноставно е добро и тоа дури се граничи со она што значи благосостојба. Тогаш, едно големо прашање, зошто е реконструкцијата на Владата? Барем од разговорите и од дискусиите како на г-динот Црвенковски, така и на сите останати дискутанти не добивме едноставно одговор и не добивме одговор на прашањето зошто е оваа реконструкција, дали заради тоа што толку добро работи, или пак е нешто друго во прашање.

Втора работа ги подели дискусиите, така барем добив впечаток во умерено позитивни, тоа се нормално нивните дискусии. И втората била критизерски легаторска дискусиите на опозицијата. И не прашува со кое лице сме зборувале за сиромаштијата за невработеноста, за криминал, тероризам итн. и дека сето тоа се наши празни фрази. Веројатно се обидува низ говорницата да ја убеди македонската јавност кај нас овде со една колективна хипноза да заборавиме за сите работи што ги има правено нивната Влада до 1998 година, па и до денеска. Да го прашам г-динот Ќуркчиев, бидејќи добивме

извештај од Владата, во извештајот на Владата има податок дека невработеноста е зголемена за 10 илјади луѓе, странски инвестиции само 15 милиони. Од Бранковиот закон се откажаа. Дали се ова празни фрази, или пак тоа што е напишано во извештајот е лага. Ако е така, јас незнам зошто тоа се празни фрази. Уште една работа што сакам во овој момент да ја потенцирам, ние се шетаме и одиме меѓу граѓаните, да го потсетам г-динот Ќуркчиев денеска кога одиме меѓу граѓаните на РМ, кога се поздравуваме не не прашуваат како сте и што работиш, туку кога ќе си оди оваа Влада? Тоа се зборовите на граѓаните на РМ.

Во поглед на криминалот да не заборавиме само една единствена работа која што упорно се настојува да се забошоти, прашањето на ТАТ, или криминал од 120 милиони. Каде е октоподот?. Мене ми се чини дека се родија нови октоподчиња точно од тој октопод. Затоа мислам дека не треба да шириме овде некаков оптимизам меѓу граѓаните дека многу убаво се работи. Се гледа дека Владата не работи добро, реконструкцијата еве тука е пред нас и јас мислам дека не Владата, туку диригентот треба да си оди, мислам Бранко Црвенковски треба да си оди што поскоро.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Господине Орданчо, ако почнеме со народните поговорки околу устата, сигурно сте ја чуле таа дека, уста краси, уста гнаси.

Што се однесува до податоците, јас навистина не очекувам вие да излезете и посебно во реплика да ја фалите Владата на г-динот Црвенковски. Навистина тоа не го очекувам. Меѓутоа, само очекувам да бидете објективни во вашите дискусии, ништо повеќе од тоа. А за граѓаните и за средбите ако треба да зборуваме, може да зборуваме. Јас синоќа имав средба во Тетово со 150 граѓани од Тетово, нашата средба траеше до12,15, ако треба и тоа да го дискутираме на оваа седница, да отидеме и до таму.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-ѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас би сакала само да го потсетам г-динот Ќуркчиев и да се навратам за да не бегам од темата за да има инспирација да има контра реплика од негова страна. Ние нема потреба да ги убедуваме граѓаните кои на 15 септември 2002 година нам ни дадоа црвен картон. Вие треба да ги убедите г-дине Ќуркчиев пак да гласаат за вас и да ги убедите дека ако до 2002 година имало анархија, сега има ред. И уште еднаш незнам веќе по кој пат, јас мислам дека треба да се престане, меѓутоа очиглдно позицијата не може да не им претставува духовна храна владеењето на претходната Влада. На дневен ред е Годишниот извештај на Владата на г-динот Црвенковски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас сакав да реплцирам во врска со говорот на г-динот Ќуркчиев. Го спомена државниот интерес. Незнам кој е државен интрес, дали е државен интерес да имаме 10 иљади невработени, дали е државен интерес да имаме толку малку инвестиции на странски инвеститори, дали е државен интерес да се отежни работата, да се отежни комуникацијата на граѓаните со светот и што не е државен интерес. Треба да ми каже што не е државен интерес. Тие само еден план го реализираат точно го спроведуваат точно, план кој што во последните сондажи на меѓународнот фактор, на меѓународните институции кои што се тука, зборува дека граѓаните македонци не го поддржуваат охридскиот договор и тоа се високи проценти. И токму тие, токму планот на оваа Влада на Бранко Црвенквски се концентрира во нереализирање на охридскиот договор и затоа тој има успешни средби со граѓаните така како што ја спомена средбата во Тетово.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Нема контрареплика.

Предлагам пауза до 14,05 часот.

(По паузата седницата почна со работа во 14,15 часот)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На ред за збор е господинот Иљаз Халими.

Господинте Халими повелета за дискусија.

ИЉАЗ ХАЛИМИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, министри,

Пред три-четири дена го добив извешатајот за едногодишната работа на Владата кој по изглед беше доста велонимозен, а исто така многу квалитетен во однос на хартијата што заслужува пофалби.Тоа е што се однесува до техничкиот изглед на еден извештај, книга.

Пред нас се произнесе и премиерот кој се обиде, преку неколку парафразирања да го опише тоа што го содржи книгата. Преку ова произнесување премиерот говореше за одреден број активности што ги преземала оваа влада, нејзините министерства, при донесување на разни одлуки и закони односно за се она што е преземено против корупцијата, организираниот криминал, за намалување на невработеноста, до надворешната политика, активности кој тој ги оцени како многу позитивни. Добро е што тој направи една систематизација и еден хронолошки опис на сите овие активности.

Меѓутоа по мое мислење не е во ред бидејќи во суштината ништо не е изменето од времето пред 2002 година. Напротив сега нашите аргументи кажуваат да не претерам, но, за еден опошт колапс во општеството. Тоа што беше позначајно за оваа Влада мислам за сите нас, за целата држава, не успеа, односно Рамковниот договор, што впрочем и стави крај на војната. Не успеа затоа што не се имплементира во пракса преку меѓупартискиот договор Црвенковски-Ахмети-Пенов. Рамковниот договор се елиминираше. Денес мнозинството во Парламентот работи врз основа на тој нов договор, а не врз основа на Охридскиот договор и уставните измени. Ни еден сегмент на Рамковниот договор не се спроведува. Имаме само половична употреба на албанскиот јазик и на нејнзиното писмо. Пратениците албанци имаа право само да говорат на Парламент и во комисиите. Пратениците албанци кои што претседаваат со комисиите на овој Парламент немаат прво да говорат на албански кога претседаваат со тие комисии. Тројца албанци пратеници водат три такви комисии. Еден меѓу нив сум јас.

При првиот состав на една од комисиите, првите состаноци ги почна господинот Аднан Јашари и госпоѓата Теута Арифи. Тие почнаа во согласност со Уставот да го водат тоа, со Деловникот да го водат ова на албански јазик, затоа што јас почнав подоцна со мојата работа и изреагираа колегите македонци на тој состанок како господинот Аднан Јашари и така госпоѓата Теута, многу добро со аргументи кажаа, го докажаа правото врз основа на Деловникот дека треба да говорат на албански и кога ја водат седницата на Комисијата. Во меѓувреме наводно за да ја разрешат оваа дилема премиерот и господинот Али Ахмети, Пенов, одржаа еден состанок и меѓу другите точки се договорија, господинот Црвенковски му рече на господинот Али, и јас ќе попуштам во однос на патните исправи, на корицата ќе пишува на албански јазик, а пратениците албанци кои што ги водат комисиите да не говорат на албански јазик. И сега после многу кратко време истите колеги, истите пратеници, кои што многу силно го аргументираа правото да говорат на албански јазик, сега излегуваат на говорница и го говорат спротивното дека Деловникот не е во ред треба пратеникот кога почнува, кога ги предводи состаноците на комисиите треба тоа да го прави на македонски јазик и така и да заврши.

Но да претпоставиме еве дека Деловникот е во ред, и да прифатиме дека ние во минатиот состав делувале во ред и дека сето она што сме го правеле сме правеле добри дела, сме делувале добро и дека нема никакви забелешки на нашата работа. Тогаш зошто се водеше војната, зошто се пролеа крв, зошто се разрушија многу куќи и какви други измени требало да ги направи оваа гарнитура, се направени. И ден денес пред канцеларијата на Комисијата за труд и социјална политика, етикетата, написот е само на македонски јазик, на почетокот беше така, јас го тргнав и со мои средства направив

двојазична етикета, зошто јас имам електорат кој што не го познава македонскиот јазик, со цел тие да можат полесно да ме најдат кај е мојата канцеларија, јас го тргнав, го ставив тоа а други го отстраниле и ставиле само на македонски јазик. Да не говорам и за визит картите, за кои говореше вчера и Замир Дика. Значи основни работи имаа верзија. Завчера поранешниот министер се појави тука на говорница не му се даде можност две-три реченици да ги каже на албански јазик. Од каде толкава аверзија, никаде со закон и со устав не е забрането да се користи албанскиот јазик. Напротив со Амандманот 5 на Уставот се предвидува албанскиот јазик и неговото писмо да биде официјален јазик и на ниво на Република Македонија.

Да одиме понатаму. Имаме стагнација, дури деградација во однос на претставувањето на албанците во државната администрација. Околу април беше објавено дека е подготвен акционен план од страна на Владата за правично застапување.Одговорен на ова тело беше Муса Џафери и со него се предвидуваше дека до крајот на оваа година треба да се вработат 2400 албанци. Уште еден месец е останато до крајот на оваа година и не само што ништо не е направено во однос на тоа, туку, напротив има отпуштање од работа на албанци. Нивната бројка е некаде од 1000 отпуштени од работа. Би земал еден пример од општина Чаир, а вакви примери имаме во сите општини со албанското население.

Податоците велат дека во текот на нашиот мандат сме вработиле 108 албанци, а со доаѓањето на ДУИ односно на оваа влада биле отпуштени 31 албанец, а се вработени само 13 од страна на ДУИ. Значи минус 18 албанци само во општината Чаир. Сега тие места или не се пополнети, или доколку се пополнети, тогаш тие се пополнети со неалбански кадри. Вакви податоци имаме во сите општини. Значи само минус односно нема плус, нема зголемување на албанци, туку само намалување на нивниот број, што значи дека акциониот план за зголемување на бројот на албанците во државната и јавната администрација, тотално е неуспешен.

Исто така имаме застој и во донесувањето на законите и нивн неимплементација во пракса. Сите овие закони кои произлегуваат од Рамковниот договор и се засноваат на Рамковниот договор, требаше да се усвојат до крајот на 2002 година. Се разбира поради одредени причини можеше да се толерира одреден период на нивно одлагање, меѓутоа доаѓа 2004 година и сеуште има значајни закони кои не се донесени. Понатаму и одредени закони кои биле досега донесени, во пракса не се почитуваат. Имаме многу такви а јас би спомнал само еден и во однос на тој закон јас поставив и пратеничко прашање. Имено му поставив прашање на министерот за транспорт и врски. Имено во мај 2002 година е донесен Законот за безбедност во сообраќајот со кој се предвидува сите

патишта од национален карактер, магистрални и регионални, сигнализацијата да биде поставена на два јазика, во оние делови каде минуваат овие патишта и каде што над 20% од населението е албанско и каде што албанскиот јазик е официјален јазик. Одговорот на министерот беше дека не се предвидени средства со Буџетот. Доколку беа предвидени средств во Буџетот не би имало проблем и целата сигнализација би била двојазична. Меѓутоа, кога беше усвоен 2003 година зошто не предвидовте средства да се регулира и ова прашање кое е предвидено со закон. На крајот на краиштата тука не се работи за некоја голема сума. Со две-три илјади евра ќе се решеше овој проблем. Таблите веќе постојат. Само каде што пишува излез да биде тоа напишано и на албански јазик или пак некоја друга информација и таа да биде преведена на албански јазик. Кога можеа да се искористат над 60 илјади марки односно 30 илјади евра за дезинфекција на студентски домови, тогаш може да се најдат средства и за имплементација на еден ваков закон. Меѓутоа нема добра волја. И на тој начин се одминуваат закони кои се однесуваат на имплементацијата односно користењето на албанскиот јазик.

Дека не се имплементира Рамковниот договор, ова не го кажувам само јас, туку за имплементацијата на Рамковниот договор говорат и многу други, меѓу нив и претставници на меѓународни организации. На пример последниот извештај од Меѓународната кризна група, меѓу другото се вели, имплементацијата на Охридскиот договор оваа влада го има ставено на пазарење. Ова е цитат. Ова не се мои зборови. Постои пазарање меѓу партнерите на коалицијата и тоа по принципот на јас тебе ти мене. Сигурно тука го имаат предвид договорот кој беше направен во рамките на Владата, околу патните исправи и околу одењето на состаноците на комисиите од страна на албанските пратеници.

За запоставување на Рамковниот договор од страна на оваа Влада, говори и самиот Ахмети, при неговата последна средба со господинот Робертсон, а не е свесен дека и тој е виновен за ова запоставување на Рамковниот договор, со тоа што прави друг договор. Значи неуспесите на оваа влада, следат еден по друг.

Иако оваа Влада рече дека ќе се бори против корупцијата, формирајќи една антикорупциска комисија, се разбира со свои луѓе, затоа што само луѓето од коалцијата ги предлагаа членовите на оваа комисија, корупцијата и натаму секојдневно се здобива со огромни димензии. Врз основа на податоците на организацијата Транпаренс интернешенел, корупцијата во Македонија се повеќе се зголемува. Така, од списокот на корумпирани земји, Македонија го има првото место во Европа, а шестото или седмото место во светот. Против корупцијата неможеме да се бориме на еднностран начин и да се прогонуваат членовите на поранешната власт и на тој начин да му се докаже на странскиот фактор дека има борба против корупцијата. Против овој феномен треба да се

борат сите институции, посебно оние на правосудните органи, неправејќи селекција меѓу луѓето затоа што борбата против корупцијата е селективна. Тоа повторно може да се види од Извештајот на Меѓународната кризна група каде се вели: “Црвенковски треба да се занимава и со корупцијата кај неговите блиски, а не само корупцијата кај опозиционите партии”.

Што се однесува до дипломатските активности на оваа Влада, за што побрзото вклучување на Република Македонија во меѓународните организации, посебно во ЕУ, тие самите наведуваат дека нема никакво видлив напредок во тој правец.

Претставниците на оваа Влада посебно Илинка Митрева и Радмила Шеќеринска, овие две наши министерки се обидуваат да ја измамат јавноста, покажувајќи една искривена слика за ситуацијата во РМ, велејќи дека РМ ги исполнува условите за влез во ЕУ. Тие и други претставници на Владата велат дека е вратен мирот, безбедноста и стабилноста,  а фактички за многумина тука кај нас јасно е дека тие не се постигнати, посебно што се однесува до стабилноста и безбедноста.

Јас неможам да се согласам со тоа дека имаме безбедност, кога од прозорот на едно училиште се фрлаат учениците албанци и во тешка состојба се пренесуваат во болниците. Јас не гледам каде они ја гледаат оваа безбедност кога учениците албанци во Битола, од едно средно училиште што претставува само една паралелка, неможат да учат во образовните институции и потоа тие се трансферираат во конгресниот дом во Битола, и кога они се соочуваат ризикот дека таа зграда мора да биде изгорена. Они сега тие мора да работат во подруми. Незнам за каква безбедност тука можеме да говориме.

Сега кога ќе ја имаме 95-годишнината, од албанското писмо во Битола.Сега се водат тие активности за одбележување на овој значаен датум, датум кој е влезен во списокот на датуми за одбележување и тука во Парламентот. Главните манифестации се водат во Скопје. Можеби ќе оди некое возило со 4 лица во таа зграда каде бил одржан Конгресот и тоа инкогнито, затоа што дека може да им биде згрозена безбедноста од страна на граѓаните. Јас тука не гледам каде ја гледаме безбедноста.

Да не одам подалеку, говорам за неможноста за враќање на луѓето, независно дали тие се македонци или албанци во своите домови. Едноставно тие се чуствуваат и неможат да се вратат во своите домови.

Понатаму се вели дека се имплементира Рамковниот договор а тоа не е вистина. Тој се запоставува. Тоа го кажуваат фактите. Ова го кажува господинот Замир Дика и јас го кажувам, со факти, дека се води наводно борба против корупцијата и организираниот криминал. Тоа не е вистина. Значи господа, Европа не им верува на зборовите туку на

делата. Тие сакаат Македонија без манипулации да ги исполни условите, еден по еден, доколку сака да аплицита за нејзино членство во ЕУ, НАТО или било каде.

Ние пратениците од ДПА навремено сме ви ставале до знаење како и што треба да работите со цел да го забрзате процесот на зачленување на РМ во меѓународните структури. Меѓутоа, тоа беше залудно. Потоа многу често почнувате да не обвинувате за радикализам и неконструктивност. Меѓутоа, времето покажува дека ние сме биле во право.

Неуспесите на меѓународен план на оваа Влада се многубројни и тоа почнувајќи од несериозниот пристап, нерешеното прашање со Република Грција каде во текот на оваа година не се водени никакви преговори  и со автокефалната Српска православна црква која не ја признава автокефалноста на Македонската православна црква и ред други прашање од пошироки димензии. Кога велам пошироки димензии, тоа се однесува на обидите на РМ за зачленување во ЕУ. Во тој контекст неможам а да не го спомнам Солунскиот самит.

Иако беше дадена голема помпензност на овој самит, со надеж дека на Македонија ќе им бидат дадени големи шанси за приближувањето кон ЕУ. Фактики од овој самит не произлезе ништо. За да не се каже ништо ќе спомнам само една добивка што ја доби Македонија на тој состанок, а тоа беше правото за учество на наши претпријатија на меѓународни тендери.

Но друго е нешто колку, значи тие претпријатија, наши претпријатија тоа право можат да го искористат имајќи ја предвид понудата што можат да ја имаат нашите фирми во однос со фирмите од земјите членки на Европската унија. Од ова што го реков произлегува дека оваа Влада за вклучување во меѓународните органи не треба да искажува само волја, а не реална работа. Сега е многу јасно дека според се, главниот услов за Македонија за вклучување во меѓународните организми е остварувањето и имплементацијата на Охридскиот договор, а не онака како што го прави Македонската Влада.

Бидејќи дека е тоа најзначајно говори г. Пат Кокс, претседателот на Европскиот Парламент кој што токму во овој Парламент пред неколку денови рече - цитирам: “Охридскиот договор не треба да остане само на хартија, туку треба да се реализира да се имплементира”. Исто така, и господин Робертсон на последната средба со госпоѓа Илинка беше дециден кога рече дека цитирам: “Без навистина имплементација на Охридскиот договор нема приближување и вклучување на Македонија во Европската унија”. Додека портпаролот на г. Солана, на средбата на госпоѓа Митрева со челниците на Европската унија во однос на апликацијата на Македонија за интегрирање во

Европската унија рече кратко: “ова може да се каже, ова може да се направи само преку Охрид”, алудирајќи на остварувањето на реализацијата на Охридскиот договор. Еден осврт во врска со неисполнувањето на условите на Македонија за вклучување во Европската унија, вели, истакнува и Меѓународната кризна група. Во овие нивни оценки или проценки ние можеме да бидеме лути но немаме никакво право бидејќи состојбата е токму таква како што тие ја опишуваат.

Во врска со овој дел од Извештајот на Меѓународната кризна група дури и во Дневник имаше еден коментар од еден новинар таму беше речено зошто има вакви проценки за Македонија под наслов: “Кројачот ни ја зема мерката оддалеку”, се разбира алудирајќи на Европската унија. Кројачот или Европската унија не делува оддалеку, туку одвнатре. 30 метри од Парламентот е канцеларијата на Европската унија и тие доаѓаат, добиваат информации од голем број извори, не само од госпоѓа Митрева, или од Шеќеринска или од премиерот но и од опозиционите партии и од граѓаните. Врз оснава на тие, тие градат еден став, позитивен или негативен. Во случајов за нашата држава или пак за некоја друга држава таму каде што се присутни.

Ние не можеме да се вклучиме во Европската унија доколку не ги подготвиме условите согласно истоветно со земјите членки на Европската унија. За подготвување на овие услови ја имаме и поддршката на Меѓународната заедница. Но, неколку пати или пак намерно или поради незнаење не знаеме како да јаземеме да ја добиеме таа помош. На пример иако поминале повеќе од 6 месеци откога Македонија ја прифати Фининг програмата на Европската унија досега не е реализиран ниту еден проект, а добро се знае дека кај фининг програмите е многу значаен механизам за пренесување на знаење и искуства од институциите на земјите на Европската унија во нашите институции.

Почитувани пратеници,

Тешката економска и социјална состојба се продолжува, без оглед на она што го зборува Владата што направила во текот на оваа година. Економската и социјалната состојба е катастрофална. Нема ништо од ветувањата за нови вработувања. Дури, за една година е зголемен бројот на невработените на повеќе од 10 илјади. Така наречениот Бранков закон за вработување на 20 илјади невработени во текот на годинава постигна неуспех. Тоа го прифатија, признаа претставници на Владата. Имавме можност да го слушнеме министерот за труд и социјална политика во врска со тоа.

Од оваа тешка состојба не се излегува со акција за доделување на земјиште на невработени или социјални случаи, знаејќи дека земјоделството постигнува неуспех бидејќи нема финансиска поддршка, поддршка на интересите на земјоделците. Имаме многу голем број на луѓе кои имаат земјиште, потребна механизација за работа, искуство

и знаење и голем број од нив се откажуваат од земјоделството, бидејќи не им се наплатува нивната работа и нивната пот. Значи, државата многу малку инвестира во земјоделството. Доколку се направи една споредба помеѓу Словенија и Македонија, што се однесува до субвенциите 20% повеќе Словенија дава за земјоделството отколку Македонија. Затоа јас мислам дека овој план, оваа акција за вработување преку поделба на земјиште, мислам дека ќе доживее неуспех.

Странски инвестиции нема, бидејќи нема безбедност. Но и поради бирократијата и корупцијата кои што достигнаа врв. Според нашите анализи, за жал, годинава во Македонија има само 14 милиони долари надворешни инвестиции, сума што во споредба со соседните држави, каде има инвестиции од над 500 милиони долари, навистина е симболична.

Почитувани колеги,

Не задржувајќи се на голем број други значајни прашања што претходно пред голем број претходни пратеници дури во детали зборуваа за тоа, сигурно и многумина после мене ќе зборуваат, сакам да нагласам и тоа дека премиерот, надминувањето на  тешката состојба во државата, што ја прифати, може да ја корегира преку предлогот за реконструкција на Владата со 4 нови министри. Сите знаеме, дури и врапчињата знаае дека овие 4 нови министри, без оглед кои се, можат многу малку да променат во однос на она што сега го има во државава. Ова го велам затоа што отстранувањето на 4 министри не е направено врз основа на некои критериуми туку по се изгледа е некое пазарење меѓу партиите. Ниту еден со факти не кажа дека овие, сега веќе стари бивши министри се помалку работници,  помалку професионално подготвени и направиле поголеми грешки од нивните колеги во оваа Влада.

Кога го имаме ова предвид, се е јасно. Значи, произлегува јасна тенденција дека преку оваа реконструкција народот треба да мисли и верува дека оваа Влада поинаку ќе работи во иднина. Ова е невозможно да се постигне. Немојте да го храните населението со празни ветувања што ги кажавте и на последните избори, туку кажете право, правично, дека вашата работа постигна неуспех и дека за надминување на ситуацијата, во интерес на граѓаните, сме во состојба да ја предадеме власта. Фактички, доколку ги имаме предвид сите сондажи за рејтингот на Владата, каде што се докажува дека е тоа под 50%, произлегува дека електоратот повеќе не ја поддржува оваа сегашна владина коалиција. Вие можете да продолжите да владеете, повикувајќи се нарезултатите од септември 2002 година, но тоа сега веќе е лажно, без основа. Поддршка и легитимна реалност немате за владеење бидејќи немате поддршка од граѓаните.

Имајќи ги предвид сите овие податоци што ги спомнав, доколку ја поддржам оваа реконструкција, се разбира, ќе работат против интересот на мнозинството граѓани на Македонија. Затоа, јас ќе гласам против.

Благодарам

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме понатаму.

За збор се јави г. Џевдет Насуфи.

Повелете.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Госпоѓо потпретседател, почитувани колеги, членови на Владата,

Се разбира дека денес имаме на дневен ред едно многу чувствително прашање што се однесува на презентација на Владата за нејзиното едногодишно работење.

Народот оставил една поговорка со која вели дека убавиот ден се гледа по утрото. За жал, ние, општа констатација е дека ова утро е темно за Владата. Сега пристигнуваме некаде на пола ден, меѓутоа изгледа резултатите на некој начин самата Влада ги има прифатено тие резултати, затоа што во претставениот извештај фактички немаме конкретни наброени резултати.

Овој извештај повеќе претставува еден манифест, декларативен манифест за тоа што треба да се направи во времето што останало отколку она што реално било направено.

Зошто мислиме дека Владата е неуспешна. Во прв ред на економски план, имаме намалување на економските активности што е проследено од осиромашување на населението и неодложно од тоа произлегува намалување на стандардот на населението. Тоа е еден факт што не може да се негира.

Во областа на инвестициите беше кажано дека тие останале на минимум и тоа не може да се толерира за една земја во транзиција што сака да излезе од групата неразвиени и да има одредено ниво на развој. Да има одредено ниво на инвестиции, а фактички нема никакви инвестиции.

Уште нешто што е многу значајно е дека секој ден се повеќе се отпуштаат луѓе од работа, а камоли да се вработуваат други. Се вработуваат евентуално, само партиски војници. Меѓутоа, како и да е, повеќе луѓе се отстрануваат од работа, отпуштаат од работа, отколку што се вработуваат. Ова неодложно води кон една дијагонала што ја

истакна и премиерот, кој истакна дека има пораст во одредени сегменти на макроекономијата, посебно за бруто националниот производ. Фактички, се поставува прашањето доколку се вистинити тие податоци што ги изложи премиерот во својот извештај, тогаш зошто населението се осиромашува? Зошто стандардот на населението паѓа? Има само еден одговор, мислам дека нема друга алтернатива, или бројките не се точни што се спомнуваат во Извештајот или државата е недемократска, затоа што да се збогатува државата, а да осиромашува населението, тие две работи не одат заедно. Обични, карактеристика на социјалистичките и комунистичките држави беше да имаат контрола врз јавниот имот, стопанството итн затоа што на тој начин многу полесно се владее.

Од друга страна, не можеме да се сложиме и со втората проценка на премиерот дека се вработуваат албанци ви јавната администрација, посебно во двете главни клучни министерства, Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи. Бројките не би сакал да ги повторувам, нашиот координатор нив ги истакна, меѓутоа значајно е да се истакне дека, вистина е дека во овие две министерства се вработуваат луѓе, меѓутоа има само една причина, тоа е дека во Министерството за внатрешни работи има построг мониторинг од страна на Меѓународната заедница, Европаската унија и САД за да се вработуваат албанци во тоа Министерство.

Тука треба да истакнам дека јас не сум математичар, меѓутоа се поставува прашањето доколку се примат 50 или 100 албанци, а друга страна од лавовите се вработуваат 200, 300 или 500, практично се поставува прашањето на кое Владата треба да даде одговор - до крајот на 2004 година, на крајот од 2004 година или во текот на 2004 година треба да се реализира суштинската цел на Рамковниот договор, а тоа е составот на полицијата да го одразува составот на населението. Во овој случај доколку се 200-300-400-600 примени, во тие бројки министерството ги знае сигурно многу прецизно, но и ние ги знаеме тие бројки, знаеме дека доколку тука се примат 50 а таму 200-300, тогаш разликата се зголемува и нема да може да се постигне целта која што сакаме да ја постигнеме.

Во овој контекст јас би изнел уште еден елемент со кој ние треба да се соочиме. Треба да се соочиме со еден друг проблематичен контекст дека, за жал, не му посветуваме доволно внимание, а тоа е квалитетното претставување, застапување, а не само квантитативното. Тоа е многу значајно затоа што тие албански кадри што се вработуваат или кои треба да се вработат, колку тие ќе имаат моќ и колку ќе имаат пристап кон процесот на донесување на одлуки? Ние знаеме дека случајот со интервенцијата во Брест, за жал, јасно ја покажа слабоста на оваа Влада, ја покажа

вистинската цел на оваа Влада и покажа дека албанците иако се во МВР, иако се во Владата, сепак немаме пристап кон донесувањето на суштинските и основните одлуки, како што тоа беше случајот со интервенцијата во Брест. Да се биде јасно, во самата реакција на ДУИ, кога изјави дека - ние не сме биле информирани и другиот аспект на проблемот беше тоа, беше начинот на наредбите, на наредбата што ја даде министерот за внатрешни работи кон албанците во министерството и на тој начин даде јасна слика за позицијата на албанците во ова министерство. Тука, јасно, се работи за квалитетот на присуството, на учеството во Владата на албанскиот фактор и колку е нивната сила за донесување на соодветни одлуки во име на државните структури.

Имаме аспект на меѓуетнички односи и Извештајот на Владата во оваа насока. Јас мислам дека беше и констатацијата, права констатација што ја спомна г. Бранко Црвенковски, дека меѓуетничките односи се столбови на изградбата на државата, но во контекст на тоа што го реков пред малку, тие меѓуетнички односи не се градат само со политичка фразиологија. Тие се градат со конкретни дејствија.

Повторно мислам дека, за да се измери, вистински и единствен барометар, да се каже дека меѓуетничките односи се добри или не се добри, тие се под тензија или не се е функционалната соработка, на содејство. Јас мислам дека во текот на годинава е потврдено дека албанците се фактор на донесување на одлуки на содејствување на донесувае на битни одлуки на ниво на државата.

На крајот на краиштата се поставува едно многу конкретно прашање. Манифестирањето на 95 - годишнината на Битолскиот конгрес се одложи. Не смее да се одржи во Битола поради небезбедна ситуација. Никој не даде изјава и доколку се мисли дека меѓуетничките односи се консолидирани, средени, зошто не беше дозволено една многу значајна национална дата да се одржи во тој регион.

Во врска со тоа се поврзува со фактот дека рашомонијадата на учениците во Битола и таа во Скопје, а да не зборуваме за Куманово дека таму проблемот е многу актуелен. Сето тоа не ни дава за право да констатираме дека имаме навистина релеаксирани меѓуетнички односи. Мислам дека тие не се воопшто релаксирани. Сметам дека во оваа насока има место за многу нешто да се направи. Но за жал, врз основа на она што се предлага за реконструкција, определбата е дека овие цели невозможно е да се постигнат. Сите се надевавме, сите мислевме дека два мотива се главни овие односи меѓуетнички да се консолидираат.

Прво, СДСМ со лидерот колку и да има еден негативен имиџ, што се однесува до односите со албанците во претходната власт и тој имиџ треба да се елиминира од историјата, бидејќи компромисна политика и толеранција се дел од едно нормално

дејствување, но за жал, историјата се повторува и во текот на оваа година, вклучувајќи ги убиствата, затворањата, тортурите и тн.

Втората причина за која што мислев дека овие односи на крајот на краиштата ќе добијат еден нормален правец за што сите заедно треба да работиме е тоа што во коалицијата имаме партнер кој што произлезе од војна. ДУИ на кој албанскиот народ му даде глас на политички план да го унапреди оној втор дел од тој столб, значи унапредувањето на правата на албанците. За жал и двата сегменти добија односно постигнаа неуспех, дури може да се рече. го нагласи господин Ќурчиев дека тие не само што се лоши, туку се премногу лоши. Охридскиот договор јас не мислам дека Охридскиот договор е библија. Уште еднаш велам дека многу побогат живот од било која спогодба, дури му забележав и на премиерот во експозето за конституирање на Влада дека ништо повеќе, ништо помалку од тоа што го дава договорот за жал, Охридскиот договор навистина постигнува неуспех. Нема алтернатива Охридскиот договор. Тоа го знаеме сите ние и сите треба да работиме на имплементирање на Договорот. Практиката покажува, Договорот се интерпретира како една школска програма, а не како многу значаен политички правен акт со кој ќе ја градиме иднината на државата и добробитта на сите во Македонија без разлика. Вие знаете дека Охридскиот договор го потпишаа меѓу другите и господин Црвенковски и лидерите на другите партии, а ние знаеме и еден друг факт дека бојата на Охридскиот договор и овдека во Парламентот се измени преамбулата на Уставот што се однесува до позицијата на верската заедница, црквата. Компромисот беше направен, но за жал најголем компромис треба да се направи сега и во иднина. Не сакам да се повторувам она што го рече нашиот координатор, она што го рече господинот Илјаз дека ниту визит картите не можеме да ги имаме на свој мајчин јазик, односно албански јазик., иако е официјален службен јазик со уставот, ние јазикот го употребуваме само овдека пред вас, ниту добиваме материјали на албански јазик, ниту комуницира населението со државната администрација на албански јазик, ниту пак се разнесуваат судски одлуки на албански јазик и тн. Фактички, се обидува да се легитимира неважноста на албанскиот јазик, што не може да се толерира. Го имаме сегментот на претставување. Ќе се поврзам со сегментот на функционалното, содржинско претставување. Јас очекував дека денеска премиерот ќе излезе со предлогот еден од трите главни минстерства да се променат. Албанец да биде или министер за одбрана или минстер за внатрешни работи, или пак да ја замени госпоѓа Илинка Митрева. Тогаш ќе се докажеше дека сме за соживот, за една рамноправност за која што се прокламиравме и го прокламиравме тоа и во Охридскиот договор легално, политички и на секаков друг начин. Но можеби повторно во политика се е можно, го имаме претседателот на

Парламентот, можеби ќе направи некој избор кој што ќе не демантира и мене, но ќе ни ги исполни желбите на сите.

И на крајот, мислам дека надежта за зголемување на доброто разбирање особено меѓу албанците и македонците ќе биде тоа што го реков и господин премиер и партнерите во коалицијата да земат храброст реално да го направат она што го реков претходно.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се пријавува министерот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Само накратко би ја искористил приликата од двете дискусии, затоа што горе долу една од главните анализи беше спроведувањето на Охридскиот договор и помеѓу другото цитатот од последниот извештај на меѓународната кризна група.

Барем во Македонија ни е јасно кој се определи за спроведување на Рамковниот договор од Охрид, какви се активности превзема, меѓутоа, јас ќе се послужам само со два цитати од последниот извештај на меѓународната кризна група, да се види точната оценка на кризната група, фактички за тоа кој е за Охридскиот договор и кој го спроведува. Само во делот на резимето и препораките, иако има потоа околу педесетина страници дополнителен извештај, вќе во уводот стои следната реченица: “Поранешниот пермиер Љубчо Георгиевски и албанскиот политичар Арбен Џафери премногу беа насочени да играат на непријателство и нетрпеливост, отворено поткопувајќи го Охридскиот договор и дури заговарајќи поделба на Македонија по етничка линија”. Тоа е на првата страница по извештајот. И во точката 17 на страница 3 од извештајот уште стои: “САД треба и официјално да го предупредат претседателот на ДПА Џафери, заменикот претседател на ДПА Тачи и лидерот на ПДП Беџети и другите кои имаа постојана јавна поддршка за етничките поделби, кои претставуваат опзиција на Охридскиот договор и имаат приватни врски со криминалци и терористи, дека сето тоа ќе резултира со брзо вклучување на црната листа на САД и европските политички групи треба да ги исклучат политичарите и партиите поврзани со екстремистичката реторика од нивната вклученост во парламентарното Собрание на Советот на Европа”. Тоа се цитати од извештајот на кризната група и тука мислам дека јасно покажува кој што работи. Многу смешно звучи кога пред некој ден ќе го слушнеме и претседателот на ДПА Џафери дека во моментот, најголем проблем во државата биле проституцијата и корупцијата. Ако нешто во државата се направи и ако од некаде Македонија е на тоа прво место е токму во борбата против корупцијата и против проституцијата и трговијата со жени и токму во

годишниот извештај на Стејдепартментот единствено Македонија е вклучена во групата на земји заедно со САД, Шведска, Норвешка, Финска кои превзмеаат мерки против проституцијата. Меѓутоа, најверојатно некој се препознал во претходниот период кога беа токму организатори на трговијата со луѓе на илегално внесување на контрола на локалите каде што таму се одвиваше проституцијата и трговијата со луѓе, па го заборавиле временскиот период. И некој да кажува и трансваренс интернејшнел од извештајот се согласувам дека местото кое сега го имаме во овој годишен извештај сто и шестото или сто и третото е навистина лошо, долно место. Меѓутоа да ве потсетам дека и во изминатите три години Македонија воопшто не беше рангирана на таа листа. Зошто, затоа што и на слепец му е јасно што се случува во Македонија и никој немаше храброст како статистичка грешка да ја вклучи на таа листа. А оваа година, барем ако не друго и со испитувања кои се правени до март 2003 значи за пет испитувања се стигна до таа позиција од кои две во 2002, значи во времето на претходната Влада и три од почетокот на оваа година, сепак Македонија најде место на таа листа и ќе оди нагоре. Меѓутоа, од оние кои што беа организатори на издавање на дозволи на контингенти вон никакви законски прописи, ако не друго оваа Влада ги укина контингентите. Сега никој не може да му забележува на министерот за економија дека по некои субјективни оценки дели контингенти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Насуфи се јавува за реплика од три минути.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Јас не ја разбирам реакцијата на господинот Костов поради причината што има врска сега проституцијата со отчетот на Владата. Министерот ја има својата работа а проституцијата е казнива со закон. Затоа има кој да се занимава со тоа прашање и незнам сега каде е релацијата со господинот Арбен Џафери, но ова е отворено дека во прашање е желбата да се дискредитира господинот Џафери затоа што не е коректно во прв ред да се спомнуваат имиња на луѓе кои не се присутни овде. Затоа мислам дека господинот министер треба да се корегира во оваа насока.

Што се однесува до извештаите на кризната група ние ги знаеме извештаите и за минатата Влада, ги знаеме извештаите и за оваа Влада. Но начинот како се толкува овде мислам дека е една закана, посебна една закана врз опозицијата. Јас не би го советувал да се занимава со овие дејствувања, затоа што ние не можеме да се повлечеме од она што е еднаквост или барање за еднаквоста на албанците. Ова нема врска со

проституцијата, ниту со кризната група. Овде се однесува на еднаквоста на албанците во контекс со Охридскиот договор.

И под три, со ова се разместува темата и мислам дека понатаму ќе нема потреба за коментар.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави министерот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас само накратко ќе кажам, не коментирав она што господинот Насуфи зборуваше, туку се осврнав и на претходната дискусија во која што наводно се цитираа извештаи од кризната група. Нема никаква закана овдека од Владата спрема опозицијата, туку напротив, јас само прочитав две точки од извештајот на меѓународната кризна група од последниот извештај кога е тој изваден на 23 октомври 2003 година.

Според тоа, ако си ја сваќаат како некоја закана тогаш треба да ја сватат како закана од меѓународната кризна група.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, за реплика на господинот Костов се јавува господинот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Одговорот на господинот министер повеќе алудираше на мојот говор, односно на дел од мојот говор и се виде дека тој нема аргументи да ги демантира податоците кои јас ги презентирав. И поради недостатокот на можноста да ги демантира податоците кои јас ги изнесов, во однос на тоа како работела Владата и кои се нејзините слабости, тој сега се фаќа на некои други аспекти од извештајот на меѓународната кризна група и тн. Ова е газење на процедурата од негова страна, доколку тој сака да се мери со Џафери или со некој друг, има можности преку емисии, дебати и на тој начин ќе можат да му бидат дадени објаснувања за работите кои му се нејасни. Господинот министер е одговорен за недостатокот на безбедноста во оваа држава, за безбедноста на албанските ученици како што реков, децата се фрлаат од прозори, а никој не полага одговорност. Не се обезбедуваат услови учениците во Битола да учат на својот јазик, Каква активност води, како делува МВР во однос на обезбедувањето на безбедноста. Даваат единствени наредби за превземање интервенции во Брест и во други села каде што се убиваат невини луѓе. Зошто не се прашува нивниот партнер во коалицијата. Едноставно се делува

на едностран начин и со ова се влошува безбедносната ситуација во Република Македонија. Јас уште еднаш сакам да кажам дека ситуацијата се презентира на погрешен начин пред странскиот фактор и на тој начин се прави обид Македонија односно да се забрза патот на Македонија кон приближувањето на европската институција и друга меѓународна организација, меѓутоа ние не треба да се обидеме нив да ги измамиме, затоа што тие имаат точни информации за сите движења што се прават тука, за сите слабости, за сите пропусти што ги прават нашите институции. Исто така и за грешките кои се прават и воопшто за ситуацијата. За да не се продолжи времето за приближувањето на Македонија кон Европската Унија треба да се работи во согласност со Рамковниот договор и уставните измени.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Немам намера да навлегувам во полемики за извештајот за работа на Владата, господинот Халими наводно прочита цитат од извештајот за кризната група, а јас буквално му прочитав два цитата, две точки од меѓународната кризна група. Според тоа, препораките и резимето имаат три страници нека земе, нека ги види, нека ги прочита ќе ги види тие што ги прочитав јас, ќе го најде тоа на лице место.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика на дискусијата на господинот Костов се јави господинот Ружди Матоши.

Само едно појаснување. Да нема забуна господинот Хари Костов инаку се јави за дискусија, така што не ја третирајте неговата дискусија како реплика и нема врска никој да забележува дали одговарала или не одговарала на претходните дискусии. Тој се јави со свое видување.

Господине Матоши повелете.

РУЖДИ МАТОШИ:

Само нешто сакам да констатирам во Република Македонија, кои се оние кои што произведуваат омраза, шовинизам, кои се тие кои што прозведуваат поделби. Токму оваа коалициона Влада која што не престана со својот жаргон, со својот речник дека во текот на нашето владеење Македонија ќе заврши на Групчин, додека ние градевме автостради,

токму беше нивниот главен жаргон на оваа коалиција на СДСМ, на оваа политичка структура внесувајќи страв кај граѓаните на Република Македонија дека тука завршува Македонија, дека се продава дел на Македонија, се направи тоа, се направи ова. Денес токму овие претставници, токму овие лидери, токму оваа политичка гарнитура која што прозведува екстремизам, нацифистички мерки против албанците, како што е Брест и тн., како што се дејствувањата што се прават против албанците, ние не толерираме и не сакаме да слушнеме од оваа политичка гарнитура, вината што ја имаат тие, која што ја сносат тие, да ја префрлат на некој си друг.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме понатаму.

Има збор господинот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Мислам дека немаме проблем со преводот, ама изгледа не се слушаме.

Јас само прочитав " страна 1 од Извештајот, од резимето на Меѓународната кризна група. Страна 1, од десна страна стубецот, последниот пасус и страна 3 точка 17".

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусиите.

На ред е господинот Кире Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Почитувана потпретседател на Собранието, почитуван премиере, почитувани министри, почитувани пратеници,

Точно пред една година ова време поминуваше во знакот на еуфоријата предизвикана од резултатот на парламентарните избори и од остварувањето на намислата на лидерот на Коалицијата за Македонија заедно, г-динот Бранко Црвенковски, на 15 септември "народот ќе ја земе судбината во свои раце".

Тогаш 15 септември стана своевидна метафора на победа, симбол на симнување од влас на разузнувачката на државните и национални интереси претходна Влада. Симбол на победа на една антимакедонска, корумпирана и криминална Влада. Власт која државата видно ја разори по сите нејзини шавови. Значи, се наследи состојба на разнебитени, партизирани институции, испразнета државна каса, нестабилна безбедносна состојба предизвикана од воениот конфликт за кој длабоко сум уверен дека претходната власт создаде услови и навремено не го спречи. Многу раселени лица, нарушени меѓуетнички односи, корумпирани институции со чија помо се богатеа дел од

партиските и државните функционери, а владеачките партии натрупуваа огромен имот. Згора на тоа откако се виде дека не им успеа сценариот за целосно економско уништување на државата, поделба на државата и размена на територии и население, кои благовремено беа спречени од Владата на широка коалиција со прекин на војната и потпишување на Рамковниот договор, 4 до 5 месеци пред изборите, кога очигледно беше дека ги чека тежок пораз на претстојните парламентарни избори почнаа да работат на рушење на идната Влада. Почнаа да поставуваат опашки кои беа многу свесно поставени , и кои по замислата на претходната власт требаше да се влечкаат долго и како темпирани бомби да се активираат по потреба, што оваа година го гледавме по улиците во градовите и по кризните региони. Тие темпирани бомби требаше да ги откриваат, газат и уништуваат тие што ќе дојдат после нив. Значи , после нив потоп.

Вакви поставени опашки ги имаше, но како покарактеристични и со подалекусежни последици ќе набројам неколку.

Прво, иако го донесоа Законот за амнестија пред изборите процесуираа стотина кривични пријави против лица кои беа опфатени со амнестијата. Зборувам за втората амнестија, а не за првата амнестија, која ја донесоа непосредно веднаш после парламентарните избори 1998 година и со која амнестираа илјадници криминалци, наркомани, дилери на дрога, господари на трговијата со бело робје.

Второ, запослија над 1100 лавови со нелегален, нерегуларен законски работен однос, божем се грижат за бранителите иако знаеја дека ќе бидат отпуштени од работа. Со месеци на овие луѓе не им беа исплатени личните примања и не им беа платени придонесите за плати и стаж.

Трето, ги натрупаа јавните претпријатија, институции , фондови како што се Електростопанство на Македонија, Претприајтието за станбен и делвоен простор, Фондот за здравство, медицинските установи, Македонија пат..

(Реакција на пратениците од место - не е тоа темата)

Темата е господо од опозицијата што наследивме, како требаше да се подготвиме и како требаше да работиме.

(Реакција на пратениците од место).

Сега брзо ќе стигне.

Четврто, во последните 6 месеци сите овие опашки ги оставивте и уште тогаш почнавте на рушење на идната Валда. Овие работи мора да се кажат.

Во последните 6 месеци го презадолжија Буџетот со огромни суми пари преку задолжувања кај многу фирми. Новата Влада 4 до 5 месеци не можеше да ги открие сите задолжувања, а веќе стигнуваа судски пресуди за нивно присилно наплаќање.

Пето, неколку месеци пред изборите се направи упад во судскиот систем со поставување на истакнати партиски членови за судии во РСС, Врховниот суд и по вертикала претседатели на основните судови со цел после губењето на власт да се прават опструкции на судските процеси против нивните високи функционери, за кои и самите знаеја и беа свесни дека ќе се случат.

НОвата Влада едноставно мораше да се претвори во пожарникар за гаснење подметнати политичко безбедносни и криминални пожари што не и дозволуваа да посвети поголемо внимание на развојот, реформите и подобрување на животниот стандард на граѓаните.

Накратко сакам да се навратам на неколку области од работењето на новата Влада во изминатата година.

Ќе почнам со безбедносната стабилност и мир бидејки според мое лично мислење без овие решени проблеми беспредметно е да се разговара за сите преостанати проблеми од општествено-политичкиот живот на државата. Затоа во првата година на владеење на оваа власт приоритет се даде на овој проблем.

Пред една година ветивме дека ќе го вратиме мирот, безбедноста, стабилноста во секое едно семејство на целата територија на Република Македонија . Враќање на раселените лица и доследно спроведување на Рамковниот договор. Што затекнавме и од каде требаше да се почне со решавање на овој безбедносен проблем.

Наследивме поствоен, постконфликтен период со нарушени до крај меѓуетнички односи и сериозно изгубена меѓусебна доверба. Институциите на системот над 30-тина проценти од територијата на Република Македонија немаа контрола. Се соочивме со растурени безбедносни структури без никаков авторитет. Вооружени, партизирани елитни единици на владеачките партии кои хараа со возила без регистарски таблички по патиштата и градовите на Република Македонија вознемирувајки ги чесните граѓани низ целата територија на државата.

Се спореше унитарниот карактер на државата, територијалниот интегритет и суверенитет и сеуште во игра беа мрачните сценарија за поделба на државата и размена на територија и население.

Во оваа година Владата на Република Македонија направи огромен напредок во оваа сфера.

Република Македонија денес е побезбедна, постабилна и многу попочитувана земја. Денес никој релевантен фактор и од земјата и од Меѓународната заедница на државата не и предвидува нова војна, нов конфликт. Никој не и го спори унитарниот карактер, територијалниот интегритет и суверенитет. Институциите на системот се

присутни на целата територија на државата , иако јас лично ќе бидам потполно задоволен кога и во еден мал дел од територијата на Република Македонија таа присутност нема да се гледа само преку патролирање на мешовитите полициски патроли, туку и со враќање на сталните полициски станици општо прифатени од месното население.

Сите граници на Република Македонија се мирни и безбедни. Најголем број од раселените лица се вратени во своите реновирани домови, иако јас лично ќе бидам потполно задоволен кога ќе се вратат и преостанатите 2700 лица на своите вековни огништа, од каде што брутално беа истерани од сопствените куќи во сопствената држава.

Во решавањето на овие безбедносни проблеми морам да им оддадам почит и на нашиот коалиционен партнер ДУИ, кој се срдно се залагаше и се залага за смирување на состојбите, подобрување на меѓуетничките односи и враќањето на меѓусебната доверба по цена на паѓање на нивниот рејтинг.

Се договоривме со ДУИ дек анема алтернативи. Унитарноста, целовитоста, неделивоста и почитувањето на територијалниот интегритет и суверенитет на државата. Се договоривме дека комплетната имплементација на Рамковниот договор ќе ги стесни сите рамки за дејствување на екстремистичко националистичките сили и поединци од каде и да е тие да доаѓаат. Се затвораат скоро сит енерешени проблеми на меѓуетнички план, кој како едно карциногено ткиво не притискаше изминатите 12 години.

Со затворањето на сите овие проблеми вашит еполитички противници од албанскиот политички блок се доведуваат во многу тешка позиција, затоа што останаа уште многу малку аргументи за нив за да продолжат да ја играат улогата на жртва. Ќе мора за брзо време и тие да ја напуштат старата политика и да се стават во позиција на едно поактивно креирање на политика, што мора да се признае дека е многу покомплицирано отколку постојано да се жали. Сега и тие треба да земат повеќе обврски.

Вие почитувани колеги од ДУИ тоа навреме го осогледавте и така и се однесувате и работите. Пополека го стекнувате и почитувањето на македонскиот народ, иако тоа ќе оди споро, што е нормално после еден воен конфликт каде што сеуште не се залечени сите рани.

На крајот би ве замолил да направите дополнителни напори на полето каде што е најосетлив макеоднскиот народ. Почитувањето на симболите на Република Македонија - знамето, химната и грбот на целата територија на државата. Со тоа ќе ги потврдите вашите програмски определби за унитарноста, територијалнито интегритет и суверенитет на Република Македонија , а во исто време ќе ги стекнете и симпатиите на макеоднскиот народ како прва политичка партија на албанцит екои ги почитуваат државните симболи.

Сега нешто сакам накратко да се осврнам околу економијата. Нема да се задржам на оние математички бројки кои ги имам забележано дека се седум на брои и кои според мое мислење се успех на оваа Влада на ова поле, но ќе ги задоволам апетитите на опозицијата и ќе зборувам само на оние полиња каде што не постигнавме резултати. Значи, ги скокнувам математиките, го скокнувам порастот на бруто домашниот производ, за растот на индустриското производство, задржување на стабилност на денарот, за инфлацијата , за зголемвуање на увозот и извозот, за девизните резерви, иако стално од опозицијата сме критикувани дека оваа Влада ги троши и ги намалува девизните резерви. Тие во меѓувреме се зголемиле за 107 милиони длари. Нема да говорам ни за потпишувањето на стенбај аранжманот, кој според мое лично мислење е едно од клучните прашања, бидејки државата ја врати во системот на меѓународнит ефинансиски институции. Ќе зборувам нешто за инвестициите во онаа смисла, бидејки јас лично не сум задоволен од резултатите на тоа поле.

Посебно не сум задоволен во домашните инвестиции каде што имаме субјективни слабости, но стравот да не се направи некоја грешка, да не се отвори афера, да не се фрлаат парите во нерентабилни инвестиции си го направи своето. Се надевам дека со новите кадровски решенија во економскиот дел од Владата и плус ресорот за транспорт и врски овие грешки ќе се исправат и тешко заштедените сопствени пари ќе се инвестираат соодветно со чесни и беспрекорно спроведени тендери. Нема страв од грешка ако се има чесни и поштени намери.

Во делот на странските инвестиции истот ака се покажаа слаби резултати. Иако се поправија некои законски решенија за олеснување на идните странски инвестироти резултатот беше слаб. Да бидеме искрени оваа година и не очекувавме на овој план некој поголем успех со оглед на безбедносно политичката состојба која ја наследивме и со огле дна криминализацијата и корумпираноста што ја наследивме од претходната власт.

Со најновите испитувања по криминал и корупција од 60 место во 1999 година паднавме на 106 место. Оваа година се создадоа предуслови и во безбедносно политичката стабилност и во борбата против криминалот и корупцијата. Се надевам дека после две-три години со новиот извештај ќе паднеме и под 50 место по степенот на корупција и криминал.

Мојот оптимизам дека ќе се подобри состојбата со странскит еинвестиции го гледам и од друг агол. Република Македонија за озбилни, сериозно квалитетни странски инвестиции е мал пазар, што значи дека и состојбите во регионот се многу важен фактор

за влез на странските инвеститори. Значи треба мирно опкружување и регионална соработка на економско поле за да овој пазар се прошири за околу 30-тина милиони.

Националистичката и етничката напнатост што ги делеше Република Македонија и соседните земји во изолација во изминатата декада постепено ја снемува. Република Македонија и соседните земји можат да ги убедат домашните и странските инвеститори и Меѓународната заедница дека мирот, безбедноста и стабилноста се постојана состојба. Постои изобилство од можности за инвестирање во овој регион, бидејки се забележува и подем во економијата и во секоја од овие земји пооделно, но само ако инвеститорите најдат уште еден фактор повеќе-стабилност, безбедност и меѓусебна економска соработка.

На полето на вработувањето не се постигнаа резултати ова е најболното, најтешкото прашање кое го тишти секое наше семејство. Ветивме по еден вработен од фамилија и од тоа ветување не бегаме. Свесни бевме, а потсвесно и секој граѓанин на Република Македонија знае дека овој проблем не се решава преку ноќ и дека нема некоја магична формула тоа да се направи набрзина. Затекнавме состојба од 376 илјади невработени, а сегашната состојба е 384 илјади односно 8 илјади нови невработени. Од овој податок бегање нема.

Се зафативме со решавање на 24-те загубари и со вистински реформи во јавната администрација, за која и минатата власт имаше полна уста пофалби дека наводно биле лидери на Југозападна Европа во оваа сфера, но во меѓувреме ја зголемиле од 80 илјади на 120 илјади. Овој преголем товат почитувани пратеници мораше еднаш да почне да се решава, а решенијата се многу болни и чувствителни. Се добива впечаток дека оваа Влада наместо да вработува нови луѓе таа брка од работа. Оваа година тоа беше премногу експлоатирнао од опозицијата.

Господа пратеници.

Која Влада сака да се прослави со бркање од работа. Која Влада да и се зголеми бројот на невработени. На кој нормален човек му е мило да истера некого од работа. Дали и оваа Влада не можеше да работикако и претходанта, па да вработи уште 40 илјади нови луѓе во јавната администрација, па на полето на вработувањето да имаме импозантни резултати. Која Влада сака да и паѓа рејтингот секојдневно. Секојдневно опозицијата не обвинува дека вршиме страшен терор и реваншизам према нивните членови со што индирекно признаваат дека вработувале во јавната администрација само по еден единствен критериум-партиската припадност.

Ние не ветивме дека ќе вработуваме во јавната администрација. Напротив, кажавме дека ќе се ослободиме од вишокот на вработени во неја за да еднаш за секогаш

се ослободи стопанството од тој баласт. Стопанските субјекти, стопанствениците и вработените во стопанството се доведоа во ситуација да пропаѓаат од претекиот товар на јавната администрација која ја носат на својот грб.

Сега сакам да се осврнам на некои ваши кажувања, драги колеги пратеници од опозицијата во вашите говори и да ја расчистиме тезата дека сите сме исти, дека сите исто работиме кога сме на валст, а во последно време дури и тврдите дека оваа власт е многу полоша од претходната. За да го расчистиме ова ќе мораме да направиме некои спореби за она како работеше претходната власт, а како работи оваа.

Во никој случај нема да се споредуваме со вас во стилот дека и вие така работевте, бидејки ние на нашите граѓани им ветивме дека ќе работиме не подобро од вас, не исто како вас, туку ветивме дека ќе работиме сосема спротивноод претходната власт. Дали ова ветување го исполнивме ќе видите во повеќе наврати.

Да почнеме од гледањето секојдневно што читаме по весницте и гледаме за непотизмот на СДСМ. Што вие господо од опозицијата знаете за непотизам. Од правило кое важеше за време на вашата власт го сведовме на исклучоци. Од над 4500 раководни места во државата заедно со членство во управните одбори на јавните претпријатија со макотрпна, секојдневна ваша работа пронајдовете само 30-тина кои под ваш притисок,под притисок на јавноста, како и на реакциите на граѓаните, кој од нив си даде само оставка, а кој беше разрешен. За останатите видови на непотизам од стилот на четвртиот братучет, на шурата на советникот на општината не сакам да коментирам.

Во оваа битка со непотизмот и конфликтот на интереси посебно сум благодарен на огромниот придонес што го даваат сите медиуми и Комисијата за антикорупција , кои ги откриваат сите случаи, а Владата на Република Македонија брзо реагира и разрешува. Овие новонастанати принципи, нововоспоставени принципи на оваа Влада беа измислена именка за претходната власт. Дали се сеќавате Владата на Георгиевски да разреши барем еден случај на непотизам и конфликт на интерес. Дали се сеќавате да се реагираше барем еднаш од сите афери кои се случуваа по десетина дневно, дури и во денови на викенд и празници и што е најтрагично, со најголем интензитет за време на военито конфликт. Дали се слушаше гласот на јавноста и дали се слушаше галсот на народот? Дали случајно сме исти, исто работиме на полето на криминалот, корупцијата и во нивното сузбивање. На ова поле најодговорно тврдам дека во последнава година се има направено повеќе отколку во изминатите 12 години. Се смени целокупната клима. Веќе криминалот и корупцијата не се толку исплативи, бидејки се виде дека од сега па натаму секоја злоупотреба на функција ќе биде соодветно санкционирана од било која страна да доаѓа. Ветивме пред граѓаните на Република Македонија дека доследно ќе го

почитуваме Законот за антикорупција, кој го донесе Вашата Влада, ама со рок на важење после  вашето одење од власт.

Иако ви беше должност според Законот, не ја формиравте Комисијата за борба против корупција од на секого познати причини. Ние ветивме дека ќе ја формираме и тоа го сторивме уште во првите месеци од нашето владеење. Секој избран или именуван функционер од владеачките партии го пополни својот анкетен лист за својата имотна состојба и го стави на увид на јавноста. Некои од вашите функционери листовите за секоја промена на анкетните листови не ги ставија на увид на јавноста. За секоја промена на нашата имотна состојба ја известуваме Комисијата за борба против корупцијата во определениот рок онака како што предвидува Законот и како што ветивме пред граѓаните. Донесовме измени и дополнувања на законите со кои се регулира поголема успешност во борбата против криминалот и корупцијата. Се отпочна постапка за измена на членот 17 од Уставот на Република Македонија со кој се регулира начинот на прислушкувањето и другите средства кои во моментот ја попречуваат ефикасната борба против организираниот криминал и корупција. Ќе се измени и законската регулатива која го регулира начинот на пленење и конфискација на имотот и парите на криминалците, ќе се вратат голем дел од украдените пари на граѓаните. Сето ова го правиме уште од првата година на нашиот мандат, нелогично за ваши сфаќања, да не се уживаат благодетите на власта, ние им ветивме на граѓаните дека заврши слаткиот и удобен живот за оваа и за секоја идна власт. Ги нема повеќе по медиумите црните хроники за афери, криминал и корупција, кои беа главна карактеристика за време на владеењето на претходната влада. Не велам дека криминал и корупција нема и ќе нема. Како и секаде во светот, таа ќе ја има и овде, но ќе се сведе во едни нормални граници. Во една година е сведен на исклучоци, а не правило како што беше порано. И што е уште поважно, кога ќе се открие дека некој актуелен функционер направил криминал ќе важат истите правила и прописи кои важат и за сите останати граѓани.

Постојано велите дека борбата против криминалот и корупцијата е еден обичен лов на вештерки и чист партиски реваншизам. Дека тоа не е така, брзо бевте демантирани од брзите реакции за Министерството за внатрешни работи во случаите кои вие ги презентиравте околу сегашните јавни набавки и бидете сигурни дека за брзо време таа листа на криминалци ќе се прошири и со наши поранешни и сегашни функционери.

Лично многу сакам да се успее во оваа борба против криминалот и корупцијата, бидејќи тоа им го ветиме на нашите граѓани, а и поради нас самите. Никогаш да не ни падне на памет да се занимаваме со некои протизаконски работи, бидејќи ќе знаеме што ќе не чека од оваа или од било која следна власт.

Верувам дека оваа генерација на политичари и функционери ќе воспостави такви норми, такви правила на игра кои важат во сите напредни западни демократии. И

во иднина, да не ни се случува најпосакувана работа на секој граѓанин на Република Македонија да биде политиката. Еднаш засекогаш ќе се разбие фамата дека со станувањето политичар ќе се украдат милиони евра.

Господа пратеници, дали ви е познат случајот до минатата година некој да биде притворен, затворен и осуден заради трговија со бело робје. Оваа година ги има повеќе случаи, тргнувајќи од босот на трговијата со бело робје. Дали имате слушнато оваа година организирано да се шверцува и делат цели шлепери со оружје и муниција по принципот фифти - фифти на борците за човекови права и партиските вооружени единици. Напротив, секојдневно слушате за расформирање на такви единици и разоружување на истите, за акции за доброволно предавање на нелегалното оружје, а после тој рок добро знаете дека со новиот изменет закон ќе се добиваат казни и до 10 години затвор за откриено нелегално оружје. Тоа го ветивме и тоа го правиме.

Постојано не обвинувате за партизација на институциите на системот и реваншизам. Обвинувани сме од вас кои без да се навредите, ама покажавте дека сте вистински велемајстори во таа област. А како работи оваа власт на тоа поле?

Ќе почнам најнапред со поставувањето и разрешувањето на раководните кадри, што на крајот на краиштата е и нормална работа, бидејќи одговорноста за целокупната состојба во државата ја носиме ние. Но ветивме пред граѓаните на Република Македонија дека на раководни места ќе поставуваме луѓе кои се стручни и компетентни, без разлика на партиската припадност и буквално така постапуваме како што ветивме. Имаме цели министерства каде освен министерот и заменик министерот, не е чепнато ништо понатаму. Имаме голем број јавни претпријатија каде се сменети само првите луѓе, а сите останати раководни места не се гибнати. Овој нов пристап на работа на новата власт најпластично се гледа во третиот ешалон на локално ниво. За да не звучи празно и неуверливо, бидејќи во старт знам дека не ми верувате, ќе се послужам со објаснување каква е состојбата на овој план во мојот Ресен.

Од 30-тина раководни места во институциите, јавните претпријатија и органите на управа, 12 места ги држат најистакнати функционери и членови на ВМРО-ДПМНЕ, 10 на ВМРО-ДПМНЕ, 2 на ДПА. Значи, скоро една половина од сите раководни места се ваши. Никоја друга останата партија поединечно нема толку раководни места. Во нив се актуелни и претходни претседатели, ваши координатори и членови на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ од Ресен. За да се уверите и проверите дека ова е вака, ќе ги прочитам сите овие места: Подрачна единица на Министерството за образование - ВМРО-ДПМНЕ, Подрачна единица на Министерството за езкономија - ВМРО-ДПМНЕ, Одделение за општи и заеднички работи - Министерството за финансии -

ВМРО-ДПМНЕ, Отсек за имотно - правни работи - Министерството за финансии - ВМРО-ДПМНЕ, Одделение за даночни обврски - Министерството за финансии - ВМРО-ДПМНЕ, Министерството за социјална политика и труд, Подрачна единица Ресен - ДПА, Центар за социјални работи - Ресен - ДПА, Македонија пат - ВМРО-ДПМНЕ, Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор - ВМРО-ДПМНЕ - Ресен, Македонски пошти - ВМРО-ДПМНЕ, Агенција за блокарни сметки - ВМРО - ДПМНЕ и Агенција за развој на земјоделството - ВМРО-ДПМНЕ.

Ова се господа само раководни места, а за некакви подолни разместувања на ваши членови не станува ни збор, бидејќи е нормално вашите раководители да водат за тоа сметка.

Сега мора да се прозбори каква беше состојбата на овој план и во претходната власт. Од раководителот односно директорот до чуварите и куририте ги уназадивте нашите членови, ставивте вашиф партиски војници, во многу случаи некомпетентни и нестручни, исклучиво по партиска линија и директива, како да се разместуваат луѓето во институциите, која доаѓаше од извршните комитети на ВМРО-ДПМНЕ. И пак да не звучам неуверливо и да поверувате во тоа што ви го зборувам ќе морам да се послужам со изворен документ.

“Демократска партија за македонско национално единство - Општински комитет - Дебар.

До директорот на ХЕ “Шпиље” - Дебар, господин Љупчо Ангеловски.

Наредба:

Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ - Дебар ти наредува да се извршат следните промени на работните места во ХЕ “Шпиље”.

1. Правникот Изет Шемши да биде распроеден во Електродистрибуција - Дебар, на исто работно место со Јован Панчевски, кој воедно ќе ги извршува и работните задачи - референт по обезбедување”.

(Реакција во салата)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, ова е илустрација на моменталните состојби.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Ви кажав како ние поставуваме ваши кадри.

Господине Трајанов, бидете културен и дојдете после реплицирајте.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ајде да нема дијалог. Господине Гештаковски, ве молам продолжете во интерес на времето.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Јас не можам да правам споредба со претходната Шведска или Шпанска влада, нормално е да се прави споредба со вашата влада претходна. Со кого да се споредувам?

“2. Крсте Узуновски, референт по обезбедување, да се премести на работно место во производство или одржување.

3. Бранко Андоновски, одговорен да биде на Возниот парк.

4. Душан Лалчевски од набавувач да се премести на работни задачи во книговодство, а на негово место да се постави досегашниот книговодител Илија Панчевски.

5. Меџит Самарџиу од работно место магационер да се премести на работно место чувар, а Зафировски Богдан од работно место чувар да се постави за магационер.

6. Султан Амид Дураку да се префрли на работа во градежната група.

7. Рибарите да бидат под строга контрола и да одговараат пред Блаже Штерјовски.

Општински комитет на ВМРо-ДПМНЕ ти наредува горенаведените промени да се извршат најдоцна до петок, 28 април 2000 година. Во спротивно на барањата и за неспроведувањето ќе ти бараме писмена неотповиклива отставка, а за предното да се изјасниш најдоцна до 29 април 2000 година.

Општински комитет на ВМРО-ДПМНЕ,

Претседател - Ѓорѓи Илиевски”

Вака функциониравте и вака ја водевте државата. На ова и Сталин би ви симнал капа. Свесни сме дека ако се промени власта вие пак се ќе откорнете. Но, за да престане тој реваншизам, таа реваншистичка борба меѓу двете најголеми македонски партии, ние се решивме вака да постапуваме. Исто така сме свесни дека таа борба, ако не се прекине, ќе прејде во борба до самоуништување. Желбата и капацитетот за да се спречи оваа борба за самоуништување ја има само СДСМ. И ние тоа ќе го направиме. Верувале вие или не, но не ќе може повеќе да ги лажете прво вашите сопствени членови, а после и сите граѓани на Република Македонија, бидејќи тие самите се на раководни места и тоа најдобро си го знаат.

Во оваа работа одиме буквално во крајност. Не ги вративме и нема да ги вратиме нашите жени, деца, родницни на старите работни места од кои вашата власт токму на еден ваков начин ги деградира и размести заради дадените ветувања пред граѓаните.

Не сме сите исти ни по работењето и одговорноста на нашите новопоставени раководители. Поаѓајќи од генералните државни директори на јавните претпријатија, фондови и други институции до раководителите на локално ниво. За пример ќе го земам вашето омилено јавно претпријатие за перцепција “Електростопанство на Македонија” и нормално ќе зборувам за подрачната единица на ова претпријатие во Ресен. Сегашниот раководител буквално не смее гума и молив да набави ако не добие дозвола од Скопје. Нема право на денар репрезентација, а камоли на еднократни репрезентации од 12.000 евра, или поседување на 10-тина мобилни телефони. За да ја запали службената кола и да дојде во Скопје потребна му е претходна дозола. Секој месец е наградуван ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Гештаковски, јас се извинувам, меѓутоа, мислам дека се одалечивте од темата прилично. Јас ве молам да се вратите на темата.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Морам да кажам како работат овие раководители.

За да ја покажам штедливоста и одговорноста во работењето на новите раководители од оваа власт, морам да го кажам тоа. Секој месец е наградуван и казнуван ако не ја покачи наплатата на електричната енергија за одреден процент и ако не ги намали загубите на електричната енергија.

На ваков крвав начин се направени заштедите во Буџетот и во сите јавни претпријатија, фондови и институции. До крајот на нашиот мандат вака ќе работиме и ќе го цениме и штедиме секој еден денар земен од искинатите џебови на нашите граѓани.

Со неколку реченици сакам да го коментирам во последно време и многу злоупотребуваното од оваа говорница прашањето за приватизација на Електростопанство на Македонија. Дали тоа ќе се случи и кога? Мојот одговор е да. Ќе се приватизира, ама знаете кога? Тогаш кога ќе се подготви, нашминка и доведе во Комисија за постигнување на максималната цена на пазарот. Не може таа цена да се постигне и успешно да се приватизира со наплата на електричната енергија од под 50%, колку што изнесуваше минатата година. Сега таа наплата е стигната до 65%, а до приватизацијата

ќе постигне 85%, онолку колку што беше до 1998 година. Ќе се намалат загубите на електричната енергија и ќе се растовари компанијата од вишокот вработени. Сигурен сум нема да се склучи штетен договор за Република Македонија, за вработените во Електростопанство на Македонија и за потрошувачите на електричната енергија и дека виталните делови на Електростопанство на Македонија нема да се продадат туку ќе останат во сопственост на Република Македонија.

А што планиравте вие да направите со Електростопанство на Македонија? Сакавте да го продадете набрзина пред изборите за без пари. Само временски теснец ве спречи во тоа. Сакавте набрзина да го продадете со една единствена цел: да се земат 200 до 300 милиони евра провизија. А дали има некој право на тоа? Знаете ли како е граден електроенергетскиот систем на Република Македонија? Го градело генерации и генерации од 1945 година до денес. Нема планински врв каде не свети електрична светсилка. Граден е во голема сиромаштија со пот, крв, а богами и десетици вградени човечки животи во браните на хидроцентралите на Република Македонија.

Никој нема право да си поигрува со тој капитал. Што мислите, оваа Влада не можеше да го продаде оваа година Електростопанство на Македонија, па со земените една милијарда евра да биде лидер на Европа во однос на странски инвестиции, а не на Балканот.

Како што гледате, ништо не е исто, во ништо не сме исти. Наспротив, сме такви какви што ветивме дека ќе бидеме и работиме.

На крајот, сите вие и сите граѓани на Република Македонија логично ќе се запрашаат зошто, и покрај сите овие работи, и покрај сите овие разлики кои се очигледни и видливи секојдневно, од сите граѓани на Република Македонија меѓу претходната и оваа власт, рејтингот на Владата, партиите кои се на власт, пратениците и Собранието опаѓаат.

Владее една апатија и чувство на безперспективност кај граѓаните, почнувајќи од нашето членство.

Мое мислење е дека проблемите со кои се соочивме беа премногу големи и тешки на секое поле. Се изгуби доста време во еден постконфликтен период, кој е многу чувствителен за неутрализирање на сите вметнати бомби, кои можеа дополнително да ги разгорат меѓуетничките тензии. Времето си одминуваше, резултатите беа незабележливи или пак беа многу малку забележлви во сферите, кои народот може лично да ги почуствува во своето секодневие и стандар. Затоа, како одминуваше времето, така позитивната енергија кај граѓаните спласнуваше, за полека да се трансформира во апатија.

На самиот крај каде го гледам оптимизмот, вербата и надежта. Надежта е во генералниот правец на новата влада. Во сите сфери од животот се создадени во оваа година сите предуслови, државата се стабилизира на безбедносен план, на економски план се постигна финансиска стабилизација, се затворија сите финансиски дупки и дубари, дубиози, се заштедија многу пари, се наполни касата. Се објави и се води беспоштедна борба против криминалот и корупцијата. Се вратија изгубените морални вредности. Го имаме истиот ентузијасам, верба и надеж од пред 15 септември. Ниту од нешто се срамиме, ниту од нешто се плашиме. Немаме никакви хипотеки, опашки од минатото, со безпрекорно сме минато. И, бидете сигурни дека и такви ќе останеме следните три години. Впрочем, ние и нашите семејства, секојдневно будно сме следени од граѓаните на Република Македонија. Република Македонија е мала земја. Нашите места на живеење се уште помали. Не гледаат граѓаните на Република Македонија повеќе ни вили ни палати, згради и хациенди, јахти, острови, комбинати, мерцедеси и поршеа. Се знае кои бевме, кои сме и кои ќе бидеме. Не се плашиме ниту од губењето на рејтингот, ниту од нови избори. Единствено се плашиме од судот на историјата дека во одреден многу важен период на државата сме биле во состојба нешто да направиме, а не сме направиле.

На крајот господинот Никола Груевски, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ пред два дена овде од говорницата изјави дека државата се наоѓа во кома. Да, господинот Груевски беше во право. Дијагнозата ја погоди. Државата ја најдовме во кома, во коматозна состојба.Јас по професија сум лекар и затоа сакам да одговорам само затоа што господинот Никола Груевски не ги кажа причините од кои настана таа коматозна состојба. Причините, едноставно беа 4 години од владеењето на вашата власт. Државата, вистина ја најдовме испружена во длабока кома и поставена на машини и апарати за вештачко одржување.

Господинот премиер во своето експозе кажа дека оваа година е година на стабилизација. Јас би додал дека првите шест месеци требаше да се санира функцијата на сите тешко оштетени витални органи на државата. Во останатите шест месеци се стабилизира таа функција, сега државата е ослободена од тие машини, државата е ослободена од вештачките апарати. Државата повторно почна слободно да дише. Настана третата фаза од болеста, фазата на реконвалексенција. Како новороденче државата сега почнува да се учи повторно да оди, ги прави првите чекори. Во следната година како секое дете од една година ќе почне и да потрчнува. Судбина на овој народ, судбина на граѓаните на Република Македонија била да почнува постојано од почеток. Но верувајте дека ова ќе биде последен пат Република Македонија да почнува пак од

почеток. Знаете зошто? Бидејќи граѓаните на Република Македонија никогаш повеќе во својата историја нема да дозволат да донесат на власт една таква антидржавна, антимакедонска, анационална, антинародна, корумпирана и криминална власт, како што беше претходната. Ви благодарам за вниманието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За збор се јави господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕДНАФИЛОВ:

Верувам од еден вака ударнички срочен говор на можеби постарите, доколку ја седат седницата на Собраниево, дури им заигра срцето и мислам дека претходниот дискутант, ако не повеќе, заслужи да биде прогласен за бригадир на неделата. Инаку, што се однесува до заштедата тоа барем успеав да го разберам дека оваа Влада штеди и нормално лицата и функционерите кои се поставуваат од оваа Влада, јас утринава зборував веќе еднаш за моите сограѓани кои работат во фабриката за шински возила и тие не се железничари, г-дине Ќуркчиев, без оглед што шинско возило ве асоцира на македонските железници, за само три месеци од новото раководство кое го постави СДСМ, фирмата има направено загуби од 20 милиони денари.

Што се однесува до тоа дека на сите позиции, па дури и во подрачните единици доаѓаат непартиски личности, би ви обрнал внимание дека со договор на дело, раководител на подрачната единица на Фондот за здравство во Велес е ангажирано лице кое има завршено албанистика во Тирана, иако претходниот директор беше директор кој беше во постојат работен однос. Кога ќе почнете начин како што досега кажувавте колку е розово во земјата, се надевам дека ќе бидете до багерот кој ќе го урива тетовскиот универзитет, кој е узурпиран. Значи, тој не е со дозвола за градба, ека ќе бидете со истиот багер, за жал, тука не е еден од потпретседателите на Владата, тој можеби ќе ви помогне да ви ја покаже дозволата за градба или евентуално дозволата за уривање на една бесправно изградена куќа, која е за среќа или за жал сопственост на пријател на истиот потпретседател на Владата. И, конечно, пожеби ќе бидете први кога новинарите од Македонската телевизија, Сител и Телма ќе протестираат зошто досега, иако е извршено препознавање во Арачиново, не е покрената никаква кривична постапка против оние лица кои ги нападнаа и екипите на овие три куќи, новински куќи што ги спомнав, а го направија она што го направија со припадниците на Министерството за внатрешни работи. Значи, откако сето тоа ќе го направите, јас нвистина уште еднаш ќе потврдам дека ја заслуживте ударничката значка, вие сте несомнено бригадирот на неделата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Гештаковски повелете.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван Трендафилов, ви благодарам за репликата. Јас ќе коментирам само околу оној дел за поставување на раководни луѓе на раководни места. Не на сите позиции, не кажав така, кажав буквално онака како што е и Ви дадов документ кој можете слободно во вашиот извршен комитет лесно да го проверите. Ви кажав дека 12 места се ваши од 30-тина места и дека никоја друга партија нема толку места, колку што има ВМРО-ДПМНЕ. Буквално, по раководни места ВМРО-ДПМНЕ во Ресен е во коалиција со коалицијата За Македонија заедно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика беше Јавен Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, повторно деловнички ке укажам, предлагачот за реконструкција на Владата не е повторно тука во Собранието, можеби е тука, но јас не го гледам. Меѓутоа, јасно е колку е заинтересиран оваа Влада да биде реконструирана навреме и ние тоа го гледаме.

Инаку, би сакал лда реплицирам на г-динот Гештаковски, што значи повторно да спомнам, дека повеќе од 50% говорите на претходната Влада и занего владеењето и постоењето на РМ пожнува од 1998 година. Изгледа заборава дека оваа Влада на г-динот Црвенковски беше на власт од 1992 година до 1998 година. Заборава што направи во РМ. Заборава дека повеќе од 90% од приватизацијата направи токму оваа Влада. Заборава дека повеќе од 30 илјади на улица останаа од оваа Влада во тој период. Меѓутоа, сакам да спомнам како второ во врска со вработувањата кои што ние сме ги направиле, наводно, биле 30, 40 илјади. Сакам да ја информирам македонската јавност дека не треба да се манипулира со Буџетските корисници, вработувањата во буџетските устнаови. Ако го исфрлиме ЕСМ кој што не е буџетски, ако го исфрлиме ПУИНГ кој што исто така не е буџетски и другите јавни претпријатија, нема повеќе од 2000 вработувања во периодот од 1998 до 2002 година. Додека, да Ве потсетам, меѓу двата круга кога во првиот круг во 1998 година катастрофално изгубивте, меѓу двата круга вработивте 5000 луѓе токму во буџетските организации, од кои што 1600 беа без решение, а 3400 беа со

решение дадено тогаш. Ние имаме доблест, ние плачевме тогаш како што вие плачете сега, ние и на останатите во најголемот дел ги оставивме на работа и им дадовме решенија. Значи, вие не треба да се споредувате со нас, со претходната Влада, бидејќи при ветувањата знаевте каква состојба наследувате, како што и ние знаевме во 1998 година каква состојб наследуваме. И, така, ветувањата мораа да бидат реални. Луѓето на ветувањата се фатија, како што сега имаше ветување од 200 милиони долари. Тоа останува и тоа некој треба да го изврши. Меѓутоа, не можете вие како било и не можете да мислите дека Македонија постои од 1998, понапред беше дека постои од 1945 сега ја покачивте за 1998, малку чудно. Што се однесува до нарушени меѓуетнички односи, едно сакам да ви кажам, дека во времето од 1998 до 2002 година се постави началник од албанската националност во полициската станица во Тетово, бевмем прогласени за предавници. Меѓутоа, тие кои што ги нарушија меѓунационалните односи во РМ, господата од ДУИ, ви се коалициони партнери, ние мака мачиме и од претходната Влада од 2001 до 2002 и вие сега да ги подобриме тие меѓунационални односи. Меѓутоа, причината е многу јасна зошто тие се нарушија. А, ако мислите дека ВМРО ДПМНЕ ја направи војната, тогаш ние кажав, тоа прашање го отворив и во НАТО и малку се изнасмеаја.

Што се однесува до патизацијата на судството, јавниот обвинител, уставниот суд, Републичкиот судски совет, доволно зборуваат за партизација на судството.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Простете, но поминаа три минути.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Благодарам многу.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ние ниоти плачеме, ниоти се жалиме. И ви кажав, три пати ве предупредив. Предвреме за да ги избегнам овие реплики кои предвреме ги знаев какви ќе бидат. Знаев дека ќе кажувате, не зборувајте за да не зборуваме за вашето време. Воопшто цело време говорев како ги сменивме навиките и како работиме. А, за некаде да се споредам морам да ја земам споредбата од претходната Влада. Ви кажав дека од никоја друга Влада неможам да земам податоци. Мораше податоците да се споредуваат и начинот, манирите на работа со вашата Влада. И, повеќе не ви реплицирам, бидејќи ако внимателно ме пратевте, јас дадов одговор на сите прашања, се што ветивме како работиме. Со докази.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Реплика, Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, г-динот Кире Гештакововски, кажа како во РМ да тече мед и млеко, а како да нема реалност со стварноста со РМ што се сллучува. Тој конкретно потекнува од Ресен, не ја кажа маката на земјоделците таму со јаболкото што ќе се случи во РМ, кажува некои реалности што нема стварно со реалноста.

Меѓутоа, сакам да кажам и да завршам. Викаше дека не е исто, оваа Влада или онаа Влада. Јас ќе го прашам. Еден загубен војник и еден заробен не е исто. Знаете зошто не е? Загубениот војник никогаш нема да се врати, а заробениот можеби има шанса да се врати. Па нека се најде г-динот каде е сега?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, г-дин Гештаковски. Имате една минута.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Јас г-динот Србиновски го гледам дека е стално присутен на седниците на Собранието и досега во два наврати го потегнав најболното прашање за моите граѓани во Ресен, за јаболката и за нивнот пласман. И тоа грчевито се борам за подобрување во таа област, со молби до Министерството за земјоделие и до Владата. А, тоа граѓаните на Преспа го гледаат. Што се однесува од другиот дел на репликата, не сакам да говорам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Г-динот Спиро Мавровски за реплика беше јавен.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван колега, претендирате многу често, за да кажуваме кој е стручен и каде е стручен. Јас нема да претендирам и несакам, но гледам дека изнесувањата на ЕСМ и штедењето што сега се прави, мислам дека потсетува на некое дамно минато време, каде што сега можеби поголема заштеда се направи за да се продадат сите возила, па не мора од Ресен воопшто и да доаѓаат во Скопје, а и поефтино ќе биде ако и возилата се продадат во дистрибуција, па овие можат да одат и пешки низ градот, така што ќе заштедиме уште повеќе. Ова што ЕСМ ги читавте овие списоци, јас ќе си земам за право во мојата дискусија да ви ги прочиотам тие 1200 луѓе кои се избркани од ЕСМ, ќе имате трпение сигурно да ги слушнете. Очекував дека некој друг ќе го кажуваше сето ова, но, за жал, ЕСМ, по што вие не знаете веќе почнува да се продава, а ако го прочитавте

извештајот од Вашиот премиер ше видите дека Европската банка со своите кредити веќе зема кредити од ЕСМ. Тоа е едното.

Кажувате дека успесите на оваа Влада и кажувате некои математики, а Вие сте доктор и завршувате со математиките и почнувате не успеа инвестиција, не успеа вработување, е, што успеа, незнам ни јас. Инвестициите ги кажавте и самите, вработувањата ги гледаме и самиот премиер тука дојде пред нас и кажа дека ова не можам, ова не го направив како што треба и после такви дискусии и кажувања од негова страна, мислам најдобро е да си поднесе оставка, а ќе дојде некој кој што знае и што може да го направи тоа.

За антикорупцијата кажувате многу работи овде и дека било во претходната Влада вака, претходната влада била таква, но, тука имавме една афера со нафта која што ја наплаќавме сите граѓани на Република Македонија, најскапа во Европа и за жал никој не одговараше. Како е земена таа нафта, можеби по грешка или незнам како, погрешна проценка, но имаме одговорност. Одговорноста на министрите е точно во тој дел.

Друго, кажуваме дека се поставувани стрчни компетентни личности, но ги збркавте работите. Викате дека овие се од ВМРО, продолжуваат да работат, се партиски војници, а сигурно ги оставивте затоа што се стручни и компетентни да ја извршуваат работата во Ресен. Значи, имаме некој проблем. Тоа е едното. Директорот на УБК, г-динот Верушевски е променет овие денови, а зошто и како ќе ни каже министерот. Директорот на финансиска полиција кој што го постави министерот имал кривични пријави, бил човек кој што требало да работи во финансиска полиција имал кривични пријави и без да знае никој поставен за директор на таа полиција. Командирот на полицијата во Битола е променет, а поставен е од вас, не е од никој друг претходно. Значи, ги бркаме работите.

Во здравството секој ден слушаме дека има проблеми. Фондот за здравство нонстоп нема штрафови, незнам и што нема уште друго.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Мавровски, ви помина времето, но завршете ја реченицата.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Уште една реченица. А, за шверцот со цигари, мислам несакам ни да зборувам, на секое поминување и г-динот пратеник ги гледа на Битпазар, како се застанати и можеби од нив и купува. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, господинот Ружди Матоши се јави за реплика.

РУЖДИ МАТОШИ:

Благодарам, сакам да реплицирам со колегата кој го имаше долгиот говор од СДСМ каде често пати не само денес, туку и други пратеници од СДСМ во друг говор дури и министерот Бучковски и вчера министерот за култура се ставија во позиција на адвокат на ДУИ. ДУИ има свои пратеници тука и тие треба сами да аргументираат зошто се пратеници и нивната работа во оваа Влада.

Што се однесува до внатрешната кохезија на државата, јас констатирам дека внатрешната кохезија на државата секогаш ја има нарушувано СДСМ со своите активности секогаш кога била на власт СДСМ правела неконтролирани работи поврзани со внатрешната кохезија на државата.

Јас би сакал само неколку аргументи да изнесам во таа насока. Од 1990 година наваму на пример Радолишта, битпазарскиот случај, гостиварскиот, аферата со оружјето организирано од структурите на СДСМ кои биле во ПДП и многу други претставуваат конкретни случаи и дале конкретни примери дека не се за внатрешна кохезија на државата. Едновремено и сега со случаите во Сопот, Брест, Ораховец и со нивната работа која ја вршат повторно почнале да акумулираат една голема недоверба која треба да ја всадат кај албанците во однос на институциите на системот.

Само еден факт да искажам, никогаш албанците не оделе, не одговарале на воената служба, никогаш помалку од периодот до 1998 година,тогаш бил најмалиот процент на одзив.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално господинот Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Господине Матоши ние немаме потреба од адвокат. Вистина е дека имаме пратеници од ДУИ, меѓутоа, една работа би сакал да ви кажам. Не треба да отвораме фронт со вас, вие ги кажувате точно некои работи, бесрамно ги кажувате затоа што грешката што сте ја правеле долго време сега сакате да ја префрлите на некој друг, што не е во ред. Ние ве следевме цело време, сме имале можност да ви реплицираме, меѓутоа, не сме сакале, имајќи консидерации кон целата поширока јавност, имајќи консидерации кон оваа институција за да не ја малтретираме оваа институција, а прашањата кои вие тука ги изнесовте воопшто се сосема неосновани. Ве молам внимавајте кога ќе говорите во оваа насока и немојте да манипулирате со нешто што воопшто нема врска со реалноста. Немојте работите да ги кажувате туку така без основа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам да не го злоупотребуваме процедуралното јавување.

Процедурално господинот Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Госпоѓо потпретседателке до вас е процедуралното.

Со оглед на тоа што на господинот Хисни Шаќири упорно неколку пати не само на оваа седница, со оглед на тоа што нема право на реплика, бидејќи ние сме репликантите, под мотото на процедурално дава реплики. Нека ги причека говорите и нека даде реплика. Така беше понапред, така и сега. Тој може на процедурално да говори на процедура, а не за говори кои биле реплика. Нон стоп го практикува тоа, искусен е, нормално.

Мислам дека тоа не треба да го дозволувате. Кога ќе почне треба да го прашате која процедура е нарушена ќе ве молам да докажете, но ако почне со реплика, тогаш треба да го прекинете.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Трајановски јас реагирав, меѓутоа, мислам дека реагирањето на Хисни Шаќири беше за духот на седницата така што во таа насока мислам дека ја допираше процедурата.

Сега колеги ако сакате на ред е госпоѓа Теута Арифи, само да се договориме, таа ќе има краток говор, замоли ако може да се обрати пред паузата, а пред тоа дали има уште некоја реплика.

(За реплика се јавува господин Матоши)

Господине Матоши, немате право на реплика, но почекајте пред вас е господинот Краљевски.

Процедурално господинот Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас сакав само нешто да кажам. Ние не се плашиме од конфронтирање, меѓутоа, сите оние кои не знаат да управуваат добро, кои не знаат да работат добро ние против сите нив ќе отвориме фронт. Ова вие го докажувате секојдневно дека не знаете да раководите, сте му ветиле на народот многу и сега останавте во кал.

Затоа ние не се плашиме од фронтот, ќе продолжиме да се соочуваме без никаков проблем.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Чедомир Краљевски беше за реплика на господинот Кире Гештаковски. Повелете.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам потпретседателке, јас само внимателно го слушав господинот Кире Гештаковски....

(Реакција од страна на пратениците)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, има право ако сака да се обрати.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Како што реков внимателно го слушав господинот Кире Гештаковски и од неговиот едночасовен говор би рекол 90% потроши во изнесување на навреди и на гнев упатен кон неговиот политички неистомисленик, односно кон најголемата опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ.

Од таквиот негов говор можам само да изведам заклучок имајќи едно предзнаење дека на времето имал некаква физичка  повреда не неговата вилица, меѓутоа, овде тој ме демантира и сметам дека квантумот на потрошената кинетичко - физиолошка енергија при мрдањето на неговата вилица.....

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам да не се навредуваме.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

.....е обратно пропорционален на квантумот на потрошената ментална енергија за држањето на неговиот говор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам без навреди.

Дали уште некој има реплика на господинот Гештаковски?

Процедурално господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Морам да реагирам процедурално, навреден е пратеник од СДСМ за повреда која ја добил за време на претседателските избори кога е нападнат во третиот изборен круг од рекетарите организирани од ВМРО-ДПМНЕ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално госпоѓа Ганка Самоиловска-Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Ги молам сите пратеници да го сочуваат дигнитетот на целокупниот парламентарен состав на Собранието и на целокупната македонска јавност која во моментот ја следи седницата и ги молам да ги смират емоциите и рационално да се однесуваат во своите расправи.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, мислам дека ова беше добра забелешка.

Колеги, замо нешто да ве потсетам, затоа што гледам дека реагирате на одредени дискутанти и секогаш на дискутантот од другата, условно кажано, страна. Да не заборавиме дека оваа седница почна со дискусии во кои на широко се експлицираше се што некои влади направиле во последното десетлетие. Така што како што започнавме внимателно да ги слушаме дискусиите така да имаме толеранција до крај да продолжиме и ако на едни им било дозволено широко да експлицираат, тогаш мораме да се согласиме така да биде и со другите. Значи, само поради тоа на овој начин ја водиме седницата.

Сега госпоѓа Марија Којзеклиска, имаше барање за реплика. Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Со оглед на тоа дека колегата Гештаковски не е отсутен, ќе бидам кратка и ќе ги кажам на кратко моите забвелешки на неговата дискусија.

Точно е тоа дека  Владата на господинот Црвенковски не вети дека ќе вработува во јавната администрација, меѓутоа, оваа влада вети дека ќе вработи најмалку по едно лице од секое семејство, колку што се сеќаваме сите и ние пратениците и сите граѓани  кои гласаа за Коалицијата За Македонија.

Понатаму колегата Гештаковски се осврна на фактот дека поставувале квалитетни кадри со доаѓањето на власт на оваа коалиција, меѓутоа, од искуството кое го имам од градот од кој доаѓам, од Штип, сите кадри кои беа од СДСМ до 1998 година истите тие кадри се сега на истите места во 2002 година. Напредок мислам дека граѓаните тешко ќе почувствуваат.

Што се однесува до големото заблагодарување на колегите од ДУИ и нејзината голема желба за зачувување на меѓуетничкиот соживот, ќе ги потсетам колегите дека сите прво ќе се согласат дека Република Македонија е држава на сите граѓани и никој нема ексклузивно право на неа ама некако колегите од албанската националност не се однесуваат во однос на правата и обврските кои ги имаат како лојални граѓани.

Во контекст на тоа ќе го кажам последниот пример на амбасадорката на ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам госпоѓо Којзеклиска вакви квалификации на етничка заедница се непримерни. Ве молам наведете прецизно на која групација, на која политичка партија или личност се работи. Без етикетирање на етнички зедници, ве молам.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Амбасдорката на Република Македонија во Рим и потпретседателот на Владата на Република Македонија беа присутни по повод беатификацијата на Мајка Тереза прво на приемот кај претседателот на Албанија, а подоцна дојдоа на приемот кој го организирал Претседателот на Република Македонија.

Дали тоа значи меѓуетнички соживот и толеранција меѓу двета националности? Ве молам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Којзеклиска, јас навистина не гледам овде реплика на говорот на Кире Гештаковски.

Со ова давам пауза, госпоѓа Арифи се откажа сега од дискусијата, ќе дискутира потоа.

Давам еден час пауза.

(Пауза е дадена во 16,30 часот.)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,45 часот)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Теута Арифи:

ТЕУТА АРИФИ:

Почитувана госпоѓа потпретседател, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници,

Наколку дневната дискусија на темата за едногодишното функционирање на Владата оди заедно со еден од принципите на заедничката платформа за владеење која што е транспарентноста и известувањето за извршената работа. Поаѓајќи токму од принципот на заедничко владеење, транспарентноста и изградбата на заеднички договор меѓу партнерите на коалицијата пред една година ДУИ одлучи да стане дел на Владината коалиција и тоа од три главни причини.

Првата причина, за да заживее Рамковниот договор. Втората причини, за да се даде придонес на стабилизацијата на земјата и регионот како ориентација на

меѓународната и нашата политика. И како трета причина, да ја спроведе политичката волја на албанскиот електорат кое е со големо мнозинство го поддржа токму ДУИ.

Почитувани пратеници, Охридскиот договор за нас претставува политички идеал во чија реализација ние сме ги инвестирале сите наши сили и знаења, затоа што сме повеќе од уверени дека ова претставува единствен пат за реализација на нашата идеа за интеграција во општите европски вредности што се докажува како една заедничка и јасна политичка ориентација. Затоа јас можам да кажам дека ние сме постигнале досега во Парламентот да ги поминеме и Парламентот да ги усвои најголемиот дел од одредбите во согласност со Договорот, успеавме да ги воспоставиме правните рамки, правната рамка за легализација на Тетовскиот универзитет, едно веќе дамнешно барање на албанските граѓани во Република Македонија за кое ние рековме дека нема да правиме политички маркетинг, туку ќе работиме за практична реализација. Со предложените измени на кои интензивно сме работеле околу законот за државјанство, ние најпосле ќе ги решиме проблемите на оние граѓани на кои бесправно им беше негирано ова право, ставајќи ги овие граѓани во една човечка и социјална длабока дискриминација која воопшто не ја заслужуваа и тоа цела една деценија. Денешната парламентарна дебата почитувани колеги, и сите други дебати се пренесуваат во директен пренос на албански јазик на телевизија. Секое албанско семејство, секоја мајка и сестра албанка имаат можност да ја следат оваа парламентарна дебата на албански јазик, да ја следат и да видат на кој начин, на кое ниво колегијално, парламентарно и професионално ги претставуваме нашите гласачи. Во текот на една година направени се 1760 нови вработувања во администрацијата со што во име на правичната застапеност на албанците се вработени во соодветни министерства давајќи предност на Министерството за внатрешни работи и на Министерството за одбрана. Во овие вработувања според нашите принципи дадена е токму предност на поранешните борци на ОНА, а на тоа ние гледавме како давање придонес на нивната ресоцијализација. Би сакала да кажам дека за сериозен процент е зголемен и бројот на паралелките на албански јазик и на другите јазици на етничките заедници во училиштата во согласност со духот на Рамковниот договор. 95 - годишнината на Конгресот на албанската писменост во Битола се одбележува оваа година со сите атрибути на државен празник и државни атрибути. Тука воопшто не се поставува прашањето на дозволување, и недозволување на манифестацијата. Успеавме да го разрешиме прашањето околу неимплементацијата на Законот за амнестија. Со доаѓањето на власт на ДУИ ослободени се, освен со исклучок на еден случај, биле ослободени сите затворени припадници на ОНА.

Почитувани колеги, со нашето учество во Владата ние успеавме да создадеме партнерство и нови политички вредности. Главен приоритет, главен стратешки приоритет на нашата земја е зачленувањето во НАТО од една земја која пред изборите на 15 декември својата безбедносна политика ја градеше купувајќи хелихоптери од Украина за да ги искористи против сопствените граѓани, ние се ориентиравме на насока на парнерството со НАТО, партнерство кое со своите реформи бара принципите на еднаквост да бидат водечки концепт на нашата политика. Нашата политичка визија водечка е Европа. Ние сме нејзин географски дел. Меѓутоа, за да бидеме политички дел на Европа треба да докажеме ефикасност, безбедност и едновремено храброст во внатрешните реформи, економски развој и секогаш реализација и имплементација на Рамковниот договор. Една вредност која што ние сме ја донеле во овој краток период на владеење е слободата на медиумит и посебно на оние на албански јазик. Мислам дека го елиминиравме целосно нивното политичко цензурирање затоа што сакаме да изградиме едно демократско општество, а не темни вилаети, затоа што го почитуваме интегритетот на новинарската класа, затоа што и тие заслужуваат да имаат и некој покритичен глас, иако тоа не ни се допаѓа, меѓутоа сето ова во интерес на принципот на демократијата. И со нашиот ангажман за правична застапеност сме задоволни од еден факт. Задоволни сме што истовремено со постигнувањето на правичната застапеност ние постигнавме и правична застапеност и на другите етнички заедници. Ние мислиме дека принципот на недискриминација вреди за сите и треба сите да го уживаат.

Дали сме задоволни со досегашните постигнувања? Сигурно дека не. Не сме задоволни со бирократската бавност со која се реализираат нашите политички договори. И уверени сме, целосно сме уверени дека се потребни коренити измени за ефикасно функционирање на администрацијата. Не сме задоволни со вкупната динамика на реформата во администрацијата. Овие реформи колку и да се тие болни, треба да бидат интензивни, треба да бидат брзи доколку ние сакаме да им се приближиме на европските стандарди. Не сме задоволни со досегашната динамика на странските инвестиции, затоа што без тие инвестиции не можеме да изградиме трајна економија. Потребно е ние како политичка класа  било да сме опозиција, или власт, да се ослободиме од практиката на користење на администрацијата како место за решавање на проблемот на вработувањето на граѓаните. Тоа само создава конфликти, создава само простор за манипулации, а не го решава проблемот со невработеноста.

Почитувани претставници на Владата, ние ќе ги поддржиме измените во владиниот кабинет, затоа што истовремено ние и бевме иницијатори на измените, и истовремено бевме спремни за коренити измени, затоа што уверени сме дека треба да се

направат. Сепак, бараме уште поенергични чекори во административната реформа и надминување на бирократските пречки во реализацијата на правичната застапеност. Правичната застапеност почитувани колеги, не треба да се гледа само како една обврска која ни е дадена и како една домашна задача која треба насила да ја направиме. Тоа е филозофија на животот која што треба да го карактеризира нашето вкупно функционирање и тоа ќе се случи доколку интензивно работиме на тоа. Потоа, посилна реорганизација и посилно лобирање, меѓународно лобирање околу Коридорот 8 како една значајна комуникациска траса Исток - Запад. Мислиме дека тој претставува еден стратешки интерес за Република Македонија. Што поскоро треба да се имплементира идејата за отварање на трговско конзуларно претставништво во Приштина. Толку поотворено и побрзо треба да се развива регионалната комуникација затоа што така ќе се покаже и меѓународна зрелост. Истовремено бараме и редовно известување од страна на Владата и сите министерства во однос на реализацијата на правичната застапеност и процесот на децентрализација. Овие два процеси се клучни кои што се поврзани со Охридскиот договор и истовремено бараме известување, шест месечни известувања во Парламентот. Од новите министри, посебно од оние на ДУИ бараме конкретни резултати. Со оглед на фактот дека ние пренесуваме еден сериозен дел од нашиот политички мандат, ние посакуваме со нивната работа, со ефектите од нивната работа и со нивните раководни способности на крај да ја докажат силната политичка ориентација на оваа партија и која тие треба да ја одразат во извршната власт.

Почитувани колеги, дозволете ми да завршам, со тоа што ќе ве потсетам уште еднаш на значајната работа која ја има овој владин состав за реализација на стабилизирачките интеграционите процеси на оваа земја. За овие измени треба еден нов политички менталитет кој што ние треба да го пренесеме кај нашите граѓани. Тоа е менталитетот кој произлегува од духот на Рамковниот договор кој треба да стане дел на нашиот живот, на нашето секојдневие како што треба да станат и вредностите на еднаквоста, транспарентното и демократско владеење како наша единствена политичка перспектива. Доколку не успееме да ги изградиме овие принципи на транспарентноста и демократското функционирање на власта независно од која страна сме, тогаш не можеме, нема да можеме да кажеме дека многу сме напредувале.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги од ДПА, гледам дека сите присутни буквално од пратеничката група бараат реплика. Може ли да се договорите на некој начин па да се концентрираат репликите.

Ве молам да бидеме навистина коректни и конструктивни, да бидат реплики на говорот, да не бидат свои лични согледувања.

РУЖДИ МАТОШИ:

Со внимание ја сослушав госпоѓа Теута и ќе се обидам да бидам краток. Транспарентно, се спомнува транспарентно. Госпоѓа Теута, транспарентност немаме. Ова е докажано, бидејќи вие не сте транспарентни за коалициониот партнер каде што заменик министерот за внатрешни работи во една акција вели дека: во 14 часот разбрав за акцијата во Брест.

Спомнавте три фактори, спомнавте знаење на ДУИ кое што е канализирано со имплементирањето на Охридскиот договор. Ние ја гледаме вашата работа во парламентарната група, 80% од вашата парламентарна група доколку, значи за 365 дена имаме минутажа, тие не зборувале ниту 20 минути вкупно, поаѓајќи од Абдулаќим Адеми, од учителот новиот пратеник Ејуп Рустеми, Невзат Бејта, сите тие 20 минути вкупно не зборувале повеќе од 20 минути. Затоа, доколку вие имате енергија интелектуална, би било добро да разговарате со нив. Нив да ги канализирате и да се види на кои програми треба да излезат и да дискутираат. Законската рамка за Тетовскиот универзитет, во ред. Ние рековме дека е добро да се официјализира Тетовскиот универзитет, но вие допирате еден нерв кој што бара брзо да се стабилизира и да се реализира од причина што мојата партија со својот потенцијал на албанскиот народ му подари еден универзитет, универзитет кој што надминува 100 милиони долари каде што и вие сте професорка и ние знаеме како се гради, како се прави универзитет. Затоа ние се сомневаме во целата ваша работа која што сте ја канализирале, бидејќи не гледаме ништо конкретно, да видиме кои се деканите на петте факултети, какви програми има, колку студенти се регистрирани на тие пет факултети кја е администрацијата. Сакаме конкретни работи. Веќе 6 месеци главата ни бучи од вашите работи за феноменот кој што вие ни го кажувате. А ние, уште еднаш ќе повторам, направивме универзитет, му го подаривме на албанскиот народ, вие сте професорка таму, знаете кога го направивме тој универзитет, колку лоши зборови ние проголтавме, вие знаете добро, вие бевте дописник на Дојче Веле и јас ви ја знам дописничката работа вие што ја имате направено. Големо постигнување е преносот на програмата на Третиот канал. Јас ви велам дека ние го направивме барањето на почетокот, Третиот канал го направивме ние, а вие го оставивте на милост на судбината. Ве молам, консултирајте се со вашата програма за националната програма за култура. Бидејќи ја спомнавте културата, бидејќи треба да се консултирате со нив, бидејќи не

можете да разговарате за некоја мултикултура. Имам уште многу да зборувам, ги имам забележано сите по ред, но можностите се такви, не можам повеќе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Сите четворица ќе добиете збор па ќе го довршат вашите колеги она што вие не сте успеале.

Госпоѓа Теута Арифи има реплика на репликата.

ТЕУТА АРИФИ:

Во една минута ќе треба брзо да одговорам на ова. Што се однесува до првото прашање за транспарентноста, претставниците на партијата и сами имаме кажано многу отворено дека не се согласуваме и дека дифинитивно нема да се случат во иднина такви работи од таа природа, поготово имајќи го во предвид фактот дека ние нашите ставови многу јасно ги искажавме во однос на полициските акции.

Што се однесува до парламентарната група нашата политичка партија е партија од власта. А една политичка партија која е во власт повеќе треба да работи отколку да говори. Затоа во оваа насока повеќе треба да се проценува работата, а не зборовите. Трето, што се однесува до Тетовскиот универзитет не е лесно да се прави универзитет. Тоа најдобро го знаат оние кои го правеа тоа, и јас сум меѓу нив. Меѓутоа, мислам дека треба и дека има сила и парламентарна и владина за една таква работа. И мислам дека она што ние треба да го избегнеме и ние и вие како политичка партија е тенденцијата да се партизираат универзитетите затоа што нема универзитет кој што и припаѓа на една, или друга партија, им припаѓа на албанците, на граѓаните.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

За разлика од она што госпоѓата Арифи го спомна дека се транспарентни, јас мислам дека на албанците во Македонија не им треба транспарентност, туку им треба работа. А во овој случај резултати, работни резултати за годинава ние се убедивме дека нема. Што се однесува до Охридскиот договор јас повторно ќе нагласам, многу лесно се повикуваме на Охридскиот договор, но и госпоѓа Арифи не спомна ништо конкретно во врска со тоа. Зборот дека пратениците им се обраќаат, или зборуваат на албански е минорно во однос со другите работни места каде што не се употребува албанскиот јазик,

а треба да се работи според Уставот. Законот за државјанство за жал доколку се прифати како што е предложен и така како што се согласил и коалициониот партнер, мислам дека не ги решава барањата, поодамнешните барања на еден голем број на албанците во Македонија. Тоа е дифинитивна вистина.

Што се однесува, 1750 вработени, нови вработени, можеби се примени тие и има оправданост да се примат како од СДСМ, така и од ДУИ. Но, не треба да заборавиме дека над  три илјади албанци се отстранети од работа. Имаме бивши војници на ОНА кои сеуште не ги уживаат бенифициите на Законот за амнестија. 95 годишнината на Битолскиот конкрес, нема ништо, немаме никаква манифестација. Зошто таа манифестација не се одржува во Битола. Тоа е конкретното прашање и на тоа прашање треба да се даде конкретен одговор. Точно е дека Македонија не увезува оружје од Украина, но вистина е дека се сврте кон Србија од првиот ден на конституирање на оваа Влада. И госпоѓа Арифи треба да го знае добро и да ни каже нешто во врска со ова, бидејќи таму имаме значи пред се антиалбански елементи. Мислам дека овие работи што ги нагласив немаат намера да дискредитираат никого, ниту едно лице, туку да направиме еден транспарентен приод каде што се евидентни проблемите кои што бараат решавање во текот на оваа година, но не се решени тие проблеми. Затоа на тоа ниво треба и да ги имаме натамошните дебати не заради тоа да имаме реплицирања, или пак одговор на реплики, туку реално да ги видиме работите како што се.

ТЕУТА АРИФИ:

Ова се две клучни прашања кои што вие ги поставувате и ги отварате повторно тука. Законот за државјанство, ние имаме политичка сила и го враќаме на дебата. За жал, политички албански партии биле на власт кога се гласало за него, меѓутоа и вие сте биле на власт, но не сте имале сила да го вратите тој закон во парламентарна процедура. Не заборавајте дека тој не е дел на Рамковниот договор. Што се однесува на меѓународната политика, господине Насуфи, вие бевте дел на поранешната Влада и во рамките на таа Влада беа договорите за соработка со Украина. Меѓутао тоа е еден период кој треба да се заборави, дефинитивно не треба повторно да се повтори.

Што се однесува до конгресот во Битола, значајно е дека тој се организира на ниво на државна манифестација и тоа се прави под авторитетот на Владата на Република Македонија. Тие имаат еден дел од манифестацијата кој ќе се одржи во Скопје, еден дел во Битола. Затоа мислам дека би било добро и би било правилно да се каже вистината и во најмала рака да се прифати, да се признае како еден значаен културен настан на албанците и сите треба да се гордееме што тоа се случува во

Македонија во Битола и дека таа вредност ја делиме сите, ја делам јас, ја делите вие, и нашите заеднички семејства.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Јас сакам да се обратам, да направам една анализа на еден дел од ескпозето во однос на бившите припадници на ОНА, бидејќи многу добро ги познавам тие војници и самиот сум учесник во тој конфликт. Беа таму каде што не може да влезе војската. Јас мислам дека луѓето зборуваат кои што никогаш не земале пушка во рака, а сега се во ДУИ. Не е точно госпоѓа Арифи. За да се потврди ова треба да дојдете во Слупчани и да ги посетите семејствата на жртвите, дали има некои од тие семејства вработен. Бидејќи тоа не го познаваш, не ги познаваш војниците на ОНА, затоа и така зборувате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика госпоѓа Арифи.

ЛИЛАНА ПОПОВСКА:

Ве молам  да не спомнуваме оружје во овој Парламент, бидејќи може погрешно да се протолкува.

Госпоѓа Арифи повелете.

ТЕУТА АРИФИ:

И покрај се, реалноста е реалност.

Во мојот говор јас ја кажав предноста што ние како политичка партија ја дадовме и мислам дека не стои таа теза што ја кажавте. Можеби не сме можеле да ги вработиме сите, меѓутоа ориентацијата да се вработат сите, апсолутно стои. Тие активности ќе продолжат и натаму. Тука сте сведоци дека и водичите на таа војска се тука, до мене.

Исто така едно прашање што сакам да го истакнам е дека во целиот период што сум работела кога сум информирала за време на конфликтниот период, немојте да заборавате дека и вашиот глас преку мојот глас одел во светот. Затоа треба да имаме максимална коректност кога се водат овие дискусии.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува господинот ЗудиЏелили.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

И јас ќе реплицирам на еден дел од госпоѓа Теута Арифи, бидејќи госпоѓа Арифи ги спомна трите причини зошто ДУИ партиципира во владината коалиција. Една од тие причини е имплементацијата на Охридскиот договор.

Сакам да слушнам од госпоѓа Теута Арифи колку може да се зборува за имплементирањето на Охридскиот договор.

Втората причина е стабилизацијата на државата.

Сите сме сведоци дека во Македонија има еден кревок мир. Не може да се зборува за коалицирање во државата, бидејќи пред извесно време со тешко вооружување, во опкружување се судрија со албанситe жители од Карадак.

Исто така сакам да ја запознаам госпоѓа Арифи за едно прашање што таа мисли дека е решено и мисли дека сеуште има простор да се решава.

Пред неколку дена, можеби има еден месец, во Електродистрибуција Гостивар, со реформите во ова претпријатие, од работа беа избркани осум албанци, работнци, од кои тројца бивши членови на ОНА. Дали на ваков начин вие се грижите за припадниците на ОНА? За ова барам објаснување.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете госпоѓа Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Дел од одговорот е фактот што многу работи набројав дека сме ги реализирале.

Што се однесува до стабилизацијата на земјата, стабилизацијата после секој конфликт е чувствителна работа, посебно во одредени средини и одредени економски ситуации. Мислам дека преку една поинтензивна соработка и посилна соработка со меѓународниот фактор, ќе успееме да не се повторат ситуации, како што беше настанот во Брест, за што ние сме го изнеле нашиот став.

Отпуштањето од работа, да кажам дека ние мислиме имаше многу малку вработени албанци кои би можеле да дојдат на ред да бидат отпуштени. Конкретниот случај што вие го спомнавте во Гостивар, ми кажаа дека во процесот на повторното вработување шанса ќе им се даде на овие луѓе повторно. Немојте ова да го користите за да го оспорувате нашиот став. Ние и во следните три години ќе продолжиме со истата ориентација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Бидејќи нема повеќе реплики одиме со дискусија.

Збор има господин Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке на Собранието, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Пред да почнам со мојот настап сакам да ве информирам дека јас сум последен, третиот дискутант од страна на пратеничката група на СДСМ и ќе бидам релативно или пристојно долг, ако сакате пристојно краток.

Веднаш да ги повторам моите две начела, кога влегов во овој Парламент, што си ги оставив: на репликите не одговарам и нема да ја потсетувам позицијата за она што работела до 2002 година. Иако беше ѓаволски тешко да не се излажевте, сепак на крај ќе оцените дали е тоа така.

Можеби ви изгледа малку чудно, но после кеспозето на премиерот, а посебно после овие три дена расправа, јас навистина сум загрижен за иднината и работата на оваа моја Влада. Основата за загриженост произлегува, всушност од мојата загриженост за опозицијата, бидејќи поминаа времињата кога одговаравме или полемизиравме, како што се случувало, или се случуваше за овие три дена, со навреди, со црнила, бидејќи денешното време не бара само конструктивна опозиција. Денешното време бара креативна опозиција. Но, јас во она што го видов и слушнав досега, не гледам дека елементот на креативноста постои во концептот на нашата опозиција. А бидејќи сум човек што не зборува без докази, јас ќе дадам и неколку елементи. Имено неколкуте долги од два-три часа говори на опозицијата кои што ако ги пресметате колку се тоа страни стенографски белешки, тоа од прилика се 300 страници, можат да се сублимираат во три едноставни искази со вкупно седум збора.

Концептот на опзицијата за оваа точка на дневен ред е следен: изборни ветувања, првиот слог. Една голема лага, вториот слог и измамени бирачи. Триста страници секој просечно образовен човек може да ги сублимира, бидејќи ништо повеќе не видовме, покреативно. Затоа велам дека сум загрижен за Владата, бидејќи ќе треба позицијата да биде таа која ќе биде креативна и можеби коректор на Владата. Затоа велам дека просто не може да се одолее на поривот а да не се каже, со таква скромна креативност на опозицијата, секоја влада може да е комотна. Тука е опасноста. Ние тоа го имавме до 1998 година. Сега не е тука господинот Караџоски, дури користиме колумни за, можеби та креативност да ја покажеме или ја надокнадиме. Јас немам ништо против тоа, само да избраа некој друг колумниста. Но јас не би сакалтоа да го кажувам, бидејќи има време, уште три години е мандатот на оваа Влада и се надевам дека ќе слушнеме и покреативни предлози. Само би рекол и би и препорачал на оваа Влада во таква стапица да не паѓа. И несамо што нема креативност, веќе, почитувани пратеници од опозицијата, појдовната

премиса дека на изборите во 2002 година граѓаните со лажни ветувања се измамени е тотално погрешно. Погрешен концепт имате. А зошто е тоа така?

Ако го оставиме на страна фактот дека со констатации измамени избирачи, длабоко ги наградувате граѓаните, велејќи дека тие лесно можат да се лажат и да бидат манипулирани. Главниот дефект во вашата почетна теза е фактот што наличува дека вие до ден денес не сте свесни зошто ги загубивте изборите. Но јас сум сепак убеден дека опозицијата е сосема свесна зошто ги изгубила изборите, како што беше свесна и СДСМ во 1998 година, а тоа е дека граѓаните, а посебно тие неопределените кои ги решаваат изборите, гласаа да казнат, а не да наградат. Според тоа, не сме ги излажале. Они казнувале. Значи гласаа против, а не за. Повторно велам не сме ги излажале бидејќи не гласале за нас, гласале против нас. Ова секако не е за пофалма ниту за една партија, ниту за една влада и пред нас стои тешка задача да ја вратиме вербата на граѓанте во партиите, во нас политичарите, на сите следни избори да гласаат за, гласаат за програми, гласаат за концепти. Голем пат и голема работа не чека. На овој начин што ги потрошивме овие три дена, тешко дека тоа можеме да го направиме.

Почитувани пратеници од опозицијата, свеста и сознанието дека се гласало против, бидејќи реков дека го знаевте вие тоа, можеби само така сега го велите, не е целосен одговор на прашањето сошто се изборите изгубени. Одговорот ќе биде целосен, ако се одговори на прашањето зошто се гласало против власта, бидејќи констатиравме дека се гласало против а не за, односно против ВМРО-ДПМНЕ и неговите коалициони партнери. Имено, ако е вистина она што господинот Груевски во својот настап го кажа, споредувајќи ги економските параметри и перфоманси, а тука вие да се навраќате пред 2002 година, не би требало да биде само ваше. Господинот Груевски ги користеше тие податоци пред 2002 година. Значи споредувајќи ги економските параметри и перформанси на оваа Влада со претходната, нормално во корист на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, просто е за чудење што им станало на граѓаните па гласале против ВМРО-ДПМНЕ. Но колеги, и покрај тоа што некои споредби на господинот Груевски не се точни, има нешто многу побитно што претходната власт не им го обезбеди, или поточно кажано им го одзема на граѓаните, нешто што не може да се компензира ниту со трикратно зголемување на девизните резерви, нешто што не може да се замени ниту со 442 милиони странски инвестиции, нешто што не може да се замени ниту со масовни вработувања во администрацијата, ниту со други нешта за кои ВМРО-ДПМНЕ тврди дека се подобро сработени, од она како се работат тие работи денес. Сега се поставува прашање што е тоа? Можеме да размислуваме цела вечност но не верувам дека некој ќе

погоди, бидејќи навистина е тоа  неверојатно, што е тоа одземено. И јас не би се сетил, да не го видов тој аргумент.

Имено, ноќта на 15 септември, по победата на изборите отидов на Плоштадот Македонија. Таму беа иљадници граѓани, славејќи, стотици автомобили возеа горе-долу, свирејќи и отпоздравувајќи. Општа веселба. На еден од автомобилите забележав, беше закачен транспарент на кој пишуваше “слобода”. Повторувам уште еднаш, пишуваше “слобода”.Сега тука може господинот Краљевски да му одговори на прашањето на господинот Љубе Бошковски. Секако тука не станува збор за физичка слобода. Симболиката беше јасна: слобода на умот, слобода на мислата, слобода на приватноста, слободан на личноста, а тоа, мораме да признаеме е далеку повредно од, како што кажа три пати зголемени девизни резерви. А дека тоа беше така, опозицијата сама го потврдува и со нивните аргументи во текот на оваа расправа. Затоа велам дека креативноста фали, барем да внимаваме што зборуваме. Некој седнува и ги анализира тие искази и говори.

Земете го искажаниот аргумент дека Врховниот суд, тоа го кажа господинот Груевски, јавно со соопштение за прв пат излегува и вели врз него се врши притисок. Опозицијата, нормално имплицира дека актуелната власт врши политички и секаков друг вид притисок врз судството. Ако е тоа така, од каде таа храброст и сллобода јавно да истапат со таков став. Се сеќавам дека таква храброст и слобода не искажале во времето на претходната власт, или можеби притисоци и закани постојат, но од другата страна, од страна на опозицијата. Како инаку ќе се објасни веста објавена во медиумите дека ВМРО-ДПМНЕ испратил допис до републички судски совет каде бара да се бара да се разреши судијата кој водел процес против поранешниот министер, господинот Пауновски, бидејќи сметаа дека тенденциозно и пристрасно донел пресуда. Колку и да бил учит во писмото, поттекстот е многу јасен. Поттекстот е за некои идни времиња. Затиоа почитувани пратеници тоа вратено чувство на слобода е доволен показател дека СДСМ и коалицијата за ги исполнила главните и нужните предуслови за понатамошен развој на нашата држава. Полека но сигурно безбедноста се стабилизира и се враќа на теренот. Полека но сигурно, после економската и финансиската санација, се отвора простор за стабилизација, како што рече некој, а како што јас реков еднаш, точно, во нашата програма требаше да ставиме наслов - санација, стабилизација и развој.

Се отвора простор за стабилизација, економски развој во иднина. Тоа впрочем го слушнавме од премиерот со конкретни цифри  и проекти. Полека но сигурно стануваме респектабилна земја на меѓународен план, како никогаш до сега изгледни се шансите да бидеме повикани за членство во НАТО. Без разлика на опречните мислеа,

општ е консензус во Републиката да се аплицира за членство во ЕУ, со што ќе ни се отворат додатни перспективи за конечен прием. Полека но сигурно до крајот на мандатот ќе ги реализираме сите наши зацртани цели во зацртаната програма.

Почитувани пратеници, на самиот почеток спомнав дека основната теза со која од позицијата се спротивставува и ги негира резултатите на актуелната Влада, во основа е дефектна и затоа резултатите нема да бидат успешни. Затоа опозицијата наместо да полемизира или ги оспорува постигнатите резултати, таа всушност полемизира со изборната програма на СДСМ. Од тие причини сите нивни аргументи лесно можат да се побијат, сите нивни аргументи и не се аргументи, бидејќи и немаат цврста основа. За мене вакво интензивно и често читање на изборната програма на СДСМ, претставува пријатно изненадување од две причини: како прво и не е баш така лошо од време на време да не потсетувате што сме напишале во изборната програма, само бидете реални во временската динамика. Не можете, она што сме напишале ние за четири години, да го барате тоа во една година. Како второ, кога ќе се научи нашата програма, се исполнува првиот и најважниот услов, да се стане член на СДСМ. Малку шега не е на штета.

Почктувани пратеници, познавајќи ја психологијата на опзицијата, и слушајќи ги нивните аргументи, дефинитивно сум убеден дека ктуелната Влада е на правиот пат.

Имено, не така мал број на партии, кога се во опозиција, главното мото им е - што полошо, тоа подобро. И тоа не е креативно. Затоа е логично да успешните потези и добрите резултати на Владата бидат жестоко напаѓани за да се намали, а ако е и можно , да се оспорат или оцрнат истите. А, бидејки опозицијата ги нападна и ги оспори скоро сите сектори на работата на Владата, излегува дека оваа Влада помалку или повеќе, во сите сектори е на прав пат.

Но, тоа што мене лично ме загрижува не е квалитетот на аргументите, туку концептот и размислувањата на опозицијата што се пласираат преку тие аргументи. Да ја земеме само борбата против корупцијата и криминалот. Опозицијата тврди дека борбата против корупцијата и криминалот политички е селективна и реваншистичка. И, притоа се кажа некој пример од Тетово, од г-динот Груевски. Некој наш на СДСМ е лут противник. Притоа заборавaат дека финансиската контрола во органите и институциите на државата покажа до сега злоупотреба на околу 44 милиони евра. Зарем треба да мислиме дека тие пари ги злоупотребил обичниот работник или службеник? Или, можеби се испраќа порака - не не вознемирувајте и ние нема да ве вознемируваме во друго време.

Или пак да го земеме Рамковниот договор. ВМРО-ДПМНЕ стои зад Рамковниот договор но сепак со задршка и срамежливо напоменува дека премногу отстапки се

прават надвор од Рамковниот договор. Како треба да се интерпретира оваа задршка? Јас тоа го оставам на пратениците да го проценат и на јавноста.

Но, има една друга партија во опозицијата што исклучиво се интересира за Рамковниот договор. Дури се потрудиле да еден од нивните пратеници бројчано докажат дека актуелната Влада и коалиција не го спроведува Рамковниот договор, па велат - во Извештајот што сработило тоа и тоа министерство се состои од 9 илјади збора, а ниту еднаш е спомнат Рамковниот догвоор, па во друго министерство 8 илјади збора па пак ниту еднаш не е спомнат Рамковниот договор. И, бидејќи тој колега се повикуваше на неговата егзактност, прецизност, а јас , почитувани пратеници особено ја ценам егзакноста па не бев мрзлив и ги броев зборовите на колегата пратеник. И така, заклучив дека тој во 20 илјади збор аниту еднаш не ја спомна Македонија, демократија, еднаквост, Макеоднци, а камоли Срби, Турци, Роми, Власи, Бошњаци.

Пораките се лоши, со тезите што овде се користат за да се аргументира и полимизира со позицијата.

И затоа, почитувани пратеници аргументите висат во воздух бидејќи вистината се негира, а пораките се загрижувачки.

Почитувани пратеници,

Јас не би сакал понатаму да ги анализирам аргументите кои во себе содржат и елементи на манипулација од типот како претходната Валда ги триплирала девизните резерви, а оваа Влада минорно ги зголемила. Бидејќи, ако сме реални , за да се трипати зголемат 300 милиони долари не е исто за да се три пати зголемат 750 милиони долари.

По таа логика, е сега ќе се вратат не во вашето време, него во нашето време, до 1998 година и да бидам повторно принципиелен, по таа логика СДСМ 1998 година не ги трипати зголемила туку ги мултициплирала 50 пати. Е, која е поуспешна Влада? Бидејќи е истиот премиер. Многу несериозно и многу некративно.

Или пак побивање на фактот дека постои голем подем на индустриското производство, со тоа што ако се одземат 3 или 4 фирми: ОКТА, ФЕНИ, Југохром и т.н., имаме пад 18%. А, јас длабоко сум убеден дека ако постојат уште 3-4 додатно успешни фирми вие и нив ќе ги одземете, па нормално пак ќе бидеме во минус. Се прашувам во која држава горенаведените фирми работат? Повторно многу неинвентивно и многу несериозно.

Или, да ја земеме манипулацијата со надворешниот долг. Во табелата, ако е точно, а претпоставувам дека е точна, ако не е точна тогаш мојата Влада е , богами проблематична, со наслов Макроектономски показатели, во Извештаот е даден надворешниот долг по години од 1998 заклучно со 8 месец 2003 година. И додека

констатацијата на г-динот Груевски дека за оваа година надворешниот долг е зголемен за 150 милиони долари, што може да се види во табелата, никао не можев да видам како за неговото време долгот не растел, а камоли да се намалил за 620 милиони долари, бидејки таму, во својот настап г-динот Груевски тврдел дека тие вратиле 620 милиони долг. И тоа мислам дека е несериозен пристап.

Секако, почитувани пратеници, Владата покажа и одредени неуспеси, лоши перфоманси. Тоа и самиот претседател на Владата јасно го кажа во своето експозе. Зато и се прави реконстукција. Но, за жал, тоа што јас сакам да го видам опозицијата не успева точно да ги лоцира вистинските места и проблеми. Да бидеме креативни, за да знае и нашата Влада дека од таа страна сепак седат луѓе кои знаат да бидат креативни,  да го погодат правото место.

Земете го на пример, неуспешниот Закон за поттикнвуање на вработувањето. Секако пратениците од опозицијата се задоволни што нивните прогнози се обистинија. И тука застанува вашава активност. Застанува. Вие сте задовлни. Застанува вашата активност. Но има нешто друго што, на пример би можело опозицијата да го нарпави. Е, затоа , бидејки вие тоа не го правите, јас ќе го кажам.

Доблесно е да се признае на Владата дека признала грешка. И тоа некој го спомна. Тоа е нов квалитет во работата на една влада. Нов квалитет во работата на оваа позиција, бидејки ние неколку закони вративме и тоа доста критички се однесувавме према нив. Значи, доблесно е да се признае дека е вратен неуспешен закон. Но, тоа што не го забележавте, а што на пример би требало да го забележите, а јас ја прашувам Владата како и зошто е тој закон неуспешен?

(Дофрлања од место)

Сега ќе ви кажам. Господинот министер за труд и социјала излезе и рече дека Владата не инвестирала во капитални објекти или Министерството за транспорт не ги трошело парите и со тоа немавме порив. Е, тоа треба да загрижува, бидејки оваа држава е и ваша, не е само наша. Ако нема синхронизација, координација и договарање во Владата, тогаш имаме проблем. А немаме проблем со неуспешен закон, бидјеки Владата кажала дека не се срами и да донесе неуспешен закон ќе го тргне кога ќе види и ќе биде убедена за тоа. Таква опозиција, тоа е креативност.

Почитувани пратеници,

Сегашната опозиција или поточно ВМРО-ДПМНЕ раководеше 4 години со Република Македонија  со една многу едноставна политичка филозофија и концепција. Таа концепција се состоеше од три збора “ и вие така правевте”. Изградивте политичка филозофија и успеавте 4 години да бидете на власт со три зборови “ и вие така

правевте". Резултатот после 4 години се знае и затоа јас не спомнвуам " и вие така правевте". Иако таа доктрина се покажа катастрофална и ден денес се користи, бидејки секој нивен аргумент започнува со тоа како било 1995, 1996, 1997 или 1998 година. Јас искренос е надевам дека и во 2053 година ќе ги спомнувате 1995, 1996, 1997 како клучни докази..

(Дофрлање од место)

2053 година, 1953 година сум роден и таа бројка ми падна, 2053 година, како клучни докази дека било која влада, дали сте опозиција или позиција или за одбрана на вашата политика или за напад на таа политика. И, не затоа што ви посакувам можеби лоша иднина, туку за да знам, ако тогаш ВМРО госпомнува 1995, 1996, 1997 , ќе го види и СДСМ, ќе ја види Македонија.

Можеби некој ќе ми реплицира - многу да не се грижам за ВМРО-ДПМНЕ, туку да се грижам за СДСМ и за мојата Влада. Мојот одговор е - јас всушност не се грижам за ВМРО-ДПМНЕ, баш спротивно. Јас се грижам за себе, за СДСМ, за граѓаните на Македониај. Бидејки, колку и да е некоја Влада добра, доаѓа време таа да си замине од власта, а замената би требала да биде исто толку добра, ако не и подобра. Направете ја алтернативата подобра.

(Дофрлање од место).

Ако успеете и најдобра, секоја ви чест.

Затоа, јас во овој говор не користев аргументи од типот - што правевте, иако признавам дека беше ѓаволски тешко. Затоа и премиерот во своето експозе ниту еднаш не спомна за грешките на претходната власт, иако ги имаше многу и тоа некој од нив непоправливи. Грешките на минатата Влада не се алиби за оваа Влада. Тоа е одлика, таквито став е одлика на одговорна и сериозна Влада.

Почитувани пратеници,

Макеоднија е во кома. А, кога пациентот е во кома, може да се лечи на два начини: или вештачки да се одржува во живот или со шок терапија. Оваа Влада го прави првото. На Макеоднија и треба шок терапија со тоа што оваа Влада ќе си замине. Ова се ударните, завршни зборови на новиот лидер на ВМРО-ДПМНЕ. Јас нив нема да ги коментирам. Едно ви кажувам, во иднина сепак вакви изјави да не дава, бидејки ако седнев да го анализирам, да ги вртам и превртувам импликациите од ова ќе напишев уште три страници говор. Јас само ќе кажам дека кога сме веќе кај шокови, јас сакам да кажам дека најпосле и јас ќе бидам шокиран со тоа што г-динот Трајковски ќе поднесе оставка, бидејки ја злоупотреби институцијата Претседател и со аболицијата на госпоѓица

Доста Димовска ги навреди граѓаните и ги погази нивните фундаментални права, права на слобода.

Почитувани пратеници, почнав со слобода, завршив со слобода.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Ганка Самоилова-Цветановска.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Благодрам госпоѓо потпретседател.

Најнапред сакам на Социјал демократскиот сојуз и на коалицијата ' За Македонија" да им се заблагодарам што на 15 септември не ослободија. А, на господинот Јордановски да му се заблагодарам затоа што со неговото излагање не направи свесни дека сме ослободени и слободни граѓани во оваа држава.

Очигледно немаше што многу да се каже за успешноста и за работењето на оваа Влада, па затоа г-динот Јордановски најмногу се осврна за она што опозицијата го кажала во текот на овие неколку изминати денови.

Тој вели дека опозицијата треба да биде не само конструктивна и креативна. Што значи дека опозицијата треба да биде креативна? Што тој всушност мисли? Дали, можеби мисли дека опозицијата треба на Владата да и нуди програма за работа, треба да и нуди програма за нови вработувања, треба да и нуди програм аза привлеквување на странски и домашни инвестиции? Доколку, најнапред би сакала да кажам дека ние имавме предизборна програма и таму ги имавме сите наши проекти изложено. За жал, ние не ги добивме изборите и затоа сега треба Владата да излезе со сопствена програма. Доколку Владата смета дека не може тоа да го направи, нека побара помош од опозицијата. Ние со задоволство ќе излеземе во пресрет со нашите програми.

Кога веќе г-динот Јордановски е толку принципиелен и ни објасни убаво за индустриското производство, за порастот на индустриското производство јас би сакла да ни објаснеше и за зголемвуањето на девизните резерви и да каже на што се должи зголемвуањето на девизните резерви. Зголемвуањето на девизните резерви во моментот се должи најнапред на зголемвуање на надворешниот долг на државата од 150 милиони американски долари, се должи на средства што стигнаа од процесот на сукцесија од поранешна Југославија и се должи на средствата што стигнаа од Донаторската конференција сработена од претходната Влада.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Ако нема реплики, продолжуваме понатаму.

Има збор господинот Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам.

На почитуваниот колега Јордановски, јас денеска имам прилика дефинитивно да му се заблагодарам што самиот призна во име на СДСМ дека изборната кампања на неговата партија била голема лага.

Ме понесе и друго да кажам, затоа што во еуфоријата што е нормална, нормално на избори, посебно после победата, раздраганоста и т.н., заборави да каже дека покрај славјето и сите други околности беа испукани и два куршуми во колата на новиот претседатле на партијата ВМРО-ДПМНЕ.

Понатаму што би сакал да кажам и да го потсетам дека тоа што е борба против корупција, за која што зборуваше мислам дека треба да ги прати новините, посебно да го прати својот досегашен претседател на Собрание, кој дефининитивно кажа дека во Македонија корупција повеќе не постои , тоа е  реадициран процес во нашата држава и ние повеќе не живееме во корумпирано друштво.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Продлжуваме со дискусија.

Збор има г-динот Зиди Џелили.

За реплика се јави г-динот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Добро, јас ќе бидам прилично краток.

Г-динот Љупчо Јордановски едноставно ја обвини опозицијата дека сме имале долги говори, така беше речено и дека сето тоа може да се сведе на седум реченици, а напротив, ако тоа го извадиме  на стенограми требало да се напишат 700 овај 300 страи. Јас се согласувам, можеби е така, меѓутоа и говорот на г-динот Јордановски денеска беше така конципиран, говореше можеби пола час и мислам дека исто така неговиот говор може да се сведе на две, три реченици, опозицијата лошо работеше, ние добро работиме и сега третата реченица од која што можеме да ја извлечеме дека - и вие така работевте. Мислам дека  еден знак на равенство на дискусијата на г-динот Јордановски со дискусијата на опозицијата.

Втора работа за која што сакам сосема кратко да кажам дека г-динот Јордановски е прилично загрижен за опозицијата, да му порачаме дека не треба да се грижи многу за

опозицијата и ни порачува дкеа треба да бидеме констуктивни. Па, зарем нашите критики што до сега беа упатени на опозицијата за ниванта работа односно неработа мислам дека е тоа крајно креативна работа.

Инаку, во поглед на трите работи на кои ги сведува нашите говори дека се работи за изборни ветувања, изборна лага и дека нема вработувања, тоа не се наши зборови, ами тоа се точно зборови од нивните членови на СДСМ. Според тоа , за наша некративност мислам дека не може да стане збор.

Тоа беше на кратко што сакав да кажам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Госпоѓа Силвана Бонева има збор за реплика. Повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван г-дине Јордановски.

Кажавте дека креативноста и фали на опозицијата. Мислам дека неумесно е да го кажете тоа, бидејки опозицијата многу пати до сега ја покажа својата креативност и определба да работи за доброто на граѓанит ена Република Македонија . Опозицијата, навистина сериозно работи да биде коректор на власта иако вие мислите дека таа не е коректор на власта. Но, и покрај тоа што постојано се трудиме какоопозиција да го направиме тоа, дури и со поднесување на повеќе законски проекти со кои што сакаме навистина да помогнеме да се подобри положбата на граѓаните, исто така се трудиме и со идеи да придонесеме за поквалитетни решенија. Меѓутоа, позицијата останува постојано глува и некооперативна и по инерција анблок ги отфрла сите решенија и сите законски предлози што доаѓаат од опозицијата. Опозицијата ја потврди својата констуктивност и при носењето на сите законски решенија што сметаше дека се од интерес и за граѓаните и за Република Македонија како држава, поддржувајќи ги

Понатаму , тотално е погрешна вашата констатација во кое што велите дека ние погрешно кажуваме дека сте ги излажале бирачите. меѓутоа г-дине Јордановски , вашата лага се потврди, бидејки вие ветувавте, вашиот Социјал демократски сојуз на сите митинзи дека ќе вработувате годишно по 30 илјади граѓани, невработени, а наместо тоа вие отпуштате и имаме 10 илјади граѓани кои што се невработени плус од оние кои беа минатата година.

И понатаму не ви држи констатацијата дека мото на опозицијата е што е полошо, тоа е подобро. Нашата загриженост за ужасната економска состојба во државата и желбата да придонесеме таа да да се поправи не става постојано да бидеме во активна позиција и повторно ќе кажам да предлагаме законски решенија и да сугерираме

решенија, а ваш минус како позиција е тоа што не прифаќате сосема ништо од страна на опозицијата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, ако нема реплики, тогаш се јавува господин Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван колега Јордановски, јас би сакал само да спомнам во врска само со вашата констатација дека на 15 септември дошла слободата за граѓаните на Република Македонија. Колку дошла слободата, тоа да го оставиме на граѓаните да проценат тие самите. Инаку, вашата дискусија ја разбрав како подадена рака за соработка помеѓу позицијата и опозицијата и мислам дека тоа е добар гест од ваша страна, што оди во насока на создавање на атмосфера на соработка помеѓу позицијата и опозицијата во интерес на државата, Република Македонија, нашата заедничка држава и нашиот заеднички дом на сите политички партии и граѓани и претставници на пполитичките партии овде. Сметам дека по малку не е во согласност вашиот личен став како пратеник, став во врска со соработката помеѓу позицијата и опозицијата со ставот на вашата политичка партија, односно раководството на вашата политичка партија во која спаѓате и вие најверојатно, бидејќи во минатово многу пати на подадената рака за соработка од страна на ВМРО-ДПМНЕ кон СДСМ, таа соработка беше ан блок одбиена.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Дали има уште реплики?

Ако нема, тогаш му давам збор на господинот Зуди Џелили.

Повелете.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана потпреседателке на Собранието, почитувани дами и господа,

Извештајот за едногодишната работа на Владата на Република Македонија многу малку се разликува од говорот од пред една година на премиерот при формирањето на новиот владин кабинет. Пред една година и сега, извештајот се заснова само врз празни ветувања и неконкретни резултати. Доаѓањето на оваа власт беше

резултат на една спогодба постигната во Охрид, која што имаше за цел прекунување на вооружениот конфликт меѓу  албанскиот народ и македонскиот народ. Оваа спогодба беше поврзана, беше дадена за да се даде шанса на мирот и веднаш започнување на решавањето на меѓуетничките односи, што значи надминување на нападната ситуација и тоа не е резултат на оваа Влада. Задачите на оваа Влада беа да ја врати довербата, мирот, стабилноста, реализирајќи ја спогодбата. Дали може да се рече дека едно вакво нешто е постигнато? Сигурно не. Едно вакво нешто не е постигнато, затоа што во меѓуетничките односи сеуште постои и една недоверба. Безбедносната состојба сеуште е лоша, тоа го докажуваат и разни меѓународни фактори, како што е меѓународната кризна група.

Од друга страна, што се однесува за постигнувањата на економски план, тие се рамно со нула, дури во некои сегменти може да се заклучи дека има и голема влошувања во споредба со претходните години. Доколку пред една година 74% на граѓаните анкетирани беа загрижени за постоњето на државата, денес според премиерот 80% од граѓаните се загрижени за економски и социјални прашања. Како може да биде нормална држава, имајќи во предвид дека 80% од граѓаните им е во опасност нивната биолошка состојба. Би го прашал премиерот, што и треба на државата без граѓани? Во областа на социјалното осигурување во една ваква ситуација на зголемување на сиромаштијата на граѓаните, Владата на Република Македонија со една нехумана политика, врз основа на некои неразбирливи критериуми, антиуставни, постигна бројот од 86.000 семејства, корисници на социјална помош, да се намали на 60.000 и тоа 26.000 кои што изгубиле право на социјална помош, тоа се албански семејства. Ова можеме да го аргументираме со една табела, во која се влезени неколку општини за промената на овие рбројки.

За надминување на проблемите, спроед премиерот, приоритет на Владата на Република Македонија беше да се здобие со доверба и лојалност на граѓаните и како мислите, дали го постигнавте тоа? Дали мислите дека може да имате доверба од население кое сте го осиромашиле до најнизок стадиум. Дали мислите дека ја имате поддршката на населението убивајќи невини граѓани при полициски акции. Зошто оваа Влада исценира позитивни резултати и се сасмозадоволува од фантастични постигнувања до она ниво, што мисли дека и меѓународниот фактор и верува.

Што се однесува до вклучувањето на албанците во сите нивоа во јавната администрација, иако беше една од првичните задачи на оваа Влада, оваа работа не тргна од самото место, дури има и намалување на процентот со отстранување на албанците од нивните работни места.

Што се однесува до корупцијата и попречувањето, не само што не е постигнато, туку напротив, оваа појава продолжува да зема големи размери и Македонија се рангира за девет места повисоко на листата на најкорумпирани држави во светот. Во Република Македонија денес за една најмала медицинска лекарска интервенција треба да се има претходно договор со лекарот, со соодветниот лекар.

Господине министре за здравство, вие добро го знаете сето ова и не реагирате. Најголем процент на пациентите кои треба да го платат ова мито се албанците и со право албанското население е најизлажана од Охридскиот договор. Ова го велам затоа што и по именувањето на албанскиот министер во здравството состојбата е алармантa. Нема амбуланти во албанските села,  секој ден слушаме само ветувања и во ова Министерство бројот на албанците не ја надминува бројката од 4,5%. Бидејќи од моите колеги беа спомнати голем број на бројки и факти за многу неуспеси, јас сум на мислење дека реконструкцијата на Владата не претставува ветувачка солуција, туку Македонија од оваа ситуација блокирачка ќе ја спаси само комплетната оставка на Владата.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господин Хисни Шаќири. Повелете.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван премиер, почитувани пратеници и сите вие присутни тука,

Како тема на дневен ред, како прашање на дневен ред е реконструкција на Владата, каде премиерот бара измена на министри во рамките на неговиот кабинет, со цел сигурно да имаме една подобра работа на ниво на Владата, како извршен орган, како најодговорен во оваа држава. Сосема оправдано да разговараме околу ова прашање, со самиот факт дека Владата на Република Македонија е одговорен орган за многу процеси во рамките на оваа држава и мислам дека за ситуацијата, за моментот во кој се наоѓа државата сосема е оправдано да се дискутира за одредени прашања. Меѓутоа, сепак од целата оваа неколкудневна дебата имав впечаток дека при одредени прашања се претерува и можам дури да кажам дека воопшто не беше место да се разговара по оваа точка на дневен ред. Овие се мои чувства и јас го чувствувам како обврска да бидеме што појасни, што поконцизни и поконкретни, во најмала рака пред самите себе, затоа што кога

пред самите себе ќе бидеме јасни и конкретни, тогаш мислам дека ќе можеме да зборуваме со јазикот на народот и ќе не разбере и народот.

Што се однесува до извештајот кој што го добивме од премиерот, а потоа и неговото експозе, јас гледам дека во нив се предвидуваат коренити реформи и измените кои ги предвидува премиерот, ние како Демократска унија за интеграција ги подржуваме целосно. Од овие измени што ги предвидува во овој временски период, мислам дека поддршката на ДУИ ќе ја има безрезервно. Меѓутоа, не е тоа заради тоа што ние сме коалиција и дека од правна гледна точка треба да дадеме таква поддршка, туку затоа што мислиме дека е наша одговорност.

Почитувани пратеници,

Многу се експлоатираше Рамковниот договор, многу се говори за овој договор и сосема е правилно да се разговара за овој документ, за овој договор каде потписот го ставија четворица партиски лидери и зад кој стои и меѓународниот фактор. Меѓутоа, не треба никако Охридскиот договор да ни служи како основа за взаемни обвинувања кои немаат никаква основа врз факти и аргументи. Да бидеме поконкретни. Ние сме во една ситуација каде неодминливо треба да бараме соработка внатре во партиите, сите политички партии, често го спомнувам, затоа што прашањето е безбедноста, економскиот развој на земјата, политичката стабилизација. Убеден сум дека без економски развој нема да имаме ниту стасбилизација и дека тие претставуваат не потребни, туку неопходни компоненти за секоја држава, значи за Република Македонија.

Многу малку говориме за економските проблеми. Охридскиот договор е документ за кој сносат сите одговорност. Тука нема опозиција и власт. Но, зошто заборaваме еден факт, почитувани пратеници? Кога реков дека многу се експлоатира овој договор, дека многу се дискутира за тоа и толку се оди до екстремност, дека наводно ништо не е направено. Јас не се согласувам со таа оценка. Разберете ме, јас не се согласувам. Мене ми е јасно и знам и целата ДУИ и целата партија и на сите граѓани на Република Македонија им е јасно дека динамиката, дека временската динамика која е предвидена поради негова имплементација не се почитува, не е испочитувана. Меѓутоа сепак, треба да искажеме една реалност. Јас директно му се обраќам на Парламентот тука и на Владата како Хисни Шаќири, затоа што никогаш не сум бил човек кој што сум се обидувал и не сакам сега на погрешен начин, на лажлив начин да го зачувуваме нашиот авторитет и на еден таков начин да го чуваме нашиот кредибилитет пред ова население. Јас и признавам на сегашната Влада, јас признавам дека оваа Влада имаше, и честитам што имаше храброст да преземе еден таков чекор како што е официјализирањето на Тетовскиот унвиерзитет. Некој вели дека тоа е лага. Да оставиме на времето да пресуди.

Меѓутоа, треба да ви кажам дека тука ни опозицијата не смее, не треба да искажува резерви, не треба да оди во насока на добивање политички поени, затоа што ова е прашање, ова е државен проект, затоа што со едно необразовано население ние не можеме да бараме интеграција во Европа. Затоа, чекорот на СДСМ на оваа Влада и на ЛДП и на ДУИ за да се реши еден ваков проблем, да се залечи една рана која што датира од многу порано, тоа е еден позитивен чекор, многу позитивен чекор.

Да поминеме на другите прашања господа пратеници, на сите ви се обраќам сега.

Зошто не се свртиме кон самите себе. Охридскиот договор ВМРО-ДПМНЕ како опозициона партија која истовремено е и потписник на Рамовниот договор го обвинува СДСМ дека им попушта на ДУИ, а вие нас ни префрлате дека им попуштаме на СДСМ. Значи, овие две работи се контрадикторни. Значи, или ние, со нас нешто не е во ред, не ги познаваме добро политичките процеси, или тука се изразува едноставно, по автоматизам се изразува некоја резерва во однос на тоа што се случува во Република Македонија и се вели дека тоа може да биде многу опасно. Треба да секогаш да се свртиме кон самите себе. Јас сите ги повикувам да разговараме за многу прашања, не со разлики и не да ја ставаме разликата позиција - опозиција, затоа што ова се прашања кои сакале ние или не, треба да не спои, да не соедини сите и ВМРО-ДПМНЕ и ДПА и СДСМ и ЛДП и ДУИ и сите други партии кои што не се претставени во Парламентот, затоа што тука се работи за интересот на сите граѓани на Република Македонија.

Господа, зошто трошиме толку енергија. Еве веќе три дена. Многу се говори за меѓуетничките односи. Треба да знаеме дека дел од Охридскиот договор е и изградбата на меѓуетничките односи во државата. Ве молам, немаме кој на кого да продава ум, затоа што Република Македонија е мала држава и се знаеме, се познаваме меѓу себе. Меѓутоа, верувајте дека на сите граѓани им е потребна една релаксација во однос на овие прашања за кои се дебатира во Парламентот, посебно на оние кои се однесуваат на меѓуетничките односи. Многу енергија се троши во оваа насока, луѓе, зошто да не се сконцентрираме на економските проблеми. Многу, многу говориме за тие проблеми.

Се со што се мисли дека може да се постигне политички маркетинг, сите се убедени дека само доколку се говори околу меѓуетничките односи и доколку се напаѓаме едни други, ВМРО-СДСМ или ДПА доколку го напаѓа ДУИ само така мислиме дека можеме да постигнеме политички поени. Меѓутоа, овие времиња завршиле. На тие времиња треба да им се стави крај. Јас така ги разбирам имајќи ги предвид и историските факти. Јас ќе ве потсетам дека една поразвиена економска земја и светска економска

сила, Кол 16 години беше на власт. 16 години мандат му беше дадено од страна на граѓаните на Германија, народ кој што се издигнати во секоја гледна точка. Мандатот му беше даден поради економските резултати. Тој од Германија направи економска, светска сила, меѓутоа, за еден многумал скандал за една корупција која кај нас можеби не би се спомнала тој на крај беше обвинет. Тој е човек со големи заслуги за целата историја на германскиот народ. Тој има свои засллуги во сите димензии на животот на Германија, меѓутоа, многу малку се говори за тоа, како кај нас на пример што се говори постојано дека еве на пример на албанците многу им се допуштило.

Ве молам, албанците се граѓани на оваа земја. Рамковниот договор има ставено крај на секоја дилема. Да бидеме сериозни зошто не смееме веќе да дозволиме граѓаните да ги држиме во постојана неизвесност, во постојан страв и да ги држиме заложници на една политика која на крајот на краиштата може да пропадне. Минатото покажало дека една таква политика не била продуктивна и затоа треба да се ориентираме кон една политика која е продуктивна за оваа држава и за сите граѓани, затоа што на сите им е тука местото. Секоја друга сугестија, секоја друга дилема која би се појавила околу овие прашања и мислам дека е грешка. Затоа треба да се свртиме кон самите себе, да се зближиме меѓусебно, да ги направиме работите, да ги извршиме работите за кои ни го има дадено гласот населението. Значи, тоа е наша морална и политичка обврска, Рамковниот договор да го третираме така како што треба и да бидеме сите едногласни во односна неговата имплементација, затоа што тука нема да добијат само албанците, туку сите граѓани и ќе добие РМ.

Затоа уште еднаш на крај ви даваме поддршка како ДУИ, и даваме поддршка на реформите, на измените кои се предвидуваат во рамките на Владата, затоа што само преку реформи ќе можеме да постигнеме да се интегрираме во заедничка Европа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-дин Зуди Џелили.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Реплика на еден дел од говорот на г-динот Хисни Шаќири.

Г-динот Хисн Шаќири рече дека макededонската опозиција го критикува унапредувањето на албанците односно го критикува СДСМ за попуштање, додека албанската опозиција бара од ДУИ поголеми напредувања. Јас мислам дека не се реализира ниту едното ниту друго, туку да го реализира она што го бара народот, а народот не сака ниту повеќе ниту помалку, туку рамноправност, еднаквост целосна на сите кои што живеат во оваа држава.

Ние г-дине Хисни Шаќири сеуште говориме за бројки 2, 3 и 4, незнам дали можеме да речеме и за 5% за вклучувањето на албанците во државните институции.

Албанскиот јазик сеуште се употребува дозирано и дали можеме да зборуваме дека ние како опозиција бараме премногу. Не. Ние го бараме она што мислиме дека е право на рамноправност на албанците во РМ.

ЛИЛЈАНА ПОПОСКА:

Г-дине Шаќири повелете.

ХИСНИ ШАЌИРИ;

Не ми е целта да реплицирам на г-динот Џелили туку да дадам само некоку објаснувања.

Почитуван пратеник вие треба да имате предвид само еден факт. Ние некои прашања сме ги дискутирале, околу Законот за државјанство, и јас бев заинтересиран и вие бевте во соработка со мене, за ова работа да ги координираме работите. Ние констатиравме дека е општ интерес, но токму таму имаме разлики и реакции од самата опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ. Овие работи се таложат и јас не како Хисни Шаќири, како пратеник овде туку како граѓанин, јас доаѓам од едно место, каде што имаше големи палежи и јас сеуште имам голема сериозност бидејќи имам поминато многу нешто и треба да разговараме за многу прашања кои што се од општ интерес. Ќе бидеме во функција на соработка, ќе бидеме отворени со сите, и со ВМРО и со сите други само за да одат работите напред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Вистина е дека по прв пат ДПА го повика Хисни Шаќири да се консултира во врска со Законот за државјанство. Тоа беше наша иницијатива и секогаш кога ќе не повика ДУИ ние ќе дојдеме на консултации, но мислам дека е доцна по една година. Видоа дека работите не одат во Владата и сега е доцна да не повикуваат на консултации. Охридскиот договор не е 50 хектари, од како ќе завршат законите тогаш ќе биде се доцна. Хисни Шаќири треба да знае што значи опозиција и мнозинство. Нашите критики се да ве разбудиме од длабокиот сон, ДУИ да ја корегира својата работа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-динот Насуфи бара збор за реплика.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Фактички зборуваме со еден јазик а не се разбираме понекогаш. Никој ниту од ДПА не е против универзитетот во Тетово, туку станува збор за едно друго прашање. Сеуште

не е објаснето дали станува збор за создавање на нов универзитет, или за легализирање на постоечкиот универзитет. Тоа е една голема разлика.

Станува збор и за еден друг факт. Охридскиот договор на дециден начин вели дека ќе се обезбеди една институција за високо образование на која како јазик ќе биде албанскиот јазик. Сеуште има една разлика бидејќи не е конкретизирано прашањето за овој ваков универзитет. Тоа е отворено прашање.

Без оглед, принципиелно никој не е против тоа, во рамките на еден универзитет да се финансира со јавни давачки, јавни пари. Тука е основата. Главно е што има две цели да се постигнат и мислам дека во врска со тоа треба да се дискутира. Ќе дојде законот за тоа и ние тоа прашање ќе го разгледуваме и ќе го дискутираме.

Што се однесува до Охридскиот договор јас нагласив и во мојата дискусија - Охридскиот договор не е библија и не му се дава права на никого, не го конкретизирам ДПА, СДСМ, ВМРО, ДУИ. За жал Охридскиот договор некој го користи како марамче за чистење на нечистотијата. Охридскиот договор треба да го дискутираме за конкретни резултати постигнативо текот на оваа година. Затоа г-дине Хисни имаме еден јазик за Охридскиот договор, принципиелно, начелно се договараме дека Охридскиот договор е документ кој што ги решава политичките и меѓуетничките односи во Македонија, но сите велиме што се направи со албанскиот јазик, што се стори со количинското учество и квалитативното учество на албанците во Владата. Ве молам, јас прашав зошто нема од овие три министерства главно еден албанец да биде министер. Тоа треба да го дискутираат ДУИ и ние заедно.

Што се однесува до она што го рековме за Брест, тоа е една многу тешка активност. Да се санира една ваква активност треба време, години. На овие простори во Македонија и пошироко од овие ситуации се добија големи трауми, каде што конфликтот добива едни големи размери, емоционални. Ние зборуваме за конкретни прашања и ние сме принципиелни.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дин Шаќири повелете.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Некои прашања незнам колку успеав да ги конкретизирам, но да се рече дека ДУИ не се ангажира или нема одговорност за имплементирање на Охридскиот договор мислам дека тоа обвинување не стои. Никако не може да се прифати како критика дека во овој правец ДУИ не прави активност, нема ангажирања.

Второ, дасе рече дека ДУИ не се ангажира за правниот статус на албанскиот јазик мислам дека е обвинение кое што нема причина и нема поддршка од факти и аргументи.

Јас сум да расчистиме некои работи и да не одиме во критики кои не можат да се прифатат и не се оправдани за моментот, бидејќи токму вчера слушнав еден од министрите дека не се зборува да се создаде една клима, еден амбиент напнат за да се добие нешто, бидејќи во овие моменти добивките кои што се вештачки и кои што немаат здрава основа мислам дека се краткорочни и имаат многу краток живот и многу брзо можат да умрат.

Јас ги повикувам сите да бидеме сите заедно што се однесува до имплементирањто на Охридскиот договор, што се однесува до меѓуетничките односи, за економските прашања за други проблеми за кои како опозиција треба да дискутирате и без пардон да разговарате.

Јас не ви сугерирав ништо друго во овој правец.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Во интерес на времето и несакајќи да се повторуваме се повлекувам од мојата дискусија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Има збор г-дин Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитувани колеги пратеници, пожитувани пртставници на Владата, г-дин премијер, господо министри,

Денес разговараме за едно прашање за кое е потребно да се разговара. Говорите кои се прават на оваа говорница не треба да се прифатат самон како обвинувања, туку и како предлози и сугестии на партиите кои не учествуваат во Владата. Не е улогата на опозицијата деструктуивна улога, само да навредува и да критикува, туку улогата на една конструктивна опозиција во една демократска држава е да прифати се што е во прилог на граѓаните од тоа што произлегува од владата, меѓутоа, исто така силно да се спротистави на сето она што произлегува од власта, од Владата, меѓутоа и сето она што е против интересите на граѓаните зависно од нивната  верска или етничка припадност.

Јас не ја гледам оваа дебата како дебата каде се изразуваат само опструкции и да се обвинува некој за работата која не успевал да ја направи во текот на една година.

Пред да ја отпочнам мојата дискусија и да се надоврзам на извештајот по едногодишната работа на Владата би сакал во интерес на соодветната информација на јавноста во Република Македонија. . .

Со оглед на фактот дека имаше обвинувања и дилеми изразени од една партија дека ПДП е дел на власта, би сакал ова да го разјаснам. Во името на ПДП ви велам со потполна одговорност дека ПДП не е дел од Владата, не партиципира во Владата. Исто така, таа и натаму ќе делува на активен и ефективен начин во опозиција, делувајќи така како што реков пред малку.

Ние не гледаме се црно-бело, ние работите ги гледаме малку поинаку. Ние на проблемите им пристапуваме на аналитичен начин и само на тој начин ќе можеме да прифатиме и да спориме, а никако да користиме средства кои што ќе ни одат само нам во прилог како партија, а на штета на граѓаните. Тогаш не само што ние не сме добиле ништо, туку сите заедно сме изгубиле.

Исто така има и друго обвинување, кое исто така беше изразено од оваа говорница дека претседателот на ПДП, господинот Абдулменаф Беџети ја затворил устата откако се сретнал со господинот Бранко Црвенковски. Тоа воопшто не е вистина, затоа што Абдулменаф Беџети после средбата со господинот Бранко Црвенковски се сретна и со господинот Никола Груевски кој што е претседател на ВМРО-ДПМНЕ. После овој состанок, оваа средба, тој се сретна и со господинот Али Ахмети, кој што е претседател на ДУИ, а сигурно зошто не би се сретнал утре и со господинот Арбен Џафери. Сето ова е во функција на нашите обиди да имаме добри односи со сите политички партии кои делуваат и работат во Република Македонија, било тие да се парламентарни или вонпарламентарни.

Во оваа насока, целата моја дискусија досега беше на првилен начин да ја информирам јавноста дека ПДП, така како што од почетокот на формирањето на оваа Влада се обидува и  ќе продолжи да работи од опозиција, меѓутоа, која со име ќе го именува попот “поп” а Боби “Боб”, според збоовите на Стипе Шувар како анегдота.

Што се очекуваше од оваа Влада?

Ние сме едногласни,имаме консензус дека ние еден ден ќе бидеме дел од европското семејство или евроатланското семејство, ќе бидеме членка на НАТО. Еве секој ден оваа година се говори дека треба да аплицираме за членство во Европската Унија. За да се направи ова, околу кое има еден поширок консензус од партиите на власт и тие во опозицијата, треба да се исполнат одредени услови. Треба преземените обврски да ги исполниме ние. Никој нема нас да не натера со сила да ги завршиме нашите работи и нашите обврски. Нашите работи во нашиот двор ќе треба сами да си ги завршиме.

Доколку продолжиме така како што правевме и со денешните полемики, ова никаде нема да не води. Ќе не остави тука да ги малтретираме граѓаните и дури да се попишманат зошто излегуваат на избори и зошто гласаат за нас. Ова навистина не чини. Меѓутоа, ниту власта не треба да се лути и да чуствува дека си прави непријатели и опозицијата да ја гледа како непријател, доколку опозицијата дава забелешки во насока на корекција на делата на Владата.

Денес тука навистина видов и сите видовме, меѓутоа, и пошироката јавност беше сведок, а и меѓународните претставници кои се тука во Македонија, тие воопшто не видоа или ние не видовме дека говориме за извештајот, за перспективата на државата или за подобрување на стандардот на граѓаните, или не видоа дека говориме за политичката стабилизација, за економскиот развој и за многу други прашања кои се однесуваат и ги засегаат самите граѓани на Република Македонија. Веќе неколку години сум во Парламентот и за една ваква реконструкција за само 4 министри се води тридневна дебата, што навистина е предолго. За една цела влада не сме воделе вакви дебати. Но сигурно, ние сме млада држава со млада демократија и веројатно времето и искуството ќе не научат како да работиме понатаму во иднина.

Да кажам искрено, не само јас, туку така мисли и мојата партија ПДП, мислиме дека оваа власт требаше да биде малку похрабра, навистина да навлезе во длабоки реформи, затоа што ова некој го бара од сите нас. Јас реков пред малку дека сите имаме претензии да станеме членка на големото европско семејство, меѓутоа, дека има многу реформи во многу области. Кога велам реформи мислам на сеопфатни реформи, не говорам само за одрден сегмент. Малку подоцна ќе одговорам и за сите сегменти подоцна. Се очекуваше да преземат посериозни чекори. Чекорите што ги преземале изгледаат мали. Јас разбирам и знам каква беше оваа влада кога ја презема власта. Меѓутоа, не треба секогаш да се префрла вината кај тие претходните. Треба да бидеме малку посамокритични каде беа нашите грешки, каде беа нашите пропусти, зошто не успеавме во тој и тој период да го реализираме тоа и тоа. Требаше да преземеме големи чекори, и навистина практични чекори. Требаше да направиме напори, меѓутоа, навистина не е доцна и денес да направиме напори да создадеме нови вредности, како што личи на една демократска држава, со еден посилен морал, поинаку отколку што беше случајот досега. Со еден морал кој што веќе нема да дозволи насилство и вулгарност од страна на институциите. Тука во однос на ова сите треба да имаме консензус и да бидеме зад тоа сите заедно, да ставиме крај, да кажеме не на насилството и ароганцијата. Треба да бидеме сите многу транспаренти пред јавноста и на транспарентен начин треба да ги прифатиме критиките, меѓутоа, добро основани и добро анализирани критики. Доколку од

опозицијата, а тоа е и работа на опозицијата, затоа што опозицијата треба да биде коректор на власта, доколку постојано се критикуваат разните владини институции, тогаш тоа не треба да го сватите како непријателски став, затоа што на нив им е задача и обврска и го имаат поголемиот товар отколку опозицијата, затоа што на крајот на краиштата најголем сојузник на власта се граѓаните, а граѓаните ги претставува и опозицијата и власта.

Се зборува многу и треба да се зборува, нема смисла да не се зборува. И не добро да не се отвораат дебати. За мене и за мојата партија е сосема неприфатлива тезата дека Охридскиот договор, освен делот кој се однесува на централизацијата, е завршен. Ова неможам да го прифатам затоа што тоа не е вистина и воопшто не содејствува со реалноста. Ние оттогаш кажавме дека Охридскиот договор е добар договор за да се стави крај на кризата во Република Македонија и претставува добра основа за реализација на националната и граѓанскаста еднаквост во Република Македонија. Доколку некој денес некој излегува и вели дека Охридскиот договор е завешен, тогаш ќе греши, затоа што секогаш ќе биде критикуван од опозицијата, затоа што не можеме да се согласиме, дури тука не треба и власта да се согласи дека со овој договор се готови, ајде сега да пристапиме на други прашања, што не значи дека паралелно работејќи на реализацијата на овој договор дека не треба да се работи на другите сегменти како што е економскиот сегмент, социјалниот, образованието, културата и тн.

Јас само би сакал да спомнам врз основа на аргументи и факти зошто неможе да се каже дека е завршено со Охридскиот договор. Во државава сеуште немаме закон за употреба на симболите, што исто така е дел на договорот. Доколку има некоја друга причина, тоа треба јасно да се каже. Сеуште немаме општ закон за употреба на јазикот за население кое е претставено со 20% од населението во Република Македонија. Затоа што ние вака сме ја разбрале таа работа, многу закони кои се усвоени во овој Парламент, кога реагиравме дека законот не предвидува користење на албанскиот јазик на заедниците кои претставуваат над 20% од населенито во Република Македонија одговорот секогаш беше дека ќе има еден општ закон за употреба на јазикот. Јас не гледам и не можам да разберам како може да кажете дека е завршено со Охридскиот договор и бројот на албанците во јавните претпријатија, во админстрацијата е зголемен на 23%. Тоа е грешка и воопшто неможам да го прифатам тоа како такво. Многу често сум слушал дека во Министерството за одбрана и во Министерството за внатрешни работи се вработени толку и толку албанци. Ќе мора да се вработат, тоа претставува обврска од Охридскиот договор. Меѓутоа, сега се поставува второто прашање: каде ли се примени тие луѓе во Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи. Тие се

вработени во униформираниот дел, сега јас поставувам прашање не само на Министерството за одбрана и Министерството за внарешни работи, туку поставувам прашање на сите министерства колку имаат вработени во администрацијата на министерствата, посебно во Министерсттвото за одбрана и Министерството за внартрешни работи.

Второто прашање кое се поставува во секое министерство, кога се зема вертикалата тука е министерот, заменик министерот, помошникот и раководители на сектори. Јас го поставувам прашањето и барам одговор колку раководители на сектори албанци има во сите министерства. Ви гарантирам дека не се повеќе од 2%, или можеме да ги наброиме, 5,6 и тн, а Охридскиот договор предвидув 23%, толку колку што е вкупниот број на албанци во Република Македонија.

Пред одредено време се гласаше за обвинителите и замениците обвинители. Нашата реакција, реакцијата на ПДП беше дека албанците не се претставени со 23% во предлозите на кандидатите за обвинители и за заменици обвинители, туку се само 7%. Доколку ова претставува исполнување на Охридскиот договор, тука треба да разговараме поинаку.

Значи, друго е прашањето колку законите кои се однесуваат на Рамковниот договор, кои сме ги усвоиле во овој Парламент, колку тие закони реално и фактички се имплементираат на терен и во рамките на институциите. Јас велам дека воопшто не се спроведуваат. Воопшто граѓанинот - сега тука говорам за граѓанинот албанец, воопшто граѓанинот албанец не може да почуствува дека се изменети некои закони или дека се предложени нови закони. Вие знаете дека за Законот за патни исправи имавме големи забелешки, затоа што тој не му се дава на граѓанинот албанец по автоматизам, туку тој треба да поднесе барање. Вие знаете каква администрација имаме во Република Македонија. Админстрацијата е застарена со застарен менталитет. Поединецот дури и се плаши да поднесе барање за да му се издаде патната исправа на албански јазик. Тоа се реални случаи, тоа се факти. Затоа баравме по автматизам патната исправа да му биде издадена на јазикот на заедниците, затоа што само на овој начин вклучувајќи се во сите институции како што се предвидува со Охридскиот договор, ќе ја постигнеме еднаквоста, националната еднаквост на граѓаните, нема да имаме политички проблеми, туку ќе почнеме да се занимаваме со други проблеми кои навистина се однесуваат и ги засегаат сите граѓани. Главниот столб со кој треба да се занимаваме во иднината, тоа е економијата. Меѓутоа, не може да ги апстрахираме сите овие други прашања кои ги спомнав до сега.

Парламентот го усвои Законот за амнестија. Меѓутоа, тој не се респектира, не се почитува од страна на сите институции, од страна на сите судови и оваа работа Владата во својата идна работа треба да ја исправи, треба да ја реализира оваа работа. Веќе не треба да се прави селекција овој ќе го амнестираме, а тој нема да го амнестираме. Најголем број се амнестирани, меѓутоа, сепак се останати некои неамнестирани кои имаат реални проблеми.

Прашањето на образованието: добро е што се направени обиди за легализација на Тетовскиот универзитет. Законот помина на Влада, меѓутоа, законот сеуште не го гледаме во Парламентот. Ние оваа иницијатива ја поздравивме затоа што бевме промотори на оваа идеја, основање на еден државен универзитет финансиран од страна на Владата, државата и вклучен и инкорпориран во образовниот систем во оваа држава. Еден таков закон се предложи на Владата, а сега е останат во тој владин лавиринт. Вчера мислам дека имаше состанок Советот за акредитација, а токму пред одредено време ние пред овој Парламент имавме односно го добивме Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование. Не беше прифатен амандманот на ПДП за пропорционална застапеност во Советот за акредитација. Тоа не беше прифатено од страна на министерот. Денес во Советот за акредитација, почитувани господа, од 15 члена само 2 се албанци. Тоа е 10-12%, не е 23%. А министерот за култура го прифати нашиот поднесен амандман дека во Советот на министерот ќе се има предвид правичната застапеност, значи видете каква аномалија се појавува кај законите. Или на пример Законот за култура кој што го очекуваме и сигурно, доколку Владата не предвидува за кратко време да предложи такво нешто, тогаш ПДП ќе ја пресеме обврската да предложи еден таков закон и тоа многу скоро. Исто така, ќе предложиме и еден закон, закон кој што беше ветен од оваа говорница, а тоа е за припадниците на вооружените сили на Република Македонија за нивно пензионирање, ќе предложиме измена и дополнувае на Законот, со цел сите кои учествуваа во конфликтот, затоа што сите учествуваа за идеали и тие да бидат третирани на еднаков начин, затоа што Охридскиот договор не смири сите нас во Република Македонија, ја подадовме раката на помирување и затоа и во овој сегмент треба да имаме целосна еднаквост.

Пред одредено време во овој Парламент предложивме Закон за државјансатво. Закон кој што го чекавме многу долго, на чие изменување и дополнување чекавме многу долго и во текот на првиот мандат, но и во текот на оваа влада. Ние предложивме закон, но штом го предложи овој закон ПДП, тогаш излезе и дојде мислење од страна на Владата на РМ, со кое им се препорачува на пратениците да не се прифаќа ова изменување и дополнување на Законот, затоа што Владата ќе изготви еден подобар

закон. Тогаш реков на оваа говорница и денес повторувам дека Законот кој што е предложен од страна на Владата не е подобар, туку претставува еден компромис меѓу сегашниот закон и законот што го предложи ПДП. Меѓутоа, за жал сеуште ја нема завршено парламентарната процедура. Се гледа дека има опструкција, се гледа дека сега треба да се интервенира со амандмани со цел ние како албанци да се повлечеме од Законот и повторно да остане сегашниот закон, а граѓаните повторно да останат без државјанство. Дури, има и некои најави дека Владата ќе ги прифати амандманите кои ќе бидат дадени од некои пратеници во Парламентот. А секој закон се изменува и дополнува за доброто и во прилог на граѓаните. Секој закон се дополнува во служба на граѓаните за да боде поблизок до граѓанинот. Сите ние тука треба да знаеме дека кога изменуваме и дополнуваме закони или кога предлагаме нови закони, тие треба да бидат во функција на подобрување на состојбата, положбата и стандардот на граѓаните, а не граѓанинот да го одалечуваме повеќе од нас, туку напротив граѓанинот да биде поблиску до нас. Доколку делуваме и натаму во оваа насока, тогаш мислам дека ќе имаме проблеми кои навистина не ќе можеме да ги надминеме и да се соочиме.

Меѓутоа, мислам дека за прашањата за кои разговараме, прашањата кои не засегаат, како што е прашањето на безбедноста, почитувани колеги, дали Владата на Република Македонија ги брани сите граѓани исто. После војната вие знаете колку убиства се случија во Република Македонија меѓусебно. Каде се случија најмногу такви убиства? Се случија во Тетово, беа убиени над 60 лица. Какви мерки се преземаат за да се одбранат невините граѓани кои излегуваат на улица и не знаат од кого, како и каде ќе бидат нападнати. Направете една спогодба со другите градови, да одиме малку подалеку. Ја имаме Владата и владиниот кабинет. Освен двајца министри, министерот за одбрана господинот Владо Бучковски и министерот за внатрешни работи господинот Хари Костов, кој друг министер отишол да го посети кризниот регион, Тетово, Куманово, Скопје. Да ги посети граѓаните независно од нивната национална припадност.

Ве молам, министерот треба да биде многу блиску до граѓанинот. Министерот за внатрешни работи беше таму кога имаше проблеми, кои што го засегаа тоа министерство и министерот за одбрана, одеше таму кога имаше такви проблеми. Ниеден друг министер не сум го видел да оди во Липково, во Селце, во Камењане или пак на некое друго место и да комуницира со тие луѓе таму и да контактира и да ги праша, имателе некоја мака, ве мачи ли нешто. Јас не гледам и не сум видел и мислам дека во иднина Владата ќе мора да биде поблиска со граѓанинот. Доколку, ова не го направи, верувајте нема да имаме перспектива.

Што се однесува до она што е побитно, не побитно, туку што претставува приоритет, тоа е економскиот развој. Економијата е во колапс. Куповната моќ е на нула, луѓето се соочуваат со голема невработеност. Тоа е поради тоа што нема надворешни инвестиции. Меѓутоа, јас мислам дека прво треба да си ги завршиме работите сами ние внатре, затоа што странските инвестиции нема да дојдат, се додека не се направи сето ова што го спомнав досега. Додека ние не седнеме сите заедно и на соодветен начин го прочитаме Рамковниот договор, доколку македонците го читаат договорот поинаку, а албанците поинаку, тогаш нема да има ни Европска унија, нема да има ни странски инвестиции. Затоа што странските инвестиции, на странскиот капитал му е потребна стабилноста во државата. Стабилноста во државата ќе дојде, доколку има еднаквост. Поинаку, не знам како може да има стабилност.

Затоа, во оваа насока, сите овие беа забелешки и сугестии и треба да претставуваат поука за Владата за во иднина да не прави грешки, затоа што грешките што ги прават еден министер или едно министерство се последици кои ги чувствуваат сите граѓани.

Да го спомнам само случајот во 1997 година, кога и ние бевме на власт, се случи инврвенцијата во Мала Речица. Тогашниот министер за внатрешни работи, г. Љубомир Фрчковски, тој денес е никаде, но тогаш тој делуваше. Тој сега не е нигде, меѓутоа, последиците ги чувствуваме сите ние, затоа што тој сакаше да интервенира без нашата желба, без желбата односно без одобрението на ПДП. Значи, поединците си одат и си доаѓаат, меѓутоа, народот останува и ги чувствува последиците од нашите дела. Доколку продолжиме со ова темпо и понатаму, верувајте нема да бидеме оние, кои ќе бидеме правично претставени на Владата. Ние треба да бидеме такви, затоа што електоратот тука не има испратено за да ги промовираме и да ги браниме нивните интереси. Доколку одиме во спротивен правец да ги промовираме и да ги заштитиме нашите интереси, многу брзо ќе си одиме. Меѓутоа, не само што ќе си одиме, туку на душа ќе го земеме цел еден народ, а доколку не бидеме малку поодлучни, тогаш

верувајте дека сите ќе се соочиме со неуспех. Многу ми се допаѓа кога ќе видам дека денес СДС и ВМРО разговараат за стратешки прашања, а каде се албанците, албанскиот фактор, за да разговара за стратешки прашања и за имплементација на Рамковниот договор. Од каде произлезе таа иницијатива од ДПА, ПДП од ДУИ. Да не ни дојдат работите во иднина, ние самите да трпиме поради грешките кои што сме ги направиле сами. Ова би била и мојата порака околу овој извештај, за кој се дискутира денес во Парламентот на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика г. Зуди Џелили:

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Вистина е дека ние пратениците од ДПА сме рекле дека и ПДП е дел од оваа Влада. Дури, доколку не е на официјален, јавен начин, тоа е во една т.н. подзатскриена коалиција како дел од Владата. Кога го велиме ова, го велиме без некоја тенденција, без некоја лоша цел. Сето ова се заснова вра неколку факти и аргументи за изјавата на потпаролот на оваа партија, кој што рече дека еден од кандидатите за министер е сеуште член на оваа партија. Многу членови од оваа партија до ден денес се на некои раководни места и во оваа актуелна Влада. Затоа, има еден друг факт, тоа го правиме со цел да ги информираме граѓаните правилно, вистинито колку пати се гласаат закони од посебна значајност за албанците, пратениците од оваа партија од говорниците изјавуваат дека нема да ги поддржат овие закони, а од друга страна на листинзите што ги добиваме ние за начинот на гласање, кој се навистина црно бели, ние така ги гледаме работите врно - бело, пишува дека со име Вејсели Абдулади, да, значи, тој гласал за законот, а половина час или еден час говори на говорницата за недостатоците на овој закон.

Ќе ви го спомнам уште еден факт, кој што е многу битен. На денот кога требаше да се гласаат членовите на Републичкиот судски совет, беше дадена пауза, бидејќи немаше гласови, што се случи. Дали знаете кој пратеник дојде од дома за да гласа за Републичкиот судски совет. Пратеникот на ПДП Исмет Рамадани. Се собраа 18 гласови и така поминаа членовите на Републичкиот судски совет. Ние ова го правиме заради јавноста дека не може некој да зборува поинаку, а да дејствува поинаку.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Вејсели, повелете.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Јас воопшто не ви го земам правото и не можам да ви го негирам правото за ваша дискусија. Дали ПДП е во Влада или не, јас го кажав моето мислење. Партијата за Демократски просперитет е опозициона партија, но ПДП не е опозициона деструктивна партија, која што секогаш гледа црно-бело. Ние, сите забелешки што ги дадовме во овој Парламент, од самиот почеток, дури и во времето кога вие бевте на власт, сите ги прифативте, но ги прифативте со задоцнување. Затоа, ние велиме дека на проблемите треба да се пристапи на еден аналитичен начин, доколку нешто сме рекле дека е добро, е корисно за граѓаните на државата, ние не сме тие кои ќе се спротивставиме на тоа. Не само поради логиката, заради тоа, она што е во спротивност со идејата и концептот на нашата партија, ние ќе бидеме против до крај, бидејќи не дозволуваме да поминат проекти, кои што не се корисни за граѓаните, значи, без нашиот глас ќе одат. Ние секогаш сме биле против, секогаш сме против оние проекти што се донесуваат кои се против интересите на албанците во Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Насуфи, повелете.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ние, слободно можеме да речеме дека претходната власт на ДПА и ние сеуште се сеќаваме на тие настани во Мала Речица, Гостивар итн и не е добро да ги отвораме овие теми, кои што за жал, на еден начин, поради позицијата и неефикасната борба контраверзна на тогашната власт, каде што учествуваше и ПДП, за жал, дојде и до вооружениот конфликт. Затоа, тие теми не треба да се повторуваат. За поздравување е идеата за соработка, но ние не можеме да соработуваме за минорни прашања. Таму каде што има стратешки прашања, мислам дека треба да разговараме како фактори, како релевантни фактори и ДУИ и ДПА за стратешките прашања, но не треба да се рече дека се потребни и заеднички мислења за некои одредени прашања. Компромис и разговори секогаш во политиката се можни. ДПА никогаш нема да соработува со некој, доколку односно ќе соработува ако има компромис, па затоа ние велиме дека разговор само заради разговор, не е некоја цел. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Вејсели, повелете.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Доколку сакате дебата, вие ја барате и јас ќе ви одговорам. Доколку, вие од партијата од ДПА, на ПДП му ги спомнувате Бит Пазар, Гостивар, Мала Речица, јас многу накусо ќе ви ги спомнам. Лошите кучиња во близина на селото, со бели знамиња во град, околу границата меѓу Македонија и Косово и покрај барањето на косовскиот народ, повлекувањето на меѓународниот мониторинг за попис и многу други прашања, кои што не сакам да ги елаборирам повеќе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали имаме уште реплики? (Нема).

Ако нема, збор му давам на господинот Љубчо Георгиевски.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван потпретседателе, благодарам за зборот, почитувана Владо, почитувани пратеници,

Морам на самиот почеток да кажам дека денешната седница малку ме збунува затоа што мораме да признаеме дека е многу специфична по својот карактер и по својот тип.

Прво, ако беше тоа промена на 4 министри не требаше да се задржиме на промената на старите министри, квалитетот на новите министри. Меѓутоа, за среќа или за жал, односно тоа е она што мене ме збунува, на тоа се додаде и експозе на премиерот за минатата година и експозе за она што има намера да се прави во идниот мандат. Згора на тоа се додаде и една убава отпечатена книга со прекрасни фотографии за работата на Владата и ако добро сватив тоа беше објаснето дека се воведува една нова пракса во македонскиот парламентарен живот, а тоа е секоја година да се дава отчет за работата на Владата на Република Македонија. Па, еве, не ми останува ништо друго освен да ги држиме за зборот дека ова воведување на нова пракса, отчет на секоја година ќе го имаме и идната година ова време.

Инаку, навистина темите се толку разнобразни, за безбедносната ситуација зборувавме пред еден месец, за економската ситуација обично се зборува кога се донесува новиот буџет на државата или кога се поставува нова точка. Меѓутоа, зошто една ваква збунувачка седница, долго размислував околу тоа и најверојатно одговорот лежи во бегството од 15 септември, затоа што македонските граѓани очекуваат не писмен, ниту некој специјален репорт што е тоа што го направила Владата на 15 септември, едноставно се очекуваше морален одговор што е тоа што е направено за една година од 15 до 15 септември. Па, шансата се најде во први ноември како некаков

формален почеток на Владата. Меѓутоа, јас никако не сакам да бегам од тој 15 септември, затоа што луѓето го доживеаја како судбински ден во Република Македонија, така му пријдоа многу од гласачите, а морам да ве потсетам дека беше ветено од 16 септември ќе се мери времето на Новата Влада. Впрочем, тоа беа ветувањата и едноставно ќе се обидам со дискусијата да се вклопам во една навистина специфична седница, која денес ја имаме пред нашата Влада, ем реконструкција на 4 министери, им нивно разрешување, ем нивна замена, ем експозе за старата ситуација, ем експозе за новата програма на Владата на Република Македонија.

Да почнам од почеток. Она што беше интересно во самото експозе, актуелниот премиер г. Црвенковски ни даде јасни насоки дека во неговото експозе, може да се тргне по две насоки.

Првата насока е, што е со ветувањата, што е со концептите и што е со големите надежи на луѓето кои ги очекуваа после промената на власта. Тука самиот премиер беше доволно самокритичен. Тој изнесе повеќе податоци за самокритичноста и прифати поголем дел од тие слабости, затоа што во овој момент не би се занимавал што е тоа што оваа Влада го вети пред 15 септември, затоа што во самото експозе можевме да видиме дека тоа се доста слаби резултати.

Патот кој го избра г. Црвенковски по кој што тој сакаше да дискутира, меѓутоа, гледам и оваа книга што е напишана овде, е еден сосема друг пат каде што ни беше кажано дека нема да се дискутира за ветеното, туку ќе се дискутира за разликите што е тоа што било пред една година односно пред 15 септември минатата година и што е тоа после 15 септември.

Прво, за мене е симптоматично зошто се бира само крајот на 2022 година кога веќе се прави споредба, многу подобро е да се направи споредба со четирите години на претходната влада или коалициите кои владееја во Република Македонија во изминатите 4 години. Или пак, да речеме, кога се бира една година, зошто не ја избереме 2000 година, па да се споредуваме со 2000 година во сите оние свери, во кои беа направени споредбите.

Затоа, тука морам од старт да кажам дека не ја прифаќам ваквата споредба, иако ќе дискутирам и по таквиот тип на споредба.

Прво, она што е можеби главно и за што доста се зборуваше овие денови, тоа е безбедноста. Имаме една теза која се изнесе и во експозето, меѓутоа се изнесоа и перманентно неколку месеци наназад дека безбедносната ситуација во Република Македонија во споредба со една година наназад далеку подобрена. Јас можам да се сложам, можам да не се сложам со оваа оценка дали далеку е подобрена или далеку не е

подобрена, можеме да броиме инциденти. Колку инциденти имало минатата година, а колку инцединти имало оваа година. Ќе ве потсетам дека и минатата година имаше и некои мирни периоди, ќе ве потсетам на предизборната кампања за изборите минатата година тргнаа во многу мирна атмосвера во Република Македонија. За жал одденаш се случија ми се чини две убиства на полицајци во Гостивар, 5 киднапирања исто така во Гостивар и целата атмосвера некој свесно ја тргна и ја покрена во сосема друг правец. За да на крајот повторно да имаме мирна атмосвера и изборите да завршат во мирна атмосвера. Меѓутоа, она што сакам да го кажам како поента, не сакам да се натпреварувам дали минатата година имало 50 инциденти, а денеска има 30 инциденти, главното што треба да го споредуваме е многу јасно. Минатата година беше буквално после воена атмосвера, во која директно излеговме од еден воен пожар и инцидентите беа на некој начин, не можам да кажам нормални, но очекувани.

Она што денеска после една година го очекува македонскиот граѓанин и сите ние е не да правиме споредба со епитетот многу подобра од минатата година во стабилноста, туку да кажеме дека дефинитивно се завршени сите наши безбедносни проблеми. И, во таа насока, мислам дека сите ние, па и самата Влада треба да има еден голем аргумент, тоа е коалицијата со ДУИ, партијата која излезе од претходната терористичка ОНА. Јас сум повеќе од сигурен дека многу граѓани на Република Македонија кои гласаа за СДСМ минатиот септември, свесно или потсвесно беа подготвени да ја видат коалицијата меѓу СДСМ и ДУИ односно поранешната ОНА. Свесно, затоа што имаше некоја потсвест кај нив дека какви и да се тие од ДУИ, меѓутоа, штом ќе се направи коалицијата, барем едно ни е сигурно дека ќе настапи комплетниот мир во нашата земја. Токму тоа е одговорот на прашањето што ние треба да го споредуваме. Јас дури можам и да ја прифатам оценката дека оваа година е постабилна по број на инциденти или не знам што, иако да речеме, пукањето бомби пред Владата, овие инциденти што ги гледавме, не знам, не зборуваат баш за нешто, меѓутоа, еве условно да ја прифатам споредбата дека оваа година е постабилна за нешто од минатата година. Проблемот не е во епитетот постабилна, туку проблемот е каде е конечниот мир, кој ние го очекувавме меѓу СДСМ и ДУИ односно коалиција која настапи после 15 септември во Република Македонија. И, тука, верувајте, не го кажувам како критика на актуелната Влада, ниту на СДСМ, ниту на другите македонски политички партии кои се вклучени во оваа коалиција со ОНА, а другите работи за кои ќе зборувам економијата, демократијата, ќе бидат директна критика на нивната политика. За ова прашање дискутирам буквално со загриженост, буквално без никаква дневна политика и навистина буквално ако нешто може да се искористи од мојот настап како загрижен граѓанин на

Република Македонија  и човек кој управувал една претходна Влада. Имено, јас навистина не можам да се согласам со епитето дека оваа година мерката за нашата стабилност да биде подобра од минатата година. Граѓаните и сите ние очекувавме апсолутен мир во Република Македонија. Затоа што, образложението беше дека ДУИ ја контролира целата територија на Македонија каде што живеат албанци, дека за ДУИ гласале масовно албанците на тие избори во Република Македонија и ДУИ е фактор на теренот кој ги контролира сите воени сили и воени акции. Затоа, мислам дека ова ќе биде сватено како добронамерен совет, а македонските партнери во оваа владина коалиција, треба да направат што поитно еден состанок со ДУИ, на кој ќе ги викнат и меѓународните фактори затоа што тие исто така беа потписници на тој Охридски договор и конечно да го постават прашањето што е со мирот во Република Македонија. Верувајате дека мене како граѓанин на Република Македонија, мислам прво како политички противник да ви кажам дека имам некоја лична сатисфакција кога ќе стигнат некои извештаи од Брисел, каде што министерот за одбрана или за внатрешни работи го вежбаат со квалификации дека акцијата во Брест им била од советски тип, меѓутоа, како граѓанин на Македонија и како човек кој сака да живее во една мирна атмосвера, го гледам само продолжувањето на една политика на која јас бев учесник 4 години и нашите министри, а најверојатно претпоставувам и претходната Влада, има добра меморија од еден претходен период. Затоа, велам дека ние имаме сеуште многубројни проблеми на планот на безбедноста. Ние можеме да кажуваме тука дека интегритетот на целата земја е денес под контрола, меѓутоа, сите знаеме дека прошетката на мешовитите патроли во можеби 80% во кризните региони, а во делот на Скопска Црна Гора дури и сто посто, е една обична парада, обично филмче, во кој треба еден македонски полицаец во мешовита контрола да се прошета и после тоа и пред тоа комплетната контрола на теренот е во нечии други раце.

Повторно ќе кажам не го сваќајте ова како критика на СДСМ и ЛДП, македонските партнери во оваа коалиција, ова сватете го со разбирање на едно историско наследство кое го има во Република Македонија и еден длабок историски проблем во кој ние живееме денеска како граѓани на Република Македонија. Значи, проблемот на безбедноста не е само во тие 30 инциденти, бомби, пукање, убиства, ранувања, проблемот е во фактот што ние сеуште фактички не ја контролираме територијата на Република Македонија. Пролемот е што ние имаме изживување врз македонските институции. Погледнете еден куп згради во Тетово, да речеме, од казнено поправниот дом преку Тетово, Табак, преку некои други згради, кои можат да се набројат Теќето, се надвор од контрола на институциите, а да не зборуваме за селата, да не

зборуваме по патот, да не зборуваме како сака да се прошета од Тетово до Гостивар по тој стар пат. Сето тоа зборува за една атмосвера, каде што сме далеку од остварувањето на обврските на Рамковниот договор, ама од другата страна на Рамковниот договор, не од оваа страна на она што се нарекува македонски институции или македонска страна во остварување на тој Рамковен договор.

Во таа насока јас навистина ќе потенцирам уште еднаш апсолутно ова не е критика на СДСМ, туку совет како што многу пати во времето на кризата сме собирани овој пат да покрене иницијатива на која ќе си ги викне коалиционите партнери од ОНА, ќе ги викне важните меѓународни дипломати и ќе ја постави сметката на другата страна. Ние од Охридскиот договор извршивме ова и ова, точно се знае што е извршено, од другата страна сеуште немаме враќање на раселените луѓе, од другата страна сеуште имаме парадно контролирање на интегритетот на Република Македонија и имаме бројни инциденти кои едноставно можат да ни се случат кога сакаме и како сакаме. Затоа типот на инциденти што го направи Чакала и неговите другари не ме загрижува мене заради Чакала или некој друг, ако е проблемот во Чакала дајте да му дадеме една амнестија специјално за него па да речеме после тоа ние ќе имаме добра безбедност во Македонија. Проблемот е во тоа што ние имаме организирано и свесно периодично провоцирање на безбедноста на Република Македонија. Некогаш ќе се јави со соопштение АНА друг пат ќе се случи некоја бомба, трет пат ќе ни се направи инцидент од поголем карактер како што го прави Чакала, петтиот пат ќе се јави некој друг командант и ние живееме во една перманентна нестабилност во Македонија која ни се пишува и на патот на нашата евроатланска интеграција, меѓутоа, уште повеќе ни се пишува во нашето економско закрепнување или незакрепнување односно одење наназад за кое ќе зборувам малку подоцна.

Затоа сметам дека крајно време е и навистина можам да ви кажам, вие можете да го сватите како цинизам, меѓутоа, бидејќи сум живеел четири години во една таква ситуација, денеска кога ќе видам извештај од Бриссел дека македонската полиција настапила со советски тип во акцијата во Брест, а многу добро знам дека на ниеден друг начин не може да настаи како што настапила во таа ситуација, кога ќе прочитам извештај дека Македонија треба побрзо да оди со реформите во Армијата што значи дека треба побрзо да ги стопи тенковите Т-55, треба што поскоро да ги продаде сухоите, кога ќе прочитам дека треба да се оди што побрзо со реформите во полицијата тоа значи нови 300 или 500 полицајци кои до вчера беа во УЧК навистина сватете го тоа како сакате, но многу тешко ми паѓа затоа што сум го живеел тој стил и тој начин на работа.

Затоа мислам дека е крајно време македонскиот дел од Владата на коалицијата што поскоро да го стави прашањето на другиот дел што е со обврските на ОНА, на ДУИ и што тие го донесоа како капитал во оваа Влада затоа што неодамна тоа го кажав и искрено го мислам. Од оние министри и директори што ги видовме од ДУИ јас до сега буквално не видов никаков резултат. Тие буквално беа пополнувани на места значи, од нив никој не ни очекуваше резултат, тие беа луѓе кои влегуваа во власта, а за тој возврат треба да донесат мир и стабилност во Република Македонија. Што видовме? Влегоа во власта, седеа во власта, не направија ништо, закочија 100 процеси во економијата во државата, а од друга страна не го донесоа мирот и стабилноста. Новите реконструирани министри можеби ќе имаат нов квалитет, за господинот Иџет Мемети имам високо мислење, можеби нешто ќе се смени, меѓутоа, до сега беше така.

Во таа насока прашањето на безбедноста и на мирот има свое име и презиме во Република Македонија, војната ја почна ОНА, војната ја почнаа командантите на ДУИ и независно од тоа сите се фалат кој колку и како се борел, меѓутоа, се знае главен командант на тоа движење беше господинот Ахмети, врховен командант на вооружените сили беше Гзим Острени и идеолошки двигатал на таа борба беше господинот Фазли Велиу. Значи сите раководители на тој бунт, на таа борба, на таа револуција како да ја крстиме се тука во коалицијата и од нив треба да се бара оној минимум што треба да се побара во една таква ситуација.

Кога сме кај безбедноста и понатаму неможам да кажам само уште еден елемент тоа е начинот на кој оваа Влада се пресметува со македонските безбедносни сили кои се бореа на еден или на друг начин за време на таа битка. Овие два-три дена постојано гледаме како ДУИ, ДПА, па и ПДП се вклучува кој колку се борел во битките кои беа во 2001 година, тоа е практично доблест од нивна страна ца кажуваат кој колку и каде придонел, што непридонел додека од друга страна постои еден перманентен атак и практично да се срами тој што се бори од страна на македонската страна во истата таа битка за која гледаме дека другата страна си прави само ... Во секое село има по еден споменик, ние ни еден споменик не можеме да изградиме за нашите луѓе. Главниот генерал кој беше на лавовите ај што беше во притвор неколку месеци имаше некое понижување за кое не знам дали се зборуваше, на неговите деца при претресот на куќата им ги газеле играчките само за да им покажат каков татко имаат и да не зборуваме за секојдневно морално понижување кое перманентно трае и од медиумите кои се наклонети кон левата опција и од самата власт која е во таа опција.

Денеска случајно пред да дојдам на телевизија видов некој инцидент, зборуваа медиумите каде војници на НАТО удриле во некој мерцедес на граѓанин од Скопје и

наместо да се извинат излегле со пиштоли, со пушки на сред улица, а 30 сведоци гледале на сцената. Јас не верувам дека некој утре од медиумите ќе напише погледајте што прави НАТО во Скопје и во Македонија на граѓани на Република Македонија со митралези и со пушки, не видов ни еден таков натпис инаку имаше 100 инциденти со НАТО војници во изминатите неколку години, меѓутоа, било кој припадник на лавовите да се напие утре ќе видиме насов на левите медиуми лавот тој и тој бил напиен во таа кафеана или се степал со овој или со оној. Тоа е едно од многуте понижувања кои безбедносните сили на Република Македонија кои тогаш кога ни беше тешко го потпреа својот грб и одеа напред.

Во таа насока сакам уште еднаш да потенцирам дека безбедноста во Република Македонија и покрај тоа што сите ние сме одговорни си има свое конкретно име и презиме тоа е ОНА и ДУИ и конечно тоа некој треба да им го каже, да им го стави на маса и да побара од нив да си го решат тој проблем со своите отпадници, припадници, незадоволни припадници, нови припадници или какви се ги има.

Кога сме кај планот на безбедноста сакам да истакнам уште еден елемент, а тоа е проблемот на Косово. Недозволиво е односот на оваа Влада спрема Косово и она што се нарекува финалниот статус на Косово деновиве почнаа тие преговори, имавме изјава дека за финалниот статус на Косово ќе се зборува во средината на 2005 година, јас сум повеќе од сигурен дека нема во средината на 2005 година да почнат разговорите за иднината на Косово, туку средината на 2005 година можеме да очекуваме да бидат веќе завршени разговорите за финалниот статус на Косово.

Кога некој ќе рече за финалниот статус на Косово од меѓународната дипломатија по дефиниција подразбира независно Косово не е сигурно враќање на Косово на Србија и жално е што Република Македонија односно македонските сили каде гледам дека албанските полтички сили си имаат јасен консензус кон тоа прашање што сакаат со Косово, па сеуште бегаат од разговор, немаат единечен став односно немаат барем малку согласен став како ние ќе го дочекаме тоа Косово независно дали ќе биде наше минимално барање или ќе биде максимално барање. Односно не максимално барање, туку дали ќе бараме минимални гаранции или ќе бараме некакво финално решавање на проблемот. Под минимални гаранции мислам за она што е навистина минимум на пример фактот дека косовскиот Парламент и сите косовски политичари значајно изразија и јасно кажаа дека имаат декларација дека не ја признаваат границата со Македонија, фактот што многу важна меѓународна сила исто така има нови карти за границата меѓу Македонија и Косово каде треба да дадеме 2500 хектари на Косово, а фактот што

Меѓународната заедница упорно одбива да се одбележи границата меѓу Макеоднија и Косово.

Значи, сите тие елементи зборуваат дали воопшто ќе се најде консензус да го ставиме на таа маса во пресрет на иднината на Косово некаква минимум гаранција што треба да се даде или да речеме државен договор со Косово каков што бил наметнат на Австрија 1945 година каде точно спрема Австрија ако сака да биде независна држава сите соседи поставиле барање што очекуваат од Австрија, какво однесување треба да има спрема соседите и она што може утре да значи прелевање на воените судири.

Сметам дека безбедноста и прашањето на Косово се многу сврзани садови кој сака може да не размислува на тој начин, меѓутоа, ве уверувам дека тоа ќе биде многу краткорочна политика за која многу брзо ќе ја платиме сметката.

Одам на втората тема сврзана со правата за мултиетничките односи. Во програмата, а и во дискусиите гледам на припадниците на СДСМ дури и во левите медиуми дека денеска имаме полни  зборови дека треба да  се гради мултиетничка хармонија, дека треба да се прави мултиетничко заедништво, треба да се разбираме, треба да имаме доста кооперативен однос едни према други, тоа е многу убаво почитувана господо, меѓутоа, јас ќе ве потсетам дека 2000 година кога тоа без Охридскиот договор, без устави и без декларации функционираше во Република Македонија токму СДСМ и левите медиуми кои денеска зборуваат за таа мултиетничка хармонија беа најголемиот разгорувач на меѓуетничката омраза во Република Македонија. Ќе ве потсетам за сите оние дискусии кога еден Албанец требаше да се стави за директор или да не  зборуваме за чинот на гласањето за една навистина европска институција како што е Вандер Штул-овиот универзитет со кој јас и денеска можам да ви кажам дека и албанците и македонците можат да се гордеат со таква институција.

Кога се правеа вистинските чекори на мултиетнички соживот во Република Македонија за жал, некој го правеше главниот раздор и разгорување на се она што може да се разгори на мултиетничка основа во Република Македонија. Тоа е добро што денеска вештачки се повикува да се прави тоа мултиетничко заедништво, меѓутоа,ќе ве потсетам дека 2000 година беше врв на едно такво мултиетничко заедништво меѓу македонците и албанците, меѓутоа некој го минираше заради дневно политички цели и интереси во оваа држава, а тој што го минираше има име тоа е СДСМ како главен носител на таа антиалбанска хистерија која беше до периодот до Нова Година еве да гоземеме Танушевци како некј меѓник во тој расчекор на едни и други односи. Односи на блискост и односи на омраза и односи на војна..

Понатаму да одиме со темите. Тема за која тука се зборува и за која се зборуваше јавно се меѓународните односи. дека заладените односи и замрзнатите односи што ги направила претходната Влада со Меѓународната заедница оваа Влада успеала за една година да ги одмрзне и да ги смени.

Прво, почитувани граѓани, јас се согласувам дека во изминатите четири години имавме разни фази на затоплување и на разладување на односите со Меѓународната заедница. Навистина е добро што после четири години на такви различни односи денеска има консензус по тоа прашање меѓу сите политички партии во Македонија, меѓутоа, точно е дека факт е дека треба самокритички малку да се потсетиме на изминатите четири години кога ги заладувавме односите со Меѓународната заедница. Тука има дел и вина СДСМ дел и ВМРО-ДПМНЕ. Факт е од кој не можеме да бегаме кога НАТО имаше непринципиелна улога со бомбардирањето на Србија, СДСМ настапи максимално патриотски за Србија, организираше големи демонстрации против НАТО во Република Македонија, масовно ги исмејуваше политичарите од Меѓународната заедница кои беа за тоа бомбардирање, за малку ќе ја запалеа Американската амбасада, да не зборуваме за демонстрациите пред Германската, пред Францускатa амбасада, тоа е факт каде имаше една фаза кога ги заладивме односите со НАТО и со Меѓународната заедница затоа што многу ни беше важно да застанеме на страната на Србија.

Втората фаза каде исто така признавам самокритика во стилот на експозето, тоа е фазата кога ние ги заладивме односите со Меѓународната заедница, специјално со НАТО кога истиот тој НАТО исто така цениме, а и до ден денес тоа сум го повторил многу пати имаше една многу непринципиелна улога во кризата во Република Македонија и конфликтите кои ги имавме во 2001 и 2003 година.

Констатирам дека со задоволство сега таа фаза е надмината, двете партии имаат исти позиции по тоа прашање, меѓутоа, не можам да кажам дека повторно нешто што ме боли, нешто што ми пречи фактот кој мислам несомнено се гледа од далеку дека таа активна комуникација со Меѓународната заедница повторно се сведува само на едно прашање, повторно ќе се согласат нашите министри и пратеници не знам кој каде се среќава барем 40% од еден саат од разговорот се сведува на Охридскиот договор. Тоа повторно не враќа на едно време кога јас бев осум години иако опозиционер, секој дипломат што ќе сакаше да се види со мене половина од времето го трошеше на правата на албанците во Македонија, па потоа на тетовскиот унивезитет, па подоцна четири години во Владата пак за правата на албанците, па за Охридскиот договор. Сега новата Влада гледам, за жал, повторно тоа не е критика, туку констатирам еден однос кој можете да пробате на некој начин да го смените, повторно таа комуникација активна, меѓутоа на

една тема. До каде сте со Охридскиот договор, што направивте со Армијата, што направивте со полицијата, значи повторно тоа не е разговор за некој конструктивен приод, туку едноставно на една тема вие треба да исполнувате обврски, а од другата страна многу малку ви даваат во тој разговор.

Ако може нешто да смени Владата на тој план еве и ова нека биде искористено исто како еден совет, едно искуство кое ние го имавме како Влада.

Конечно, кога сме кај првиот дел на работите демократијата, некој пред малку кажа дека граѓаните на Република Македонија на 15 септември го дочекале како ослободување, јас, со оглед на тоа и на фактот колку многу граѓани гласаа за промените односно за СДСМ и неговата коалиција дури и кога размислувам отпосле можам да кажам дека најверојатно политиката на нашата Влада многу луѓе ја доживувале како некој вид тоталитарно општество, недемократско, некоректно општество затоа што со голема радост се гласаше на 15 септември и најверојатно такви транспаренти конечно ослободување во Македонија имало.

Меѓутоа, факт е дека прашањето на демократијата во Република Македонија до 15 септември и од 15 септември до денеска едноставно е неспоредливо. Ние имаме освен еден проблесок на пишуваните медиуми кое се случува во последниот месец ипол дена каде има обид нешто да се критикува против власта,практично сите електронски медиуми, а да не зборуваме за сите други механизми каде се гледа демократијата ние можеме слободно да кажеме за враќање кон еден здрав тоталитаризам и она што мене ме загрижува не е тоа проблем на случајност или на инерција, туку гледам дека СДСМ односно неговите партнери тоталитаризмот и диктатурата веќе како стил го спроведуваат во Република Македонија. Тие не го прават тоа екцесно за една година, туку мислам дека се уверени дека тоа е начинот да поминат четири години на власт и да ги дочекаат новите избори на нозе.

Треба да зборуваме за многу примери. Можеме да зборуваме за стотица примери, не сме далеку од фактот за кој што се зборуваше многу дека се прави директен линч врз една партија, тоа е партијата која даде отпор во кризата од минатата година. Факт е дека нивните луѓе се затвораат, нивните луѓе се притвараат на непринципиелен начин, со притвори што се историски во макеоднското судство. Сега гледаме судски мерки што исто така никогаш не се одредувале во Република Македонија . Едноставно, работите може да се мерат.

Другиот тип на став е, сегде каде што ќе се мрдне, дали во некое минситерство илив во јавно претпријатие - од утре спрмајте се, има сто луѓе технолошки вишок и престанува секоаја критика. Да не зборуваме за полицискиот притисок, за полициското

малтретирање. Така што ние длабоко се враќаме кон една политика на тоталитаризам , реваншизам. Кога сме кај реваншизмите , не сакам да спомнам ни еден пример од ВМРО-ДПМНЕ, тукуна еден партнер кој беше на ВМРО-ДПМНЕ, случајот на г-динот Амди Бајрам од судската пресуда од 7, 5 години што ја шокира цџелата македонска јавност па до последното рушење на некоја таму сала што била дивоградба. Па, ве молам, во населба Шутка, ако не се лажам од 8 илјади градби, колку што ми спомна некој дека има, барем 7500 се дивоградби. И, од тие 7500 дивоградби се наоѓа и зградата на г-динот Амди Бајрам , а тоа како ударна вест го јавува А-1 Телевизија која вели дека денеска се настапило со правната држава во Република Македонија која , самата посебе е најголема дивоградба во Република Македонија .

Еве, еден совет за минситерот за транспорт и урбанизам, нека ги провери дивоградбите А-1 во Република Македонија , па да почнеме со еден таков пример да ги рушиме дивоградбите во Република Македонија, а не со некои случаеви од кои се гледа отворено истиот тој реваншизам.

И, имаме некои , неможам јас да ги објаснам , игри кои, очигледно , штосови, палат. Еден од најголемит е докази дека власта е многу самокритична према себе е таканаречената борба против непотизам. Јас можам да ви кажам дека навистина на оваа работа човек не може ништо друго да прави освен да се зафркава, како што прави актуелно нашата партија па да ви бараме кој со кој е роднина во Република Македонија . Тоа произлезе од една замка што самите вие си ја наметнавте, па сега слушаме директорот на Фондот за здравство наместо да биде сменет за 10 други причини, заради комплетнио тколабс до кој го донесе здравството во Република Македонија , тој е сменет заради тоа што женаму се вработила во истото тоа здравство.

Или, да не зборуваме дека тоа е тема на која што се покажува некаква чистина, чувство за правда или незнам што. Јас морам да ви кажам дека не верувам ниту во Америка, каде што Американците гласаа за синот на старито Џорџ Буш, ниту пак овде во Македонија некого го интересира кој на кого му е роднина, туку гледа какви резултати постојат. Има некои парадоксални ситуациии, на приемр јас ќе го споман примерот со Глигор Поповски, за кој сите кажуваат дека тој е апсолутно еден од најквалитетните луѓе во Макеоднскоро радио, ми се чини и сега тој го менуваат затоа што сопругата била на друга функција. Мислам, се занимаваме со некои периферни работи, а не гледаме каде одат главните токови во нашата држава.

Еве, тоа е тој дел , прв, на општествено безбедносен политички живот.

Сега да поминеме на економијата. Прво, морам да ви кажам дека јас многу ценам да се разговара со цифри. Многу ми е мило што и во оваа ваша анализа, а што и самито

премиер почна и кажа некои цифри. Јас можам да кажам дека цифрите што доаѓаат од Заводот за статистика секогаш сум ги почитувал минатиот пат и сега ги почитувам. Така што можам да кажам дека цифрите што ви се напишани овде се најголем дел точни, со тоа што има некои корекции што мораме да ги нарпавиме веднаш.

Да речеме, зачудува фактот зошто не е ставена стапката, процентот на невработеност, кога тој процент го имавме уште пред месец дена. Тука гледаме празна графа. Процентот е 36,8 и тоа со август месец. Не гледам зошто не е ставена цифрата 625 милиони долари трговски дефицит за 6 месеци кога и таа цифра беше достапна многу одамна. И, конечно она на што морам да реагирам, тоа е една корекција, девизните резерви на Република Македонија на 15 септември беа не 735 долари, што е крајот на 2002 година напишано тука, туку беа 831 милион, што е практично истото како денешното ниво, а тоа што после 15 септемвир во Република Македонија економијата се пресече како нож и економијата дожева шок, тоа е веќе друга работа за која можеме да дискутираме.

И, морам да ви укажам на еден фалсификат кој дефинитивно е фалсификат направен во графата надворешен долг, каде што е ставено дека на крајот од 2002 година надворешниот долг бил 1 милијарда 613 милиони. Јас можам да ви кажам дека во ноември, на денот на преземањето на власта, надворешнито долг на Република Македонија беше 1 милијарда 490 милиони. Апсолутно се работи за фалсифиакт. Дали сакате да си ги распоредите работите малку пошироко да ви бидат, меѓутоа можам да гарантирам од ова место дека овде имаме фалсификат и ве молам во овој Извештај тоа да се поправи понатаму.

Значи, другите цифри се релативно точни, се точни, со тоа што кога се правеше споредбата беше заборавено да се каже дека тие цифри што се псотигнати во оваа година тоа се минимални напредоци. Посебно во индустриското производство. А, се направени со нови 150 милиони долари задолжување на Република Македонија и се направени за жал, неземајки ги предвид претходните резултати со две војни. Многу малку се спомува дека економските резултати што се затекнати на 15 септември се правени во атмосфера на две војни Косовска војна и Македонска војна каде што претходната Влада и во најголемата војна економијата во Република Македонија функционираше.

Е сега, за политичките тези околу економијата.

Најчестите термини што се употребуваат од 15 септември наваму па до денеска , до денешната седница во економијата се: економска дупка , после малку се подзаборави тој термин, па терминот штедење и во последнито месец , вклучувајки го ова експозе, стабилизација.

Прво, за економската дупка, мислам дека многу пати сме го елабориллале тоа и добро е што Владата се откажа од тој термин економска дупка. За жал, целата филозофија на таа критика се базираше само на еден податок, тоа е дека буџетскиот дефицит во Република Македонија бес сертификатите на ТАТ, на крајот од минатата година беше 3, 2% за кое јас можам да кажам уште еднаш дека е најнормален буџетски дефицит што псотои секаде на Балканот, во цела Источна Европа и во цела Западна Европа и дека 3% е норма на буџетски дефицит во ЕУ. И дека со тој буџетски дефицит, ако другите параметри ни се добри, ние можеме да влеземе и во ЕУ, зборувам ако другиите параметри ни се добри.

Значи, буџетскиот дефицит е направен според нешто што не е нормално во Европа , па и во светот. Јас ќе ве потсетам дека Американскиот конгрес минатата година влезе со свесен дефицит од 300 милијарди долари буџетски дефицит на Америка, а годината ја заврши со 420-430 милијарди долари буџетски дефицит. 130 милијарди дефицит од планираниот имаше повеќе Американскиот конгрес. Образложението беше - водиме војна со Ирак. Токму и тоа е наше образложени. И ние, точно ќе се види дека сите тие трошоци беа заради денешните ваши колеги од тогашната ОНА, денешната ДУИ. Сите тие пари се потрошени за трошоци на војната.

За кои, освен овој податок, што друго да спомнуваме за таа дупка,освен да кажеме дека целата таа дупка добро што со ребалансот минатата година го пополнивте и тоа повторно од пари оставени од нас и во 2003 година влеговте со исчистен буџетски дефицит. Значи, приакзната за буџетскито дефицит беше завршена на крајто од 2002 година. Тоа е факт кој мислам дека тука помина преку Парламентот.

За кои други дупки да зборуваме во таа насока? Јас, од економските параметри што им ги оставивме на Владата, освен тие 3% буџетски дефицит можам само да прифатам уште две критики: неквалитетната состојба оставена во Македонски шуми и неквалитетната состојба оставена во Водостопанство на Република Македонија . Апсолутно гарантирам дека сите други фирми и фондови, минситерства, институции беа во позитива или врз база на она што е планирано за сите тие минситерства.

За какви дупки да зборуваме за здравствениот фонд кога 1998 година наследивме 150 милиони марки, кога заминавме оставивме 70 милиони марки. Значи, точно е дека некаква дупка останала. Меѓутоа, зошто не ја гледаме историјата на таа дупка, а притоа се нарпавени 300 работи во здравството во зравството на Република Македонија .

Зарем не е смешно да зборуваме за дупка во Пензискиот фонд на Република Македонија каде што на пензионерите им вративме 8%, им зголемивме пензиите за 8%, а со доаѓањето на новата Влада веќе имаме задоцнување и имаме нови дефицити. Сега

имаме нови дефицити на пензискиот фонд. И сега, некој да ми зборува сте оставиле дупка во Пензискиот фонд, во здравствениот фонд, во Електростопанството кој плаќа ДДВ цело време и незнам што.

Значи, приказната за дупката е таа.

Второто прашање е прашање на штедењето. Значи, оваа Влада наметна една атмосфера дека многу треба да штеди затоа што затекнала лоша состојба. Јас можам да ви кажам она што многу бизмисмени го имаат како своја бизнис религија дека не секогаш кога ќе речеш ќе штетиш и ќе имаш. Туку има и една друга филозовија, колку повеќе трошиш, Господ ти дава повеќе да трошиш. А, дека е тоа така го покажува токму оваа Влада.Тоа е бизнис религија што можете да ја слушнете од многу бизнисмени.

Оваа Влада, точно е дека штеди и на кафето сега, на соковите, на репрезентациите. Чувме тука од некого преескa дека многу штеделе на колите кои патувале во Електростопанство, меѓутоа во исто време не спомнуваме неколку работи дека оваа Влада многу штедеше на политиката на житото и на навременото купување на жито. А, јас од оваа говорница ви тврдам дека од септември,од оваа жетва сега што се случи во септември до идната жетва септември Макеодниај ќе плати од 20 до 25 милиони, од 25 до 30 милиони долари поскапа пченица заради ненавремено вклучување на државата за нешто што се знаеше пред 8 месеци дека оваа година има слаба жетва во цела Европа, па и во поголем дел на светот. Еве ви ја цифрата. Сите кафиња и сите бензини и сите репрезентации што ќе ги заштедите нема да ви стигнат да ја платите оваа дупка. А, таа мора некој да ја плати. Или ќе ја платат граѓаните со зголемвуање на цената на лебот или од буџетот ќе правиме субвенции на лебот во Република Македонија .

Многу се штедеше и со нафтата. Во таа насока, 6 месеци се одбиваше да се разговара за понудата на ОКТА за Ирачката криза за да на крајто се прифати понудата од Макпетрол. И, според ваши статистички податоци што ги иама само за царина има 3,5 милиони евра ослободување односно пари што не се влезени во Буџетот. Да не зборуваме за неколку месеци повеќе што граѓаните купуваа далеку поскапа цена на нафтата. значи, Буџетот , само со 3,5 милиони евра е солободен од едно вакво исто така штедење.

Трето штедење, во санирањето на јаловината на САСА, според Проектот што беше оставен од ВМРО-ДПМНЕ , Либералната партија и ДПА, значи требале само 100 илјади евра да се платат и неколку пати директорите, псотавени од вас, со пучот, одеа да ги бараат тие 100 илјади евра, не ги плативте затоа што сте се сомневале во проектот на ВМРО-ДПМНЕ и сте заштедиле 100 илјади евра. Денеска да се санира јаловината од Македонска Каменица треба да се платат 2,5 милиони евра. Заради заштеда на 100

иљјади евра, 2,5 милиони евра ќе платиме ако сакаме да имаме нормален крај за живеење.

И Електростопанство што пред малку ни кажа некој пример за некој директор што многу штеделе на коли,не само што штеделе на коли, проблемот со Електростопанство што, со Одлука ми се чини на нивен Управен одбор се запрени скоро сите инвестиции во Република Македонија . Јас ви гарантирам една работа, нека уште оваа година Електростопанство продлжи со ова деинвестирање во макеоднското електростопанство, ние за една година нема да имаме Електростопанство во Република Македонија . И бензинот што ќе го заштедите ќе ви го платиме со милијарда или две затоа што целото Електростопанство ќе рикне. Ваков однос према Електростопанство на Република Македонија мислам дека е невиден. Ако добро ги следите настаните, јас малку и се збунив пред 3-4 дена научниците макеоднски или луѓето кои се занимаваат со таа проблематика, претпоставувам сами направија некоја конференција или некој семинар, каде што ви упатија порака дека мора да се почне со инвестирањето во ЕСМ ако сакаме да имаме ЕСМ во иданта година.

Многу такви примери можам да ви кажам за штедење каде што се штеди иљада еври, а се гиубат 10 милиони евра. Меѓутоа, тоа е дел на вашиот стил на економската програма.

И, третиот термин, тоа е стабилизацијата. Последното експозе беше одбележабно со тој термин, стабилизација во економијата. Тука можам веднаш да кажам дека ако во поглед на безбедноста терминот стабилизација држи простор да се зборува за стабилизација, независно кога сме биле подобри 2001, 2002 или 2003, тој термин е соодветен да го употребуваме стабилизација на поствоен конфликт, ама апсолутно не ми е навистина јасно зошто е потребен тој термина да се употребува во стабилизација.. Можеби да се употребува термин подобар развој, побрз развој, подобра економија, по квалитетна економија, ама стабилизација, тука неминовно не можам да го поставам прашањето на што стабилизација? На една Влада која , на едни резултати кои се зголемени за три пати девизните резерви на Република Македонија , претходно се вратени 620 милиони долари надворешен долг, во самиот Извештај на ММФ за минатата година кои вие велите дека не соработувал со нас го констатира штедливото работење на претходната Влада и дека Макеоднија неам големи задолжувања. Значи надворешнито долг, значи главните параметри, сето тоа , стапката на развој кој тргна кон напред, сето тоа зборува дека нема потреба од терминот стабилизација и дека е тој вештачки.

Или, што да правиме сега со гранките? Вие тука не убедувате дека оваа година била година на стабилизација и сте ја стабилизирале макеоднската економија. За Буџетот ќе спомнам после кога ќе дојдам кај корупцијата. Меѓутоа сега ќе сакам заеднички да размислуваме да ги пвоикаме граѓаните од многу области така сите зареднички да заклучиме колку сме стабилизирани.

Па, ќе ги прашам тутунарите, значи, во времето на претходанта Валда беа дестабилизирани, а сега во оваа годиан се стабилизираа, така,  без пари. Млекарите, исто така беа дестабилицзирани во нашата Валда, сега се исто така стабилизирани. Производителите на сирење ептен беа дестабилизирани во претходната Влада, по 10, по 15 илјади марки кеш од Буџетот, таква дестабилизација каква што беше претходната година јас верувам дека јас не памтам. И сега, оваа година веќе имаме стабилизација на целата таа ситуација. Така? Дали да зборуваме за трговците, исто така и тие. Разговарајте со било кој трговец, било кој трговски центар посетете, да не зборуваме помалите места, одете секаде, сите исто ќе ви кажат. Ланската година една дестабилизација што беше, а сега оваа година толку сме стабилизирани што масовно се затвораат дуќаните на секој ќош.

Зборуваме  за парадоксални работи, зборуваме за работи напамет. Да не зборуваме за инвестициите во културата. Исто така и Црквата можете да ја Запрашате. И таа до ланската година што беше дестабилизирана на финансиски план, сега исто така слушам од неа и таа се стабилизирала на финансиски план. Кој сакате сектор на државата да го фатиме, културата ли сакате, затоа во таа насока мислам дека едноставно имаме еден погрешен параметар што се употребува односно погрешни параметри , погрешни термини. Јас можам да ви кажам дека само ми е жал што комуницираме во таа насока.

Меѓутоа, кои се елементите, зошто се доведе во оваа ситуација  Република Македонија  ? Денешната ситуација пред 15 септември, има туква оценки ги делиме оптимистички или песимистички. Кој како сака нека ги свати, после една година дали оптимистички или песимистички, секој во секоја сфера сам си знае од 15 септември до денеска каква промена има, на подобро или на полошо. Зборувам за економијата. Меѓутоа проблемот е во тоа што ние имаме конкретна политика што доведе до тие, според мене песимистички резултати, според вас оптимистички резултати. Тоа се повеќе фактори:

Прво, прашањето на безбедноста. Сега го зборувам како алиби на актуелната влада, затоа што факт е дека колку и да се работи, ако вие имате континуирана дестабилизација на државата, бизнисот бега. Значи, тоа не е основен,меѓутоа еден

проблем што мора да се реши. Тука повторно го повикувам коалициониот партнер да го викнете и да му кажете не е само заради чистата безбедност туку и заради економијата.

Затоа што ве уверувам, на македонската економија по два пати годишно треба да и се појавува еден како Чакала и ние за две години нема да имаме економија во нашата држава. Два пати годишно. Еднаш на почетокот на годината и еднаш на средината на годината. По еден Чакала да ви се појави и економијата веќе оди во нок даун. Тоа е алиби кој го давам на оваа Влада, го прифаќам како резултат, меѓутоа треба да си го реши во сопствените редови.

Кога имаме таква ситуација на проблем на безбедност, обично државите и владите применуваат метод практично на максимална либерализација на се друго. За жал, ние овде имаме обратен процес. Покрај тоа што имаме безбедносен проблем, ние имаме максимална рестрикција на се она што може да биде либерално во оваа држава. Така, со политиката на партизански udари во 15 фабрики, ние дефинитивно ги расколебавме и домашните инвеститори, а уште повеќе странски инвеститори. Цифрата за странски инвестиции зборува се, односно тоа е веќе системот на правната држава. Со разните ревизии и контроли максимално притискање и постојано плашење од типот од каде ти се парите ги демотивиравме домашните инвеститори да инвестираат во македонската инвестиција.

Трет елемент. Во Република Македонија, како и во многу држави буџетот е најголем инвеститор. Сакале да признаеме или не, или сакале да го смениме тоа, така ќе потрае уште некоја година. Значи, буџетот како најголем инвеститор и пред странските инвеститори и пред домашните инвеститори. Ако го погледнете вие вашиот буџет како е користен од минатата година, претпоставувам дека и економските министри ги сменивте, вие ќе видите дека е некоја несфатлива политика. Вие повторно тука нешто штедите. Јас морам нешто да ви кажам, навистина тешко човек може да ве разбере што штедите. Имате пари за капитални инвестиции, вие ги штедите, сакате нешто да покажете. Не можам да ја сфатам таа политика. Истата политика е во јавните претпријатија, како четврт инвеститор во државата. Електростопанство на Македонија со одлуката да го плаќа данокот на додадена вредност наместо граѓаните и со посебна одлука за штедење, како најголем инвеститор после Владата на Република Македонија во било кој период, денеска не инвестира ништо и нешто само скромно, за некои поправки.

Петта институција, Јавното претпријатие за станбен и деловен простор. 300 луѓе отпуштивте неодамна. Ако имате концепт да престане да се гради преку јавното претпријатие што е концепт кој беше кажан некаде, значи вие и останатите таму ќе ги

отпуштите. Меѓутоа, сакам да ви кажам дека тоа јавно претпријатие во минатите години почна и доврши изградба некаде околу 3.800 станови. Значи, тоа како јавно претпријатие инвестирало во Република Македонија, градежни фирми, разни субјекти работеле, вртеле пари со тоа. Да не ги набројуваме сите други јавни претпријатија. Македонија пат - луѓето од Македонија пат велат, лани цела година не можевме да кренеме глава од работа, денеска, треба чистење покрај патиштата. Значи, тоа е она што после нашата критика го констатира и Меѓународниот монетарен фонд, вели, параметрите ви се добри, ама немате бизнис атмосфера. Тоа се основните причини зошто како што велите вие пред една година македонската економија беше дестабилизирана, а сега е стабилизирана, ние велиме обратно. Напротив, беше стабилизирана, а со ваквата политика која неможам јас да ја сфатам што е крајната поента на оваа политика, на едно комплетно деинвестирање на се што може да се деинвестира, донесе до овие резултати кои ги имаме денеска во Република Македонија, за кои велам, можеби има многу фирми што се фалат дека работат, меѓутоа јас слушам повеќе фирми дека плачат од она се случува во македонската економија.

Како резултат на таа политика е бројката и на невработени. Ние за жал тука имаме страшни податоци, тука според вашиот извештај ние имаме еден факт за кој се знае за кого се зборуваше, за 5% за една година е зголемен бројот на невработени. Она што е интересно ова е до осми месец. Значи, овде не се 1.000 луѓе од “Нова Македонија”, 1.200 од “Руен” од Кочани, 1.000 луѓе од Валандово некни што го затворија, незнам уште некои такви фирми по 500 - 600 луѓе што отидоа надвор на улица. Најверојатно процентот до крајот на годината ќе биде 10% зголемување на невработеноста. Или, како вработени, еве ќе користам една цифра што ми одговара 2001, не 2002 година, од 600.000 вработени денеска е смален на 545.000, најверојатно на крајот на годината оваа бројка ќе биде уште помала. Што е она што сакам да бидам песимист. Вие до крајот на годината ќе отпуштите најмалку 10% односно ќе ја зголемите невработеноста најмалку 10% во државата. Јас ве уверувам во наредните две години и 10 или девет месеци што преостануваат до редовните избори во Република Македонија, односно до новата кампања во Република Македонија, значи вие може да измислувате 300 чуда во економијата. Меѓутоа, вие отсега натаму, во наредните две години и 10 месеци треба да имате само една цел. Овие 10% што ги отпуштивте оваа година, дај Боже тие да ги вратите назад. Не мислам истите луѓе, зошто нема да ги вратите истите луѓе што ги отпуштивте, највероватно тоа ќе бидат некои ваши симпатизери, меѓутоа зборувам како целина во Република Македонија. Јас ќе ви дадам една песимистичка проценка, дека ако сега е таков процентот на невработеноста, незнам што да измислувате во економијата, после две години и 10 месеци ние тешко,

односно вие тешко да го повратите процентот кој денеска, односно кој го затекнавте како статус кво на 15 септември минатата година. Тука, безнадежноста ви гарантирам дека е повеќе од страшна. Во таа насока, на крајот, кога зборувам дека тоа што се случува во економијата денеска, кои вие велите дека е оптимистички, а ние велиме дека е песимистички и не само песимистички како што кажа нашиот претседател, после 15 септември, денеска слободно можеме да кажеме дека македонската економија е во кома. Значи, има конкретна политика која ја правела оваа Влада за која зборував до сега, во тоа деинвестирање, во тоа масовно отпуштање, да не зборуваме дека тоа масовно отпуштање од јавните установи дупло ги мотивира приватните фирми и тие масовно да отпуштаат, па сега им се лутите што масовно отпуштаат приватните фирми. Кога гледаат дека Владата не се грижи за своите вработени, нормално дека и приватните фирми ќе отпуштаат масовно. Значи, тие резултати на денешната кома ние ги имаме благодарејќи на конкретна политика која точно може да се анализира.

Конечно, јас слободно можам да кажам. Јас цело време се трудам да сфатам што е концептот на новата Влада во економијата. Јас тоа многу често неколку пати колку што настапував и ви кажав, го велам дека тоа е просто несфатливо. Тоа е економија пуштена да се движи во лер, односно слободен пат на економијата. Пазете, јас можам и да го разберам тој концепт, затоа што тој се применува во некои држави. Меѓутоа, државите во кои се применува тој концепт се Данска, Холандија, Америка го правела многу често. Минатите две години не го правеше ни Америка. Имало години кога го правела. Значи, има такви економии што се многу јаки, каде што ние максимално либерално да настапуваме пред економијата, се е пазарна економија, не не интересира ништо. Најверојатно тоа е концептот ако можам да погодам што го прави оваа Влада и тоа е најверојатно концепт од теоријата кој функционира некаде. Меѓутоа, овој концепт не може да го примените во Република Македонија, затоа што многу држави околу нас тоа и на наше ниво не можат да го направат. Кога сме тука, испаѓа дека од целата економија, покрај концептот на слободен пат, односно максимален либерален однос спрема економијата, има само уште два интереси. Што повеќе директори на фирми да се сменат со пучеви, да не бидат наши, да бидат ваши, според некои ваши проценки и третиот елемент кој е многу важен, борбата против организираниот криминал, корупцијата, перењето на пари. Тоа се три елементи кои се употребуваат во она што е до сега пракса во Република Македонија. Кога сме кај борбата со организираниот криминал јас можам да ви кажам дека под организиран криминал се подразбира борба против трговија на оружје, борба против трговија со луѓе, борба против трговија со дрога, цигари и можеби уште некоја работа. Тука можам да ви кажам дека на сите тие полиња имате минимални

резултати, просто никакви резултати. Цигарите што беа омилена тема многу пати, можам да ви кажам дека и покрај тоа што успеавте да ги затворите скоро сите фабрики за цигари во Република Македонија, денеска е многу јасен и видлив и докажлив зголемениот број на шверц на цигари во Република Македонија. Тоа можете да го проверите само со една бројка, да проверите минатата година за ист период колку се пријавени легални шлепери или камиони на влез на цигари во Република Македонија и истиот период оваа година. Јасно ќе ви стане за колку е зголемен процентот на шверцот со цигари или обичниот факт на кој можат сите да се потсетат. Во времето на претходната влада имало шверц на цигари на улиците, меѓутоа по правило тие биле со бандероли, значи некој платил царина, односно платил акцизи, извезени се цигарите, па некој дали со коњи, со магариња или со дополнителен шверц ги внел во Република Македонија. Овој пат имате каде што ќе се свртите шверц на цигари без акцизи, односно без бандероли. Тоа што значи? Дека камионот се пријавува дека е влезен, или излезен од Македонија, а камионот останал во Македонија. Тоа се два типа на шверц на цигари во Република Македонија и навистина ако сте искрени во таа борба, мислам дека можете да се потрудите да го завршите проблемот на времето. Меѓутоа, кога сме кај корупцијата се потрошија многу зборови во минатиот период. Јас постојано велам и нашата партија немаше многу стил да кажува дали овој е крив, или колку е коруптивен, или некоруптивен. Јас и ден денес можам да ви кажам дека имам лично мислење дека директорот на царина е многу чесен. Исто ќе ви кажам дека и државниот секретар во Министерството за финансии господинот Бојчевски исто така е пречесен човек. Гледате, нема ниту една афера во Република Македонија за тие луѓе. Меѓутоа, кога ќе ги погледнеме приходите на Буџетот на Република Македонија, ние се фрапираме, ние се шокираме. Неможе во Република Македонија 200 милиони долари да има зголемен увоз, а приходите на царина да бидат на исто ниво како минатата година, или не може да имате таква борба против корупцијата во Република Македонија , а токму денеска има податоци во весниците, приходите за данокот на додадена вредност од планираните се намалени за 5%. 5%, страшна цифра, луѓе. Сега, вие пак сте опкружени со многу чесни луѓе, на сите страни околу вас имате пречесни луѓе, меѓутоа приходите од царината и приходите за данокот на додадена вредност мене ми зборува дека некои пари тежок шверц во државата, односно прави тешка евазија на даноците. Кој, може и некој од ВМРО-ДПМНЕ да е тоа уште, незнам јас. Меѓутоа, тоа ви се цифрите. Значи вие треба да се позанимавате со тоа. Точно е тоа дека нема афери, веќе нема афери, ниту една личност, сите се чесни, сите се добар имиџ. Меѓутоа, податоците за приходите се катастрофални, господа, и мене тоа ме загрижува. Значи, треба многу брзо да го најдеме кој е тој што прави евазија на даноците

и што шверцува во македонската царина. Незнам, можеби е и оваа сива зона што е од Косово и од Албанија кој никој не ја контролира, можеби тоа е причината. Меѓутоа, имате проблем сега, значи многу конкретизиран со цифри и со бројки за шверцот, можеби не е тоа шверц, можеби е нешто друго, можеби тоа е некоја легална активност што ја правите, меѓутоа, податоците се неумоливи, тие се ваши податоци. Во таа насока кога зборуваме за целата таа атмосфера, јас незнам што друго да елаборирам кога зборуваме за таа бизнис атмосфера освен што навистина неможам да ја сфатам. Ќе ви кажам еден друг податок. Вие ќе објавите со цел да ги застрашите здравствените работници дека таму ќе има 1.500 луѓе да се отпуштат од работа, вие од другиот ден ве уверувам дека сите доктори, медицински сестри дупло помалку, ако не и три пати помалку од вчера штеделе. Ќе објавите во Министерството за внатрешни работи дека ќе отпуштите 1.500 луѓе, јас ви гарантирам дека од другиот ден сите полицајци дупло помалку трошат, односно не пуштаат пари овде. Македонски "Телеком" ќе објави дека 1.200 луѓе ќе отпушти од работа, гледајќи ја вашата политика, ве уверувам дека 3.500 вработени во "Телеком" со добри плати кои до вчера трошеле без грижа, помалку трошат. Значи, или правете ги тие отпуштања преку ноќ, или несоздавајте перманентна стрес атмосфера со која се руши бизнис атмосферата во државата. И токму тоа е што ние го велиме една година и тоа е токму тоа што криво кажал и Меѓународниот монетарен фонд во извештајот. Не е голема филозофија, погледнете го најновиот пример во Русија, затворија еден крупен бизнисмен, а другиот ден дојдоа ивештаите од Русија дека руската берза изгубила тој ден 25 милиони долари, или евра, незнам што беше само за еден ден на руската берза заради затворањето на еден крупен бизнисмен. Јасна е тематиката дека рестрикцијата, не либералноста, плус небезбедноста во државата создава политика која вие ја создадовте. Значи, уште еднаш сакам да потенцирам дека за период од година и два месеци од 15 септември до денеска ние имаме ситуација на комплетна кома. Значи, јас сум од оние песимисти кои се нарекуваат во Парламентот. Имаме комплетна кома во Република Македонија. Таа кома може да ја почувствува секој, дали трговец, дали земјоделец, дали бизнисмен, дали во Фондот за здравство лекарите, дали тие што се лечат, дали во Електростопанство на Македонија, дали во било која сфера. Едноставно, можеби зборот кома е и преблаг за тоа. Заради таа кома и таа ситуација во која се наоѓаме денеска не ви е крив ВМРО-ДПМНЕ, Либералната партија и ДПА која ја водеа државата до 15 септември, туку сами сте криви со својата политика за која зборував на комплетното деинвестирање, на комплетно застрашување и на тоталитаризам и плус прво што реков, безбедноста за кои се одговорни, ДУИ треба да си ја преземе. Значи, политиката за која овде се зборуваше дека заради ВМРО-ДПМНЕ и неговите коалициони

партнери штедите и заради него ја стабилизирате Република Македонија, јасно треба да се промовира во обратна теза. Република Македонија, значи Буџетот, установите, многу фирми и многу приватни граѓани не штедат и не се стабилизираат заради политиката на претходната Влада, туку од печалбите што ги имале во претходната Влада денеска сеуште живеат. И тоа е тема за која секогаш ќе разговарам, резултатите на претходната влада, резултатите што се направени до 15 септевмри. Во таа насока вие грешните критики можете да ги сфатите како што сакате, меѓутоа јас уште еднаш ќе потенцирам, првиот дел за безбедноста ви го сугерирам навистина како загрижен граѓанин за индината на Република Македонија, дека дел од Охридскиот договор конечно мора да си ја преземе другата страна, тоа се ОНА, односно ДУИ и Меѓународната заедница. Тука не ја критикувам Меѓународната заедница, меѓутоа, таа активно учествуваше во тој договор. Значи, првиот дел на безбедноста и тие работи што идат со безбедноста, мислам тоа апсолутно не е критика на вас. Вие живеете во историскиот проблем кој ние го имаме и секој македонец го има и сигурно нема брзо да се реши. Меѓутоа, вие сте тие кои сега треба да го креирате тоа. Значи, делот на стабилизцијата по безбедноста ја прифаќам како термин и вие треба да си го направите чекорот за подобрување на ситуацијата, делот за економијата апсолутно не можам да го прифатам како стабилизација после резултатот на оваа Влада. Можам да ви сугерирам ако сакате да прифатите нешто, ако несакате, не. Јас ви гарантирам дека ако продолжите со ваквата политика на деинвестирање и преплашување на економијата, ние во март, или април веќе нема да имаме економија во нашата држава. Негативниот тренд кој сега се случува во Република Македонија ќе има уште негативни полседици уште неколку месеци. Меѓутоа, на вас ви треба радикална промена ако сакате нешто после тие неколку месеци да тргнеме напред, радикална промена во смисла на комплетна либерализација во економијата. Незнам дали ќе ја направите Република Македонија од типот на Кипар, дали ќе ја направите Република Македонија од типот на Тајван, или зборувам како слободни царински зони, дали ќе одите со некоја мерка амнестија, сите инвеститори што ќе влезат во Република Македонија да не им се бара потеклото на пари. Меѓутоа, на вас ви треба некоја радикална мерка. Инаку, јас ве уверувам дека ние многу тешко завршуваме со овој економски тренд. Впрочем, во таа насока јас со жалење можам да констатирам дека понекогаш добивам сатисфакција кога гледам каде оди македонската економија, меѓутоа ве уверувам дека живеам со луѓе кои секој ден доаѓаат кај нас во партијата, или доаѓаат, лично ме среќаваат кои едноставно плачат од оваа ситуација.

Она што го гледам во економијата, освен еден податок за пораст на индустриското производство за кое многу се зборуваше дека е тоа резултат само на

четири фирми, што значи дека едвај пет илјади вработени се опфатени од тоа зголемување, а сето друго е катастрофа, значи ние имаме една ситуација на пред катастрофа. Направете нешто за потоа никој да не ви биде крив и да не ви биде пак криво ВМРО-ДПМНЕ, ЛП и ДПА, за ситуацијата во која се наоѓаме.

Почитувани пратеници, министри, тоа е она што сакав да го кажам по оваа тема. Верувам дека ова ќе биде убава пракса секоја година да разговараме на еден ваков начин за општите состојби во државата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува г-дин Иван Стоиљковиќ.

ИВАН СТОИЉКОВИЌ:

Повод за моето јавување во врска со излагањето на г-динот Ѓеоргиевски, пред се лежи во фактот што во изминатите неколку месеци во РМ можеме да слушнеме, и од политичари од власта и од политичари во опозицијата дека Косово и Метохија е независна држава, што е првиот пристап кој во последно време провејува во Македонија. И тврдењето на г-динот Герогиевски одеше во таа смисла дека после две ипол години Косово и Метохија ќе биде независно. Тоа е првата работа.

Второ, во вашето излагање, г-дин Георгиевски, а не само вие, туку и дел од претставниците на Владата се повеќе избегнуваат да зборуваат за Резолуцијата 1244, како единствен релевантно-правен документ кој ја определува судбината на Косово и Метохија. Значи, станува збор за две работи, за кои сметам дека имам потполно морално право, барем во најмала мерка, рамноправно со другите овде, да ги расправам.

Како простор кој се отвори да можам да разговарам за овие работи, беше вашата изјава пред некоку дена, на една ТВ емисија, кога посочивте дека премиерот на Србија ви покажал кои се спорните точки од кои ќе биде нападната РМ во 2001 година и на тој начин директно отворил две прашања.

Првото прашање е со каква одбранбена и безбедносна способност располага РМ. Тоа не би го коментирал.

Вториот аспект кој е многу важен, за мене лично како претседател на Демократската партија на Србите во Македонија, е пристапот на Република Србија кон Република Македонија, односно апсолутно пријателскиот пристап и поддршката на територијалниот интегритет и суверенитет на Република Србија кон Република Македонија.

Ако ги имаме предвид двете тези и ако го имаме предвид онесувањето на Владата на Република Србија, можеме сосема оправдано да поставиме неколку прашања:

Првото прашање би било, кој, тоа, има право Косово и Метохија да го прогласи за независно, без согласност на надлежните органи на Република Србија. Значи, влегуваме во шема на тргување со туѓи интереси односно влегуваме во шема да разговараме за нешто што не е внатрешна работа на РМ.

Второ, ако ги погледнете документите на НАТО, посебно Прашката Агенда, која говори за создавање на мултиетнички општества тогаш сосема оправдано се

поставува прашањето, како можеме да градиме мултиетничко општество во РМ, а истото тоа да не важи за Косово и Метохија.Тука посебно се вклопува и пристапот на Меѓународната заедница, значи стандарди па статус, од една страна и од друга страна, да не заборавиме дека стандардите значат и враќање на 300 илјади бегалци, не само од српската национална заедница, туку и од другите заедници, на подрачјето на Косово и Македонија.

Значи, она што ни се сллучи 2001 година, кога се обидовме во 2000-та и 2001 година да тргуваме со туѓите интереси, значи да тргуваме со туѓи интереси за туѓа територија, мислам дека треба да биде поука тоа да не ни се случи и во наредниот период.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дин Љубчо Георгиевски, повелете.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Мислам дека има изместување на тезите.

Прво кога зборувам јас за Косово и Метохија и независноста која таму ќе се случи и финалниот статус, за кој се зборува често, не прејудицирам мој став дека Косово и Метохија треба да биде независно, туку ви кажувам каква е атмосверата во целата Меѓународна заедница. Во тој правец, Вие ги гледате изјавите секој ден, Еве, и пред три четири дена имаше изјави на Дорис Пак, на еден американски преставник итн. Сега тоа е комплицирано прашање и не сакам многу да го елаборирам. Меѓутоа, тука е проблемот, замижуваме ли пред фактите или не замижуваме. Факт е дека целата меѓународна заедница односно она што е фактор, ја тера работата кон финален статус, а тоа значи независно Косово. За тоа се свесни многу српски политичари, и јас на таа тема сум зборувал со многу српски политичари.

Второто, јас тука не прејудицирам став, туку зборувам за нешто што најверојатно ќе се случи, а ние како земја треба да се подготвиме. Во тој правец ќе ве потсетам дека во еден мој спорен текст напишав дека токму РМ заедно со Република Србија треба да изгради заедничка стратегија кон идниот финален статус за Косово.

Трето, да не испаѓам сега поголем србин од србинот, ќе ве потсетам дека најмалку пет пати сум зборувал дека на Косово се случува етничко чистење, под закрила на некои меѓународни фактори. Тоа се мои зборови напишани во текстови. Јас би бил пресреќен, ако на Косово се изгради мултиетничко Косово. Тоа значи и ние ќе имаме поголема сабилност. Меѓутоа, тоа очигледно не се случува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали има друга реплика? (Нема)

Одиме понатаму.

За збор се јави г-динот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитувана госпоѓо потпретседателке, почитувани пратеници, почитувани министри.

Со огед на фактот што сите сме уморни, ќе се обидам да бидам краток.

Денес, после една година од работата на Владата и по експозето на премиерот, наместо да се дадат бројки и факти што би служеле како аргумент, затоа што го има направено оваа Влада, ние од самиот премиер и неговите истомисленици сллушнавме празни реченици во стилот дека сме оптимисти, повеќе од кога и да е, за иднината. Доколку ги имаме предвид правилата на игра, тогаш треба да знаеме една работа а тоа е дека, без да се има критичен  пристап кон минатато, колку и тешко да беше тоа, не може да се оди напре. Меѓутоа, ова од напред треба да се направи со платформи и проекти кои никој од нас не успеа да ги слушне. Значи никој не знаее кои се тие проекти и врз што го базира својот оптимизам премиерот и луѓето кои него го опкружуваат. Граѓаните кои го следат преку телевизиски екрани овој циркус, со право очекуваат да си оди целата Владал. Тие и ние заедно останавме разочарани од рефератот, од комунистички тип, на Црвенковски, затоа што од него очекувавме јавно да признае дека згрешиле во текот на едногодишната работа на коалицијата СДСМ, ДУИ и ЛДП и дека тие грешки ќе ги корегира во блиска иднина со тоа што ќе понуди краткорочни, среднорочни и долгорочни програми и проекти со што ќе се обезбеди економски напредок, да се обезбеди социјална благосостојба со вработување најмалку еден член на семејство во РМ, со оглед на фактот што тоа го вети во текот на кампањата, да се придонесе кон подобрување на животниот стандард на граните, да дадат гаранција за потполна имплементација на Рамковниот договор, да гарантираат етничка еднаквост во државата, да се гарантира официјално потреба на албанскиот јазик, да се гарантира правична и соодветна застапеност на албанците во системот, да се напраив територијална поделба и децентрализација на власта, да се создаде слобода на движење за сите граѓани и да имаат економски развој во земјата, да се почитува амнестијата за сите припадници на поранешната она и да се направи ресоцијализација на сите припадници на ОНА. За жал, се она што го спомнав се

остави на заборав и место тоа се случува нешто друго, што со јазикот на народот се нарекува од назад. Значи како резултат на владеењето на Ахмети, Црвенковски и Пенов, се покажа како неуспех во сите области на животот. Ова се случува затоа што многу договори и проекти кои ја воделе Македонија напред, се заменети со сценарија на оваа Влада кои произведуваат само скандали и ништо друго. Во Македонија нема безбедност, нема ниту мир, затоа што Владата демонстрира безбедност со тоа што ги напаѓа албанските населени места. случајот со Брест јасно покажува тероризирачки став на оваа Влада, од населението. Во името на, наводната војна, против криминалот тука беа убиени двајца малолетници албанци, а ДУИ и натаму молчи. Дали има нешто полошо кога криминалот и другите девијантни појави го достигнале плафонот и  вие сте по лов на вештерки.

Во Македонија нема економски прогрес, нема странски инвестиции, нема социјална благосостојба. Така нареченот бранков закон не даде резултати туку само ја зголеми невработеноста и тоа беше голем неуспех на Црвенковски.

Владината тројка не го спроведува Рамковниот договор туку спроведува  еден друг срамен договор што го направивте вие во Владата. Законот за државјанство е најголемото  сведоштво за тоа што се направи со договорот во Охрид, па албанскиот фактор во оваа коалиција ги затвори своите очи и уши и се прави како ништо да не се случува.

За застапеноста на албанците во амдинистрацијата воопшто не се говори. Еднаквоста на албанците никаде не се гледа. Албанскиот јазик е сведен на ниво на пазарење меѓу Црвенковски и Ахмети и ова колективно право сега е сведено на индивидуално право. Значи албанците од сега натаму, нивниот јазик не можат да го користат на секаде каде што тоа е предвидено со Устав, затоа што така одлучила Владата. Нема територијална поделба затоа што за ова се грижат сегашните властодршци, барајќи можност да ги оставаат на страна албанците и за нивно гетоизирање, а децентрализацијата на власта и натаму  останува во залог на сегашните властодршци, кои немаат храброст реално да ја видат ситуацијата на тие терени. Денес сите граѓани немаат еднаква слобода на движење во пограничниот регион, благодарение на вазалитетот на албанскиот партнер во Владата. Денес одредена територија е во целосен полициски карантин. Овој полициски карантин со чисто македонски полицајци околу населено место со албанци, точно ја кажува положбата што ДУИ ја има во Владата на Црвенкоски.

Ништо не е направено околу кризните региони затоа што оваа Влада сака да го порзи кревањето на албанците. Коалициониот партнер на Црвенковски, си зема за

право да говори во име на борците на ОНА, со што беа добиени изборите на 15 септември. Верувајте дека 15 септември никогаш нема да се повтори. Разбудете се од сонот што ве има обземено. Размислете за луѓето кои не можат да се движат слободно. Тоа се припадниците на поранешната ОНА за кои Владата не го спроведува Закон за амнестија. Меѓутоа, во една работа во убедувам. Симпатијата од народот ја изгубивте, меѓутоа, ја зголемувате симпатијата кај Црвенковски затоа што ресоцијализацијата на припадниците на ОНА се решава со Законот за припадниците на вооружените сили. Ова е моделот што ни го нуди Владата за помирување и разбирање меѓу македонците и албанците.

Понудивте и реконструкција како покритие за поразот и за изгубените надежи, Трансфер на фудбалерите се прави со дозвола на домаќинот, а тука се прави со дозвола и со средства на Владата. Сегашната изменета Влада е подготвена да го погоди автоголот на големиот пораст.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме натаму.

Слободан Даневски е пријавен, меѓутоа не е присутен. Понатаму Блаже Стојаноски, се откажува.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Госпоѓо потпретседател, членови на Владата, колеги пратеници,

Ќе се потрудам да бидам и конструктивен и краток и да не одам во свери ки веќе три дена беа обработувани. Едноствно, сакам да бидам на некој начин и конструктивен и неки работи, барем мене штоми останаа нејасни, да ги демистифицирам.

Прво, што би кажал е за што се работи на оваа 42 седница.

Мислам дека овде имаме недефиниран систем во кој постои избегнување од страна на Владата да се зборува за самиот извештај на Владата што го промовираше како нов трансапрентен отчет пред јавноста. Не е транспарентен, затоа што едноставно овој извештај нема да биде доставен до самата јавност, преку самото собрание каде што дискутираме. Би рекол дека повеќе се работи за одредена кадровска смена која повеќе е резултат на една политичка борба која постои внатре во коалицијата и купување на време, отколку на некои други реални работи. Врз база на ова јас би почнал со самиот извештај.

Она што би си запрашал и што би ја запрашал Владата е дали овој извештај кој беше пласиран,да не кажувам како е напишан и што е напишано, дали него некој

во Владата воопшто го рецензирал, дали проверил , овие податоци што се внатре во извештајот, се точни. Како најмеродавно и не би го гњавел многу аудиториумот, се на пример Министерството за здравство и реализираните проекти и програмски активности во тек на 2003 година. И овде ако почнам сега сите да ги читам, јас неверојатно сум изненаден и шоќиран, како работи кои во мојот мандат сум ги завршил, сега се презентирани како активности во 2003 година. Еве еден пример вели: "изработен регистер на целокупната медицинска опрема со податоци за нејзината исправност, функционалност инт.Овде да имавме видео бим ќе ги презентирав како тој проект е завршен и стечајноста на неговото отворање и благодарноста на сите учесници кои го направиле. Така продолжуваме со 8 точки кои сите се завршени. Мислам дека Владата, или нема увид што се работи во нејзините министерства, ли некој тенденциозно прави извештај кој извештај треба да ги напумпа работите дека се добри и иделани. Не се осмелував да навлегувам во другите делови од извештајот, претпоставувам, ако е ова урнек дека целиот извештај е многу, не лош, јас не се ниосудувам да кажам или да го оквалификувам со зборови што мислам дека ќе бидат погрдни.

Овој извештај Владата едноставно да си го врати назад, тој извештај да го рецензира и да види што реално имаме во овој извештај. Верувам дека овој извештај драстично ќе се намали, затоа што голем број на податоците кои што тука постојат не се точни. И тоа е на некој начин замолница до Владата. Не е во ред, нешто што го воведуваме како нетранспарентна политика да го почнеме со нешто што е сосема наопаку направено.

Понатаму би се осврнал на неколку други елементи од самото експозе на премиерот, а тоа е дали има негативни резултати, или резултатите се позитивни. Очигледно е позицијата наметнува една ситуација дека резултатите се позитивни, меѓутоа, ќе оставиме и позицијата и опозицијата овде на страна очигледно, а резултатите така позитивни народот ќе ги оцени, меѓутоа, народот ги цени преку оние состојби кои што се од негов витален егзенстицијален интерес. Моите сознанија се дека се тие крајно неповолни и негативни. Ако во експозето стоиме на ставот дека е тоа позитивно и дека оди добро, тоа значи дека повторно се покриваме без разлика на некои тривијални ситуации на самокритика, со одговори од типот дали ќе ме прашате ова, па да или не, меѓутоа, покривањето на ситуацијата која е крајно негативна за мене со позитивни резултати е повторно покривање, маскирање на ситуацијата, не идентификување на проблемите кои што пробеми треба да бидат решени да можеме да одиме како држава напред. Во оваа реалност

на Владата да не бидам крајно негативен, има и позиртивни некои елементи, меѓутоа, генерално, ако одиме по сите сектори ќе имаме по мои сфаќања назадување. Онаму каде што најтранспарентно на некој начин и најблиску и со ставовите на ВМРО-ДПМНЕ, сме во приближувањето кон НАТО-пактот. Таа работа беше започната од ВМРО-ДПМНЕ, целта е дефинирано јасна, очигледно постои јасна траса по која се оди, без разлика што постои во некои сегменти понос, во некои сегменти постојат потешкотии, меѓутоа, очигледно, правецот е добар и ние како опозиција во секој случај се согласуваме со тој правец и го поддржуваме. Меѓутоа, во сите други сфери на живеењето очигледно, имаме назадување и тоа назадување неправилно идентификувано за мене е грев према народот, затоа што нема да ни даде никаков предуслов реално да пријдеме кон проблемите и тие проблеми на најреален начин понатаму да продолжиме да ги решаваме. Во тој контекст околу што многу се спореше овде, односно со Рамковниот договор. Рамковниот договор е донесен, овде сите партии што се внатре, очигледно стојат зад него. Неможе некој да каже повеќе или помалку. Она што мене ми смета лично е што одредени сегменти од Рамковниот договор, не се согледуваат на прав начин, односно нагласеноста на нивниот приоритет, кој се нагласува во самиот Рамковен договор, не се спроведува, а тоа е враќањето на бегалците, санирањето на нивните домови и ред други работи, кои што претставуваат основен предуслов за стабилизација во тој сегмент.

Од друга страна, во Рамковниот договор, претпоставувам дека е тоа политички договор, а тука Уставниот суд треба дефинитивно да го каже својот збор, доколку е Уставен суд, тоа е Законот за високо образование, каде што со законска форма треба да се легализира една институција која што ги поминуваше фазите од приватна забава па незман понатаму на што.

Владата имаше можност и мерки и во согласност со Рамковниот договор да легализира одредени институции да ги финансира и тоа не би било ништо спорно. Она што се направи како закон е практично во нормите кои беа поставени и од Рамковниот договор, меѓутоа се вон нормите кои се поставени во нашиот Устав. Понатаму што би кажал е една ситуација која што е многу честа за Македонија, а тоа е дека во одреден сегмент имаме јасно позиционирање на три сегменти во друштвото, што за одредени земји по дефиниција би биле наречени на многу лош начин, јас тој збор не сакам ни да го изговорам, а та е кога на иста страна или во исти рог дуваат власта, синдикатите и судството, тогаш би го прашал господинот Јордан до каде се слободите и слободата во една земја, или е тоа некој друг

принцип на функционирање на државата, што е многу опасен, од типот на централно-американчките земји. Мислам дека тука посебно внимание треба да се обрне и на јавноста и на Владата.

И понатаму, што сакам да кажам во врска со експозето, мене ми е мило што таму беа наброени желби во смисла дека ќе се направи електричната турбина и ред други проекти, кои заслужуваат внимание и тоа е се во ред. Меѓутоа, никаде не може да се демистифицира и да се пронајде која методологија и по кој принцип ќе дојде до ослободување на разни механизми, кои што како замерка постојат, односно до реален економски амбиент кој може сето тоа да го овозможи. Очигледно и во експозето тоа е крајно инсуфициентно и таа инсуфициентност ако продолжи да не следи јас едноставно, не верувам дека ќе дојде до реализирање на било какви проекти.

И на крајот би сакал уште една работа, која што ја сметам како крајно сериозна, на некој начин и лично до премиерот, затоа што овде на говорницата премиерот излезе со ветување пред јавноста дека за следната година ќе обезбеди плус 200 милиони долари нови инвестиции. За да биде јасна работата и да не се спориме за година дена, треба да биде јасно на кои инвестиции мисли, затао што во земјата постојат буџетски инвестиции, постојат приватни инвестиции од приватни домашни инвеститори, постојат и странски инвестиции, инвестиции врз база на продажба на одредени сегменти во нашата земја и ако сето тоа го направиме вкупните инвестиции секогаше се околу 600 до 700 милиони. Дали ветувањето е 200 милиони долари директни странски инвестиции, плус од оваа година. И со тоа би завршил. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, има уште двајца пријавени, но не ги гледам во салата, господин Ѓорѓи Трендафилов и господин Спиро Мавровски.

(Се откажуваат од дискусија)

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Со оглед на тоа што веќе нема дискутанти, јас би сакал да го кажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, т.е. како ќе гласаат по оваа точка. Нашиот став е непроменет. Имено, со оглед на тоа што премиерот на Владата на Република Македонија во изминатата година има перманентни неуспеси во сите сфери од работењето на Владата на Република Македонија, што се обидовме да го кажеме и

во нашите дискусии, според тоа, ние бевме за оставка на Владата на Република Македонија и поради тоа ќе бидеме воздржани при гласањето на министрите во новата Влада на Република Македониа.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, доколку никој не бара збор, го заклучувам претресот и јас би замолила за 5-минутна кратка пауза, но да останеме на местата, за да почекам сепак да дојдат кандидатите за министри и да се подготвиме за свечената процедура.

Јас ги молам сите колеги да влезат во салата. Ќе ве молам, сите колеги пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата, за да пристапиме кон гласање.

Почитувани колеги, почитуван претседателе на Влада, почитувани министри, преминуваме на гласање.

Предлогот Ицет Мемети да биде избран за министер кој ќе раководи со Министерството за правда, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 72 пратеници, сите 72 гласале за.

Констатирам дека Ицет Мемети е избран за министер кој ќе раководи со Министерството за правда.Ви честитам.

Предлогот Стефче Јакимовски да биде избран за министер кој ќе раководи со Министерството за економија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пратеник, сите 71 пратеник гласале за.

Констатирам дека Стефче Јакимовски е избран за министер, кој ќе раководи со Министерството за економија. Му честитам.

Предлогот м-р Никола Поповски, да биде избран за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пратеник, сите 71 гласале за.(Аплауз)

Констатирам дека м-р Никола Поповски е избран за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии. Му честитам.

Предлогот м-р Агрон Буџаку, да биде избран за министер кој ќе раководи со Министерството за транспорт и врски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пратеник, сите 71 пратеник гласале за.

Констатирам дека м-р Агрон Буџаку е избран за министер кој ќе раководи со Министерството за транспорт и врски. Му честитам. (Аплауз)

Ги молам избраните министри да дадат свечена изјава. Свечената изјава молам да биде поделена и ве молам сите да станеме. Се чите свечената изјава.

"Изјавувам дека функцијата министер на Република Македонија, ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија".

Ве молам да ги потпишите свечените изјави.

На избраните министри на Владата на Република Македонија им го честитам изборот и им посакувам успех во работата за доброто на Република Македонија и на сите нејзини граѓани.

Согласно со член 89 став 5 од Уставот на Република Македонија, функцијата министер е неспоива со вршење на други јавни функции.

Констатирам дека со изборот на Никола Поповски, за министер за финансии му престанува функцијата претседател на Собранието на Република Македонија.

Со изборот на Агрон Буџаку за избор за министер за транспорт и врски, му престанува функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија. А со изборот на Иџет Мемети за министер за правда, му престанува фукнција судија на Уставниот суд на Република Македонија и со изборот на Стефче Јакимовски за министер за економија, му престанува функцијата градоначалник на општина Карпош.

Согласно со член 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, констатирам дека со изборот на Никола Поповски и Агрон Буџаку за министри им престанува функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија. Бидејќи овие пратеници беа избрани од листи на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатите од овие листи на кои треба да им се верифицира мандатот за пратеник, согласно со член 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Честити празници  на сите.

(Седницата заврши во 21,45 часот).